СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 52-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.ОДРЖАНА НА 5 СЕПТЕМВРИ 1996 ГОДИНА**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - стр,7
2  АБДИ ФАИК – 3
3. АНДОВ СТОЈАН – 147
4. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО - 15
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 92
6. БАЈРАМ АМБДИ - 49
7. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР -84, 89
9. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 50
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 70, 73, 146
11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 132,136,137,138,143
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 19, 26
13. МЕШКОВ ЉУПЧО – 78
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 10, 147, 149, 150, 151, 155, 161
15. ПОПОВСКИ ВЛАДО – 62, 65, 110, 115, 155
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 40, 42
17. РАМАДАНИ ХИСЕН - 47, 49
18. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 27
19. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 35
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 37
21. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 38, 121, 128
22. СТОЈАНОВСКИ Т0МИСЛАВ - 43, 115, 120, 163
23. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 52, 61
24. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 54, 56
25. СТАНКОВСКИ БОРИС - 144
26. ТАИРИ МЕЊАН - 9, 130
27. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 26
28. УНКОВСКИ СЛОБОДАН - 58
29. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ
30. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 14, 144
31. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 2
32. ШАПУРИК ЗОРАН - 33, 96, 97, 103, 113, 114, 148

т.11-стр.1(лекови и медицин. помагала)
т.12-Закон за домување-стр.2
т.13-Заккн за банки и штеди-лници-стр10
т.14-Закон за социјална зашт. стр.11
т.15-Одлука-Статут,клинички цент.стр.12
т.16-Статут,Штип.стр.13
т.17-Закон за култ. Стр.13
т.18-Пред.на зак.за лок.изб.с.62

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од продолжението на Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 септември 1996 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници со почеток во 15,50 часот.

Со седницата претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Ве известувам дека пратениците Илинка Митрева, Никола Г. Поповски, Нано Ружин, Ванчо Чифлиганец, Нано Ружин и Алил Џафероски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по **точката 11** - Предлог за донесување на закон за лековите, помошните лековите средства и медицинските помагала.

Претресот го заклучив и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за лековите,помошните лековити средства и медицински помагала.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправат на седниците на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието да се доставaт до Владата на Република Македонија и Министерството за здарвство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 12** - Предлог за донесување на закон за домување.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јорго Шундовски, министер за урбанизам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес пред нас се наоѓа Предлогот на закон за домување, еден од многу битните закони, закон кој прагматики ја уредува сферата на домувањето, или на станбениот простор. Моето уводно излагање би сакал да го започнам со дефиницијата за стан. Што е тоа дом?

Вкупноста на просториите наменети за домување кои сочинуваат една просторна целина, а имаат свој заеднички издвоен влез се нарекува стан.

Нема сопственик на стан во Републиката кој со овој закон за домување нема директно да биде тангиран во поглед на користењето

на станот, во поглед на одржувањето на станот и во поглед за можностите за идните преправки, поправки и адаптации на станот.

Инаку последниот и моментален закон со кој е регулирана оваа, една од најважните сфери, домувањето е донесен во далечната 1975 година како закон за станбени односи и се разбира повеќе пати до)-денес е изменуван и пополнуван, а во многу негови поглавја е и конфликтен со денешниот устав. Меѓутоа, новите односи во стопанството и во општеството воопшто наметнаа нов пристап во решавање на проблемите во станбената област. Поради тоа неопходно е создавање на нормативно - правни основи со што ќе се обезбеди прилагодување на станбените односи кон изменетите општествени - економски услови.

Правците на новите промени јасно и недвосмислено се за обезбедување и воведување на економски критериуми и во станбената област.

Остварувањето на промените во станбената област претпоставува преземање на усогласени мерки со сите субјекти заради воведување на пазарно сопственичко правни односи. Тоа подразбира промет со станови и згради, нов начин на договорни односи, за купудавците станбени односи, управување со становите и станбените згради.

Со Уставот на Република Македонија определено дека се напушта станарското право како трајно и загарантирано право, неопходно е и трансформација на станарското право во договорен однос помеѓу сопственикот и закупувачот на станот. Поради тоа со законот за домување се уредуваат сите прашања што се од интерес за уредување на правните односи во станбената област.

Со законот за домување се определува:

1. Граѓанинот сам да го решава своето станбено прашање;

2. Државата да се ангажира во решавањето на станбените потреби за социјално загрозените лица.

3. Станарското право да се трансформира во договорен однос.

4. Одржувањето на станбениот фонд да биде грижа на самите сопственици. Усогласувањето и решавањето на станбените потреби со реалните материјални можности е петто поглавје.

5. Воспоставувањето на пазарни односи со доведување во еднаква положба на граѓаните е принцип кој во законот провејува во сите негови делови.

На крајот да кажам и тоа дека како голема новина на овој закон е и тоа да од донесувањето на овој закон па натаму ќе егзистира можноста за вршење на преправки и адаптации и пренамени на зградите посебно во заедничките простори и делови на станбените згради.

Ако содржински го посматраме Законот за домување ќе го констатираме следното:

Во него има пет клучни поглавја и тоа прво од користењето на становите поделено во три меѓупоглавја, и тоа

прво, користење на државни станови;

користење на станови во сопственост на правни лица и

користење на станови на физички лица.

Сите овие поглавја ја уредуваат оваа материја од моментот на склучување на договор па се до напуштање на станот, разработувајќи ги сите можно опции кои во меѓупериодот на користење на станот можат да се појават. Притоа, заштитувајќи го правото на закупувачот, а и одредувајќи ги правата и обврските на закуподавецот.

Во второто поглавје се отвара можност за нови станбени фондови, или можност за идно финансирање во станбената изградба. Тука пред се

се отвораат можностите за буџетско финансирање во станбената изградба, посебно кај државните станови и социјалните станови; можности за отварање на фондови по пат на донации, кредити и слично, а исто така и можност кај повеќе правни лица да основаат свои фондови и притоа да имаат одредени бенефиции во даночната политика.

Трето поглавје е одржувањето на становите. Тука е поделено повторно на две потпоглавја.

Првото е инвестиционо одржување а второто е тековно одржување.

Делот на инвестиционото одржување е обврска на сопственикот на станот за прв пат во законот точно ги нормиравме кои се се активности и кои активи се инвестиционо одржување.

Во делот на тековното одржување исто ги нормиравме сите можни опции што е тоа тековно одржување и чија обврска е. Уште еднаш да напоменам дека исклучива обврска во тековното одржување е корисникот на станот.

Четвртото поглавје е исто така новина во овој закон. Тоа е одредување на домарска служба или лица кои ќе бидат задолжени да го водат инвестиционото и тековното одржување на станбените згради. Притоа давајќи ги сите права и обврски на истиот човек и на истото лице кои треба да ги има во текот на неговиот мандат. Се разбира, се напушта досегашниот начин на организирање на станарите преку куќен совет, форма која воопшто не егзистира, не функционираше затоа што правата и обврските беа колективни или не можеше да се одреди кој точно ја носи целата активност. Во иднина со одредувањето на домарската служба точно ќе се знае кој ги има тие права и обврски пред Законот.

Тука е дадена можност за врска помеѓу градскиот архитект неговите одредби кои ќе следуваат во единиците на локалната самоуправа и можноста истиот со свои правилници ги задолжува домарите да ги ставаат зградите во одредена функционална состојба и

во тековното одржување и во делот на инвестиционо одржување.

На крајот уште еднаш да кажам дека третото поглавје уште еднаш отвара можности за вршење на преправки, преадаптаии пренамена на зградите посебно на заедничките простории и делови на станбени згради, кое досега како материја не беше регулирана. Дадена е можност да во вонпроцесна постапка странките пред судот бараат одредување на целисходноста за нивната поправка, адаптација или пренамена на зградите, со што досега тоа право беше ускратено и на некој начин многу тешко се разрешуваа поодделни проблеми, посебно во заедничките делови на станбените згради. Тоа во иднина ќе б,иде можно се со цел да многу од колективните станбени згради кои сега се делимично руинирани, или скоро извадени вон употреба на сите овие заеднички делови или се наоѓаат во многу лоша состојба, тоа во идниот период преку своите служби, преку домарската служба преку сопствени иницијативи ги уредат и ги дооспособат станбените згради да изгледаат онака како што тоа треба и да биде.

Морам да кажам дека со овој закон се ослободуваат од плаќање оние лица кои се социјално загрозени или се дава можност тие да бидат ослободени од плаќање на станарина, или едноставно таа станарина ќе биде на терет на буџетот. Исклучиво повторувам за оние кои се социјално загрозени, кои имаат статус на социјално загрозени.

Компаративно овој закон со законите кои постојат во многу европски земји скоро е идентичен со некои држави кои имаат слични вакви закони. И да бидам искрен тоа го направивме и намерно се со цел да оваа проблематика ја регулираме онака како што во развиените држави тоа го прават веќе многу години station. Затоа денес овој закон се наоѓа пред вас.

На крајот би завршил со мислата на еден голем архитект Чекорбизие кој меѓу другото кажал: "Станот е многу битна категорија и многу/битна форма во која луѓето живеат. Целата човечка драма почнувајќи од неговото раѓање, живеење, па до умирањето се одвива точно во еден стан". Затоа ние денес предлагаме закон кој станот ќе го третира во едно добро сценарио, или на некој начин после тоа сценарио ќе излезе и една добра драма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитувани министри, излогов на говорница да кажам некои мои мисли по однос на предлогот за донесување на закон за домување. Добро е што е направен напор да се поднесе предлог за донесување на еден ваков закон, но моите гледања по однос на ова прашање ќе ги изложам по однос на две точки односно две прашања кои што министерот ги образложи, а опфатени во Предлогот аз донесување на закон.

Прашањето на инвестиционата изградба мислев дека претставува поглавје на кое ние треба да му посветевме посебно внимание. Тешко е да се биде челник односно работник во Службите особено во помалите општини, а претпоставувам и во поголемите, како што се општините од Скопје а да не се располага а да не се располага со одреден број станови за социјалните случаи. Ова го кажувам од причина што ние и во Уставот сме запишале дека Македонија како држава покрај другите карактеристики носи и карактеристики на социјална држава. Оттука се ангажирам и предлагам да во новиот закон, кој што ќе ја обработува оваа материја и натаму се задржува формирање на,фондови за изградба на станови за социјала. Тоа е многу битно прашање. Ние се бориме

стремиме да дојдеме до позиција да немаме случаи кога ќе се вклучат социјалните фондови, меѓутоа, колку и да се развиваме и натаму ќе има случаи кога ќе има интервенирање преку овие фондови. При ова дали ќе се задржиме на стариот систем, како што беше, иако јас морам да кажам дека тој систем во таа насока постигна одлични резултати. Работев во претпријатие каде што немавме можност сами како претпријатие да изградуваме станови за работниците во тоа време со ниски лични примања. Меѓутоа на овој начин преку тие станови успеавме доста голем број на прашања и да ги решиме. Верувајте сега многу е тешко за тие случаи. Имаме случаи на пензионери кои што се веќе изнемоштени, кои што поради икс причини дошле во состојба да немаат обезбедено стан има случаи поради други причини и помлади лица, кои што дури сега влегле во токовите на животот и исто така немаат можност да го решат овој проблем и оттаму се ангажирам и натаму да најдеме начин дали ќе биде тоа како што беше 4%, или ќе биде помалку тоа е работа на договор, работа на процени што можеме да направиме. Но сепак мислам дека тоа треба да го задржиме обавезно. Не ќе можеме да ги решиме проблемите.

По однос на прашањето што министерот рече дека се воведува домарската служба јас тоа го поздравувам и мислам дека е пат кој што веќе одамна го развиле западните земји. Примерот во Америка, јас не сум бил, меѓутоа сум слушал дека дава многу добри резултати. Бидејќи ние имаме состојби почесто во поголемите згради настануваат некои штети за кои треба да се чека претпријатијата да ги отстрануваат а во случајот домарот односно одговорниот во зградата ги решава проблемите без станарите да имаат проблеми.

Ова беа двете прашања за кои се ангажирам да бидат поддржани во предлог законот

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, слично како и мојот колега јас упатувам едно прашање во врска со доделувањето односно за фондот на становите во сопственост на Републиката и на општините.

Имено, како што е познато после осамостојувањето на Републиката ги презеде и како републички е целиот станбен фонд со што располага Републиката, вклучувајќи ги и становите кои што пред одредено време беа сопственост на општините. Тука се предвидува, односно во Законот е предвидено општините, односно градот Скопје да може под одредени услови да врши издавање на станови под закуп, но во моментот познато е дека ниедна општина, односно ниедна единица на локалната самоуправа немаат таков фонд, односно целиот тој станбен фонд е преземен,, дел е оставен како сопственост на Републиката, а еден дел се отуѓува преку приватизацијата.

Сметам дека е потребно со овој закон да се предвиди и дел од станбениот фонд со што располага Републиката да може во делбениот биланс да им припаѓа на општините, со што и општините ќе имаат одреден фонд, неопходен за да ги задоволуваат минимално овие потреби. Инаку на вакво начин основање на фондови по општините и во градот Скопје, во случај кога општините и градот сметам дека ќе имаат ограничени стопански можности нема да функционира и се ова ќе остане само како добра желба.

Сметам дека предлагачот би можел да направи еден обид да изнајде начин и на општините преку овој, или преку другите закони да им припадна дел од станбениот фонд со кој што располага во моментот Републиката.

II/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за домување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата и забелешките од расправата на седницата на Собранието, да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? )Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 13** - Барање за давање на автентично толкување на член 131-6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците "Службен весник на Република Македонија" број 17 од 1996 година поднесен до Комерцијална банка Акционерско друштво Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

II/3.-

Отворам претрес .

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 131-6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците "Службен весник на Република Македонија" број 17 од 1996 година поднесен до Комерцијална банка - Акционерско друштво Скопје, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештаите на ЗПК да се достави до Комерцијална банка - Акционерско друштво Скопје.

Кој е за предложениот заклучок,молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точката 14** - Барање за давање автентично толкување на членовите 38-ѓ, 38-ж и 39-а од Законот за социјална заштита "Службен весник на СРМ" број 9 од 1978 година, 43 од 1978, 35 од 1985 и 17 од 1991 и "Службен весник на РМ" број 38 од 1991 и 14 од 1995 поднесено од Компанијата ЗИП Д00 Скопје.

Барањето и извештаите на ЗПК ВИ се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

II/4.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членовите 38-ѓ, 38-ж и 39-а од Законот за социјална заштита "Службен весник на СРМ" број 9/78,43/78, 35/85 и 17/91 и "Службен весник на РМ" број 38(91 и 14/95 поднесено од Компанијата ЗИП Д00 Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во извештајот на ЗПК на Собранието.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до Компанијата ЗИП Д00 Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>точката 15</u>** - <u>Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Клинички центар Скопје.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Клинички центар Скопје.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

Предлогот на Одлуката, извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали некој има против? (Не)

Дали некој се воздржува до гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

Минуваме на **точката 17** - Информација за актуелните состојби и проблеми во сферата на културата во Република Македонија.

Информацијата и извештаите на Комисијата за култура Ви се доставени односно поделени.

Комисијата предлага да погледаме еден документарен филм во врска со точката на дневниот ред.

Јас ве поканувам во сала 2 да го погледаме документарниот филм и потоа се враќаме во салата на расправа.

II/6.-

Продолжуваме со работа.

После ова уводно излагање на министерот за култура г-дин Унковски, верувам дека имате целосен впечаток барем за она што ни беше прикажано.

Отворам расправа по информацијата за состојбите во културата.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, после овој ТВ филм снимен од Министерството за култура мислам дека можеме да разговараме многу емотивно. Рационалното не може да биде присутно на оваа говорница. За културата, за проблемите од културата Можат седници и седници да се употребат, но овој шок што го доживеавме филмот што го гледавме би можел да го сублимирам само во две реченици. Колеги пратеници секој човек има два образа. Од нашите предци ние добивме сега еден голем шамар. Ни остана уште едниот образ. Тој еден образ што го имавме кога максимално да си го зачуваме со сета наша одговорност од оваа говорница да се направат сите усилби и од државата и она што можеме ние да помогнеме. Ние видовме дека во почетокот на филмот имав една импресија дека државата е се крива што е вака. Ова не е вака од вчера или од пред две-три години. Ова е со години наназад. Од друга страна, има еден против тег каде што човечкиот фактор во 90% е актуелен. Мислам се јавив за збор само толку колку јас да си олеснам на душата дека навистина ова е загрижувачки и се надевам дека и Владата ќе изнајде вонредни мерки, кога велам вонредни мерки, тоа се парите колку толку ние да ја ублажиме состојбата, бидејќи естетски хаос владее, се она што го видовме се случува низ Македонија, а веројатно има и многу уште други села и градови кои не се опфатени со овој филм, состојбата е сигурно така трагична што мораме нешто самите, кога велам самите никој не може да ме убеди дека две салонитки не може да се најде и да се заштита некој

објект и самата иницијатива да тргнува од нас, ние сме претставници од целата наша држава и мислам дека сите ќе се вратиме назад во своите градови со една голема мачнина.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, сигурно после читањето на информацијата и после гледањето на филмот за состојбата во културата можеби е излишно да се зборува, меѓутоа, сепак јас имам свои размислувања околу севкупната состојба во културата.

Културата е исклучително значајна за афирмација духовните достигнувања на еден народ и за зачувување на идентитетот и самобитноста, поради што е неопходен постојан развој на творештвото, културните институции и манифестациите на национален интерес. Затоа државата треба да обезбеди услови за нормално функционирање на истата.

Во вторите парламентарни избори и по изборот на одделни пратеници заинтересирани за состојбите во културата, за првпат е формирана Комисија за култура, а дотогаш културата беше заедно со Комисијата за образование и наука. Комисијата за култура што секако даваше надеж дека во овој Парламент повеќе ќе се разговара за културата. Сметам дека притисокот што го изврши Комисијата на своевиден начин вроди со плод и како резултат на тоа ние ја разгледуваме информацијата која што е тема на денешната расправа. Дека Комисијата беше таа што во голема мера придонесе да расправаме за културата, т.е. за состојбата во неа зборува и фактот што покрај редовните седници таа одржа и пет средби со претставници од дејностите од областа на културата каде непосредно до таканаречените давачи на културата се изнесоа, односно сакаше да се слушне гласот од нив и да се изнесат нивните ставови

за се она што понатаму со културата и што понатаму со законската регулатива. Кога Република Македонија се стекна со својата независност нормално беше да очекуваме донесување на закони соодветни на новиот политички и економски систем. Но непримерно е за време од б години македонскиот парламент да не расправа за културата во државата. Или со други зборови откога Република Македонија стана самостојна држава културата од политичките пазарења стана монета за поткусурување, а во државните приоритети маргинална сфера. Притоа државата се гордееше а заедно со неа и сите ние кога ќе се постигнеше некој меѓународен успех во оваа прилика би го потенцирал само примерот со филмот "Пред дождот" на Милчо Манчевски.

А сега поконкретно би кажал нешто во врска со самата информација. Имено, во целост се согласувам со констатацијата дека културата претставува израз и потврда на идентитетот на секоја држава. Како во државно - правна смисла со што се одредуваат и самите координати на секоја држава во комуникацијата со современите светски и цивилизациски текови, како и партиципацијата во меѓународната културна соработка.

Информацијата сметам дека е конструктивна, сеопфатна и смела. Ја отсликува целокупната состојба во културата, незаобиколуваќи ги и нејзините најцрни дамки, напротив, нагласувајќи ги со самото читак на информацијата се наидува на големо разочаруваше од фактичката состој ба за културата, како што се:

1.Застарената законска регулатива неадекватна во- новите услови на живеење.

2. Руинирани деловни простории за работа.

3. Несоодветна техничко - технолошка опрема.

4. Диспропорција помеѓу постоечкиот кадар и неговата искористеност.

II/10.-

5. Апсурдна диспропоција во третманот на наградување на творците.

6. Недостиг на финансиски средства.

7. Финансирање на културата од Буџет со околу 70 до 80%.

8. Минимални средства од сопствени приходи.

9. Пропаѓање на споменичниот фонд поради ненавремено интервенирање.

10 Одлевање на скапоцениот денар во манифестации кои се далеку од државниот интерес на Република Македонија.

11. Отсуство на прецизна политика во дефинирањето на годишните потреби на годишните потреби и интереси на државата во областа на културата.

Ваквата состојба во културата презентирано во Информацијата ја прифаќам како реалност. Отсликувањата на реалната состојба во културата сметам дека не е само констатација која треба брзо да се заборави или да предизвика моментален ефект на шок, загриженост или разочараност од катастрофалната состојба. Оваа Информација јас ја разбирам како сериозен, темелен и смел приод од министерот за култура кон културата. Информацијата е одлична основа за наше целосно вклучување во една суптилна материја, воедно е и основа за нормативно регулирање на системот во културата. Затоа истата во целост ја поддржувам.

Единствен светол момент во оваа информација гледам во приодот на министерот за култура кон онаа материја што е за поздравување, а воедно сметам дека треба да му дадеме целосна поддршка за следните негови чекори во донесувањето на системските решенија.

На крајот ако сите се согласиме дека културата како динамична општествена појава подлежи на промени, условени од промените во општеството, Република Македонија а заедно со неа и сите ние треба да се заложуваме за неколку работи и тоа:

1. зачувување на културните вредности наследени од минатото

2. развивање и негување на супкултурите во Република Македонија.

3. прогрес на културата низ активни фази на културни движења во општеството.

4. создавање услови и за поактивно творечко ангажирање на младите во сите сфери на културата.

5. мотивирање на интелектуалниот потенцијал во РМ и промовирање на млади автори.

И сосема на крај ако временски гледано ни се ближи есента, се надевам дека тоа за културата ќе биде пролет.

Со оваа моја поетска мисла ја завршувам дискусијата.

III/1 ДВ/ПН

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Филмот што го гледавме беше доста инспиративен, се согласувам сигурно создаваше многу песимизам за состојбите во кои се наоѓаат културните институции и културната дејност, во целина, во нашава Република.

Секако може да се издвојат, според мене 3 моменти кои доведуваат до една ваква состојба. На прво место, секако материјалниот фактор кој заради низа причини и можности доведе до таа состојба.

Вториот фактор, се согласувам дека е човечкиот фактор кој овозможи да ги остави на времето па да имаме таква состојба за што сметам, со мало залагање на одговорните во тие институции сигурно многу работи би биле поинакви и подобри и трето многу работи се оставени на забот на времето, чекајќи други да ги решаваат проблемите и од тие причини тоа е така. Но, секако, проблемот е пообемен и посложен.

Ако филмот како илустрација на сегашните состојби и положби не е прикажан пред одговорните на институциите, би сакал да се прикаже и тие да го гледаат да видат околу придонеле да се поправа односно да се руинира, руши една состојба која можеби не била во тоа време така или пак од него зависело тоа да се прави.

Материјалот што ни. е пред нас е многу широк, обемен. јас ја поздравувам иницијативата и се залагам, навистина проблемите на културата да бидат третирани соодветно во општеството.

Ќе кажам неколку зборови, можеби не толку критички, но како за согледување на состојбите и на другите сегменти на културата што ја сочинуваат во целина.

III/2

За мене анализата е еден приказ односно вистински приказ на културата и културните институции, како начин на живот и како систем во кој се произведуваат, создаваат и пласираат културните вредности ни се прикажува културниот живот во кои живеат нашите граѓани.

Во оваа анализа не се прикажуваат резултатите на културата и на културното творештво туку се нудат занимливи резултати за функционирањето на културните дејности во РМ. Може слободно да се рече дека анализата е темелно истражување на културниот стандард, на културните состојби во нашата република.

Студијата или анализата намерно го применувам овој израз, обилува со бројни факти и податоци како да се поправи од нормативен аспект, така и од организационен аспект организацијата на културата, функционирањето, финансирањето,институциите, програмите, просторот, кадрите и тн.

Во оваа анализа не е можно, ниту во најкратки црти да се назначат сите димензии, сите контури, сите аспекти и проблеми сето она што го сочинува културата како момент и како сегмент и начин на живот во РМ иако она е толку широка и обемна со податоци. Секако дека културниот живот, културните институции се многу пошироки, посложени и покомплексни. Но, ова што е направено е голем чекор напред и база за подлабоки анализи и компаративни согледувања на развојот на културата и, се разбира, за пошироко планирање на културниот развој и развојот на културните институции на културното творештво во целина.

Како банка на податоци анализата е вредна и мошне интересна, посебно од аспект на презентацијата на културните дејности во

Републиката и нивно посоодветно искористување за потребите на современиот развој на културата и градењето на современиот концепт што и каква култура сакаме.

Развојот на културата и културното творештво, посебно креативната и квалитативната култура треба да се темели на потребите за градење на демократска свест. Она во новосоздадените услови мора да се засновува врз принципот на конкурентност на квалитет, конкурентност на вредности врз пазарно и економски односи.

Културата во сите нивоа и сегменти треба да биде стратегиска цел и задача на демократското општество. Во конкретниов случај на нашава држава и пред се на Министерството за култура и на Владата која е непосреден финансиер и одговорна за претпоставки за културниот развој. Оттука културата ја сфаќам како фундамент за целокупното наше однесување внатре во државата и надвор од неа, со презентација на културните вредности, културните традиции, културните и естетските елементи.

Ценам дека културата е многу поширок поим. Таа не под- разбира само ангажман, програмски содржини на културните институции и нивната творечка продукција.

Ако културата е интегрален на човекот, на граѓанинот, тогаш и однесувањето на државата и институциите на културата треба да се третира на поинакви релации посебно на нејзиниот придонес за остварување на рамноправноста, за поттикнување на културното творештво на сите национални колективитети, за подеднаква застапеност на културното творештво и културните добра и вредности во државата и, се разбира во презентацијата на културното творештво надвор од државата, но со обединета програмска ориентација. Впрочем овој сегмент не се разработува доволно во анализата, или пак

отсуствува ангажман во тој правец на културните институции и на носителите на културното творештво.

Познато е дека квалитетот и содржината на културното живеење, на различни национални групации, го зајакнува поезијата на демократското живеење, поезијата на демократските односи во државата. Оттука мултинационалната културна заедница треба да овозможи и афирмација на мултикултурната комуникација во државата. Ова го истакнувам и од причина што преку културата се почитуваат и негуваат моралните, историските, националните и другите традиции и вредности. Културниот идентитет дава и национален идентитет. Се разбира, културата е скапа работа. Тоа всушност го прикажуваше и филмот, посебно во општество во кое паралелно се развиваат неколку култури. Но, тоа е и наша предност, наша обврска да ги развиваме паралелно и рамноправно. Ова посебно е значајно кога културното творештво е насочено кон современоста, а помалку кон минатото, кога таа е изворна, автентична без глорификација на минатото.

Секако би сакал да потенцирам во моето излагање дека и покрај сето ова во културното творештво треба да бидеме рационални, ефикасни, да го подобруваме квалитетот на културното творештво и на културното живеење. Содржинската осмисленост и програмската ориентација ја зголемуваат соработката на културните институции.

Во овој контекст, имајќи го неспорниот придонес на културата за афирмацијата на националниот идентитет, морам да истакнам дека е императивна потребата културата на националностите д добие посоодветно место и третман во целокупниот развој на културата. Културата, зборувам во овој случај за албанците во Македонија, која е

доста богата, доста разнолика евидентно наметната со својата вредност и квалитет, треба да биде соодветно застапена соодветно вреднувана и да го имаме нејзиното реално значење во целокупните односи во државата. Всушност, оваа култура не треба да се гледа како луксуз или привилегија. Напротив да се настојува таа да се отвори према другите граѓани, да се отвори према државата, спрема општествените институции, рамноправни, како внатре така и надвор. Секое затворање во себе не води кон напредок на културните вредности на културниот живот.

Ако културата како универзална вредност, како квалитет што ја збогатува свеста на граѓанинот, што создава мостови за соработка, што зближува, што афирмира, тогаш нејзината општествена интегрираност и нејзиното функционирање, без разлика на националната припадност и националното културно творештво, имам право да речам дека културата е елемент на рамноправен развој. Всушност, конкретните интереси и културни потреби треба да имаат ист третман.

Дали е ова така.

Мислам дека анализата отвора широки проблеми, дава еден сликовит приказ на развојот на културата во целина и на културата на националностите посебно. Имено, не гледам или тоа намерно запоставено или нема податоци за тоа, културното творештво односно културните самодејности што се присутни во Републикава на албанците во Македонија. Тие културни самодејности има во Републиката вкупно 32. Не се прикажува во анализата меѓутоа колку и како се финансираат каде тие друштва работат и дали има простор за дејност, за создавање за културно творештво. Наше сознание е дека само едно културно уметничко друштво, тоа е Емин Дураку од Скопје има простор за работа, додека сите други 31 колку ги има во некои анализи, немаат.

III/6

Не се прикажуваат или не се финансираат две значајни фестивалски манифестации со републички карактер и тоа Шара пее од Тетово во која учествуваат 23 или 24 културно уметнички друштва, а кој е еден традиционален фестивал, дали 4 или 5 година се одржува, кој навистина нуди и презентира културни вредности кои се за почит и кои афирмираат едни културни вредности на Албанците во Македонија. Истото тоа се однесува и на фестивалот Ечи песна- С труга, во која зависно од годините партиципираат односно презентираат свои активности 17-тина односно 20-тина културно уметнички друштва од РМ. Не гледам податоци во анализата а сигурно во Министерството постојат барања,постојат согледувања, постојат посебни анализи. Но, ценам дека во една ваква анализа. што ја ценам, што е доста широка и разработена отсуствуваат и овие сегменти. Анализата открива и други интересни моменти. Имено, прво отсуство на републички институции за културата во западниот дел на Републиката. Тоа значи дека нема ниеден професионален, драмски ансамбл, музичко сценска институција, балетите. Мене ми причинува задоволство што такви институции има во Скопје, Куманово, Штип, Прилеп, Струмица, Битола, Титов Велес, но такви треба да има и за народот и за граѓаните кои живеат во Тетово, Гостивар, Кичево, Струга, Дебар.

Министерството за култура треба да вложи напори и покрај состојбата материјално финансиска во која се наоѓа, да ги регистрира и финансира театарот на драма и балет што беше основа од Собранието на Општина Тетово. Театарот Софра од Струга и театарот Ќеман ајдини од Дебар. Сето тоа ќе придонесе, за афирмација на културните вредности на албанците.

III/7

Што ова значи? Ова значи дека во тој дел, потенцирам во западниот дел на Републикава, што е составен дел на РМ, културата се третира упростено како нешто што им обезбедува разонода на граѓаните, бидејќи таму има културно уметнички друштва, а и не други сегменти на културата.

Второ, домовите на културата не ја одигруваат својата вистинска својата вистинска функција. Дел од површината или не се искористува доволно или воопшто или дел од тоа се дава под закуп. Толерираме, културно уметничките друштва, библиотеката во Тетово, беше прикажано' во филмот во каква состојба работи, а истата не може да работи во Домот на културата, или пак дозволуваме да се руинираат на тој начин просториите на културата.

Трето, во изминатиот период обемот на реализираните програмски активности на културните самодејности т.е. културно уметничките друштва на албанците се под секој минимум, како од аспект на материјално финансиско работење, одржување, стимулирање, така и од немање просторни услови за изразување на програмските цели. Општо е познато дека целите на културниот развој на Републиката мора да бидат јасни, да имаат ист третман и тие дејности да се финансираат, да им се обезбедува простор, а не огромни површини што истакна и порано, да седат неискористени, а културно - уметничките друштва, барем тие кои се активни да работа во приватни куќи, во училишта во кои не им се дозволува да работа, а им пропаѓа гардеробата, им пропаѓаат инструментите.

Културното творештво треба се мотивира, да се поставаат стандарди и тие да се финансираат врз основа на програми и програмски определби.

IV/1/CJ/лј

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ** (Продолжение)

За поздравување4е фактот што 10 културно - уметнички друштва се финансираат според податоците во анализата, а со исклучок на Емин Дураку, ако не се лажам, другите друштва многу тешко доаѓаат до средства или пак воопшто не се финансираат. Токму затоа проблемите на културата со право го предизвикуваат интересот на граѓаните, го предизвикуваат интересот на министерството, интересот на државата бидејќи навистина тука се создаваат вредности кои не поврзуваат, кои не чуваат, кои прикажуваат тоа што сме биле и што сакаме да бидеме.

На крај сакам да констатирам дека овој материјал треба да носи наслов, анализа, а не информација, заради тоа што тоа е тоа и по обем и по содржина и по факти што во него се изнесуваат.

Второ, на страна 68 четврто поглавје, зборот заклучоци да се заменува со зборот констатации бидејќи тие не претставуваат заклучоци туку констатираат состојба, за потоа да имаме согледувања

што треба да се преземе за санирање на состојбата во која се наоѓаат културните институции и културната дејност во целина во Републикава за да утре навистина, ако не во целина постигнуваме резултати од почетокот кон подобрување на статусот што го имаше културата, што го гледавме што го знаеме од самиот терен.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, не можам да не оддадам почит спрема приодот на министерот према оваа проблематика кого го издвојувам како еден многу редок прилог, заради тоа што ни приреди можност да видиме слика која што не може да се негира и слика која што не отрезнува. Меѓутоа, приодот заслужува и поддршка. Јас би сакал и другите кои што раководат со државни институции во своите ресорни сектори да го направат тоа, ако не за сите нас барем за себе. Да не одиме и да ги искажуваме со раскажување проблемите туку да ги видиме онакви какви што се.

IV/2.-

За културата може да се зборува многу, неа можеме да ја украсиме со сите можни атрибути како една голема сфера, меѓутоа во културата секогаш сме се потпирале кога станувало прашањето за нашето битисување и за нашата посебност како индивидуи, како народ и како држава.

Ова што сега го видовме ни укажува дека потребно е и во оваа сфера преструктуирање. Предолг беше периодот од 6-7 години каде што на оваа сфера само се интервенираше со буџетски средства. Моделот на буџетски интервенции во оваа, па и во било која сфера не дава резултати. Затоа ценам дека е потребно брзо донесување на законска регулатива за преструктуирање во областа на раководењето, во управувањето и финансирањето. Секако дека фондовите се еден од светските модели кои покажуваат дека даваат подобри резултати отколку буџетско финансирање. Фондовите кои ќе се базираат врз интересите на луѓето во областа на културата односно граѓанинот мора да учествува во финансирањето на своето културно богатство и за државата и за себе како индивидуа. меѓутоа, исто така, потребно е да се разработат и пазарните механизми во сферата на културата заради тоа што и таму има сектори поставени на пазарни основи што можат да даваат финансиски резултати, но пред се факторот човек е тој што најмногу движи.

Благодарам.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Може би и не беше во ред вечерва да заминам за Охрид и да се најавам, барем, за оваа тема иако атмосферава во која дискутираме за културава и не е атмосфера за културно дискутирање. Јас очекував по гледањето на филмот да се договориме еден ден, на една седница да седнеме да зборуваме за состојбите во културата. Имаше овде нагаѓања како да ја крстиме информацијата или филмот, јас мислам дека не треба многу мудрување ова има еден универзален наслов,ова е кражба на

милениумите во РМ, кражба од генерациите што доаѓаат. Останавме вчудовидени од урнатините што ги гледаме и како толку урнатини кога имаме толку чистачки во културата во Македонија, толку благајници, толку книговодители. Се што е останато на улица или што би требало да биде на улица во Републикава ќе го најдеме во културните институции. Јас не знам во која друга сфера се толерираат состојби вакви какви што ги имаме кај нас во културата, се потсетува на министерот Филипче, за здравство кога дојде почна еден концепт кој сите во Македонија го осудувавме. Веројатно требаше веќе исто така да почнеме.

Ние со културата навикнавме да се соочуваме тогаш кога ќе падне некоја куќа ставена под заштита на Законот, тогаш кога ќе бидат испокрадени повеќе икони, вредни икони и црквите што ги имаме , што ни преостанале, тогаш кога ќе падне некоја црква. јас лично не знам денеска дали нанесуваме поголеми штети заради намеаање на пари или предизвикани се огромни штети пак од фрлање на пари во културата. Доаѓам од Охрид, имаме примери што го потврдуваат и едното и другото. Света Богородица или Свети Климент како што го викаме е уништена црква од пари, не за пари. Веројатно така е, ќе се сложи и министерот. Состојбата во Светиклиментовиот манастир е ваква не за пари, заради односот на луѓето таму што работат, заради таа невидена негрижност. Некој понекаде во Охрид ќе спомне и ќе рече, знаете што покажуваат Археолошките истражувања, дека таму некаде крај Охрид живееле хипици затоа што носеле по една обетка на ушите. Според тоа имаме едно мноштво од проблеми, од неизвршени увиди во културата.

Ова денеска што го видовме како да не вцаши сите иако сите сме навикнале да си живееме со овие проблеми во срединиte во кои инаку живееме. Пред малку телевизија мене ме снимаше, веројатно Охрид е актуелен најмногу за оваа проблематика, викам недај боже да му текне на Јорго Шундовски да направи и тој еден филм каква ни е еколошката

состојба во РМ ваква. Е, сега, ќе ги врзуваме работите и ќе дојдеме до една вистина од која не се бега, ваква ни е културата нас што живееме во РМ, на оваа денешна македонска генерација, на овие луѓе кои навикнале да крадат од оние што ќе дојдат по нас. На оние кои навикнале да го ништат она што со векови грижливо го создавале луѓето пред нас, генерациите, цивилизациите.

Веројатно ќе се сложиме сите дека живееме во едно тешко време, но веројатно не живееле во подобро време 41 година, 1950година, односно педесеттите години од овој век, меѓутоа живееле со поинаков однос кон вредностите што ги создававме. Веројатно пак ќе спомнеме дека немаме регулатива, можеби ќе се сложиме дека црквите, објектите не ги вративме на црквата затоа дека тие треба да ги собираат само парите, туку и затоа дека тие греба да водат некоја грижа за објектите што им ги дадовме. Состојбата е ваква, вреќата на рамо, соберете ги парите на празникот кој ќе биде, верски, црковен, каде отидоа ...

Некој очекува дека државата е таа која треба да ги средува дворовите на црквите, дворовите на културните институции. Јас имав случај кај мене во Охрид кога сакавме да вложиме пари, да инвестираме, во културна институција, со добра пара да ја спасиме од забот на времето директорот вика не ми треба таа работа, не ми дозволи тоа да го направиме. Луѓе можете ли да го сфатите и ова. Едноставно во институциите се сретнуваме со луѓе кои ја мразат културата, кои не ја сакаат, нека ми простат чесните луѓе кои почнале и кои веројатно ќе заминат во пензија од културата, тежок е тој денар што се заработува во културата, но за кого како. Ако ние толерираме состојби кои говорат дека имаме полно луѓе, нетворци, неавтори, туку административци што зимаат повисоки плати од министерот за култура, во овие институти, па тогаш состојбата ќе е ваква, не ќе е поинаква. Има мноштво,мноштво работи да зборуваме, од каде да почнеме, за што повеќе да жалиме,

IV/5.-

да жалиме за културните домови што макотрпно ги граделе луѓето со самопридонеси и што денеска ги крчмат некои луѓе со ресторански активности во објектите, да жалиме ли за црквите да пропаѓаат, ние станавме безверници, атеисти сите, меѓутоа станавме некултурни кон себе, кон нашите вредности што ги имаме, да жалиме ли што уметничките дела што сега ги создаваат нашите автори тонат. Еве гледавме и денеска полно такви примери. Не да исчезнуваат, ако исчезнат некаде ќе бидат заштитен а ќе бидат под грижа, вака ги оставаме на негрижа. Ние сме најголемите душмани на она што белег на оваа нација. Каде да продолжиме понатаму?

Мислевме дека централизација, пренесувањето на надлежностите ќе направ поголем ред во сите сфери па и во оваа од животот во РМ. Меѓутоа, пред пет шест години веројатно не ќе се случеше некој да руши црковни објекти и никој да не посочи дека е одговорен. Имаме ли ние во оваа сфера една единствена пријава за злоупотреба од вработен од надворешен, од не знам каков. Ќе украделе икони од Свети Наум, голема работа, викаат, толку икони има Охрид, па може и без нив. Едноставно страв беше да се посочи некоја можност, да се изрази некое сомневање, да и се забележи на полицијата дека несоодветно се однесувала во дадени моменти А, се е тоа на очигледно на сите. Ние малку подзацрвеневме кога го гледав ме филмот, меѓутоа само што дојдовме овде се опуштивме. И сега некој до мене рече уште ли ќе давиме со оваа култура. Јас престанав, нели.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господо пратеници, овој филм што го видовме сега пред малку еден дел од нас се смеевме, еден дел од нас си правевме вицеви, се зафркававме, тоа не значи дека не обрнувавме внимание, на тоа што го гледавме, тоа значи на некој начин наш однос кон се она што пропаѓа, што е создадено со векови како пропаѓа и се прашуваме кој е кривецот и еден немарен однос кон една култура било врвна, било масовна како

сакате така сметајте, но состојбите се такви што мора еден аларм да се стори во нашата држава во РМ. Меѓутоа, вие знаете со години дека ние немаме пораст на општествениот производ и се додека тоа не биде во ред се додека не ќе има доволно средства за општите општествени потреби, а во рамките на општите општествени потреби и културата, а при своите калкулации сите културни домови и музеи итн., во ставката амортизација да немаат потрошувачка на друго место туку само за амортизација, за одржување на тој културен објект ние нема да имаме културни објекти и да имаме култура на соодветно ниво.

Овде се зборуваше нешто за самодејностите, па би сакал да кажам дека аматерските самодејности во РМ, едно време, да не спомнувам кое беа на едно друго ниво, тие беа наши први амбасадори, тогаш кога од оваа земја Македонија односно Југославија не можеше да се излезе понатаму Информбиро, време, итн., сега тие аматерски самодејности толку замреа, нема каде да се вртат, немаат потребни носии, и од ден на ден пропаѓаат. Затоа и тие претставуваат проблем.

на 2 август 1969 година, во Скопје престојуваше претседателот на тогаш на Југославија Тито и во универзална сала во Скопје е донесена заедничка одлука за изградба на спомен домови на културата Мислам дека беше скоро во секој град така, не се сеќавам точно. Ние денес гледаме тие спомен домови на културата од ден на ден пропаѓаат, дали од објективен или од субјективен карактер, не знам, меѓутоа јас сум убеден дека и едното и другото е присутно. Тоа не е мое, тоа е државно и ако пропаѓа треба некој друг треба да ми каже или јас да му кажам. Да е негово сигурно поинаку би се однесувал.

И, добар дел од она што денеска го видовме да е во приватни раце сигурно нема да пропаѓа со такво темпо, со какво темпо досега пропаѓаше, туку сигурно одржувањето ќе беше малку поинаку, посоодветно да не пропадне она што го имаме таму а сето пропаѓа.

Книги пропаѓаат, што тоа треба да значи за нас. Не би се сложил со една констатација од еден колега овде дека даваме некои средства за културни манифестации, фестивали итн. Еве зошто. Ако се сеќавате пред пет години било кој добар пејач или пеачка ќе се појавеше во Македонија веднаш таа или тој беа викани на белградска естрада. Само таму можеа да се развијат. Овде ние немавме ништо. Ние сега имаме такви добри граѓани пејачи, пеачки итн., кои што на некој начин сепак во овој период живото малку ни го разубавуваат и затоа не треба да ги критикуваме.

Мислам дека што повеќе ќе дискутираме за ова што го видовме денеска колку повеќе ќе .правиме грешки и нека ни ми биде незамерено ако речам дека денеска не видовме ништо од културата на муслиманите, текија, џамија итн. Сакам да ви кажам дека тие не пропаѓаат. Самите граѓани ги одржуваат. Тие даваат од себе пари и ги одржуваат. И тоа не е лошо, тоа е добро. Не е лошо да се земе пример другото население да си ги одржува верските објекти,тие постојат,тие со мала пара на некој начин може да се поправат. Од година во година да се поправат за да постојат. Тоа е дел од културата, од наследството, дел од името на нацијата, од битот на нацијата.

Ви благодарам, само би дал една идеја Министерството да подготви една поопширна анализа за состојбите и на масовната и на врвната култура, и едното и другото. Лека полека ние ќе се развиваме, ние сме сега пет години, сега во недела славиме, за пет години ние не можеме да направиме ништо,а тоа што е направено,сега што го видовме не е за пет години. Тоа е направено многу одамна. Тоа кој знае од кога дотира. И заради тоа еве да се потрудиме и да се надеваме дека нашата економија ќе оди напред и така да имаме средства од буџетот да може да излеземе во помош и она што е наше лице,културата е наше лице да биде по исправно.

Благодарам.

V/1.-ЛП/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани претставници на министерствата, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека не чека доста работа и дека доста работиме веќе неколку дена, ќе бидам сосема краток. Немав намера да се јавам за збор, но единствено сум инспириран од дискусијата на неколку претходни дискутанти.

Најнапред навистина мора да се потенцира и поздрави иницијатива на Собраниска та комисија за култура која после еден мртов период се обидува прво да ги растресе, а потоа и да ги подобри од- носите во сферата на културата. Нема многу да зборувам, но само ќе кажам дека оваа информација може да се каже сега дека е ваква или таква, можеби сигурно може да се дополни, некому е преопширна, некому му недостига нешто, меѓутоа е добар пример и за другите министерства периодично да даваат ваква информација, со цел пратениците, иако се разбира наша работа пред се е законодавната активност, донесување на закони и други прописи, ние мораме да расправаме и за актуелните состојби, а во рамките на актуелните состојби секако спаѓа и културата.

Оваа информација дава како што кажа некој сурова, но сепак реална слика и можеби треба да биде поттик за сите нас да се отрезниме и да преземеме нешто. Веќе беше кажано дека многу објекти на културата тонат, некои рече исчезнуваат, меѓутоа, јас би рекол и едното и другото, и тонат и исчезнуваат.

V/2.-

Исто така, беше"спомнато дека не е само до регулативата. Точно, не е само до регулативата, не може се со регулатива, меѓутоа, регулативата ќе биде еден мал чекор напред кон подобрување на сите овие односи. Јас само би напомнал дека навистина некои наши објекти се оставени на тотална негрижа. Пред се тоа се црквите и други објекти, спомениците од минатото и многу други. меѓутоа , не е сјајна состојбата и вод ругите сфери на културата. Ние знаеме какви се состојбите при одржувањето на разните актерски манифестации, какви се состојбите во другите културни установи, каква е грижата, знаеме дека некои културно уметнички друштва, како што е"Танец", буквално веќе не преживуваат туку би рекол тонат и дека се оставени на негрижа.

Некој рече дека централизацијата ќе го реши тоа се разбира грижата за културата треба да биде пред се на државата. Со тоа се согласувам. меѓутоа, бројни работи , бројни области на културата, мора некои кои не се од тој степен се разбира да се препуштат и на локалната самоуправа, со цел во иднина поефикасно да се решаваат тие работи, во некои фондови да се предвидат средства, повеќе средства да се издвојуваат и т.н. Сите знаеме дека состојбата е тешка. меѓутоа, ако продолжи ова , буквално, некој рече, не ќе имаме култура. Не, тоа нема да се случи, меѓутоа, таа ќе биде на се пониски и пониски гранки. Фактички можно е , некој вели да исчезне односно да биде сосема маргинална, а знаеме сите да се гордееме кога нешто ќе дојде. Тоа нешто,тој успех не е плод на некоја наша систематска активност или залагање, туку е плод на некои талентирани поединци, индивидуални итн., сплет на разно разни околности и затоа уште еднаш јас сметам дека е добро после 6 години овој парламент што расправа. состојбите во

културата и дека не треба да остане само на ова. Некој ќе рече дека не сме моќни, не можеме, меѓутоа, ние треба да ги поттикнуваме работите, не можеме да ги решаваме, има извршна власт, има други органи и оттаму сметам оваа наша активност треба да биде да не речам перманентна, меѓутоа, постојано да ги следиме и колку можеме да придонесеме за подобрување на работите односно состојбите во област ана културата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, ќе морам да кажам дека јас како и сите други пратеници, откако го видов филмот бев дирнат и искрено да кажам ми требаше долго време да се смирам и да дојдам до констатација што видовме во филмот. Јас барем ништо друго не видов освен духот на едно време, духот на едно општество, духот на една држава. А ако е духот на едно време и една држава, се знае кое време е тоа и која е таа држава . Тоа е време кога овие луѓе и граѓани на оваа држава живеат со 770 долари по глава на жител, со 230 илјади невработени и други проблеми. Сигурно дека културата која по сите општествени законитости припаѓа во супер структурата е директно врзана со нашата база. Но и сега и после филмот јас не можам да констатирам дека духот на ова поднебје исчезнал. Напротив, јас сеуште мислам и сметам дека овде постојат креативни сили кои можат да создаваат уметнички вредности , кои знаат да ценат што е уметност и што е култура, но мојот впечаток од филмот е дека тој дух е длабоко , длабоко кован од тешката и трома администрација. Овие констатации ги извлекувам од фактот, од филмот кога се гледа дека една

супер нова зграда, како што е Народниот театар , од една капка дожд се дозволува таму да се создаде рој, тука не може да се каже дека недостасуваат средства. Мораме да признаеме дека некој кој раководел, кој бил задолжен за таа зграда длабоко заспал во својата фотелја. Ако веќе некои мислат дека ова не е информација туку анализа, според мене за да биде анализа недостасува една компонента, а тоа е компаративната анализа.

Од извештаите се гледа дека од година во година процентуално гледано средствата издвоени од буџетот растат. Така од 1994 1995 и 1996 година, но немавме никаква информација што со тие средства кои секоја година се се поголеми и поголеми. Дали од тоа нешто е направено. Јас барем тоа не го видов.

Друга работа што сакав да кажам, ме изненадува многу нискиот степен, некаде 12% од приходите кои се остваруваат од учиноците. Што значи тоа? Или ние немаме вистински критериум за вреднување на културните вредности, тие вредности кои ќе бидат прифатливи за тие за што и се креираат, а кога ќе бидат прифатливи, тие ќе знаат и добро да ги платат. Ќе мора да се најде некој механизам како тие кои се навистина за тоа дадени да можат да креираат, но тие да креираат и за пазарот за да можат тие вредности и да ги продаваат. Во спротивно, ќе имаме ситуација која и понатаму во местата на културата, таму каде што треба да се креира, ќе владее администрацијата и луѓето кои ногу малку се загрижени за таа работа.

Оттука, да не должам мислам дека идејата дадена во информацијата дека делови од културните објекти да се дадат под концесија на луѓе кои се заинтересирани за тоа, за да можат трајно да се соочуваат, за мене е прифатлива и треба да се стимулира.

Втора работа, да се создадат такви предуслови во кои во културата главно ќе бидат тие што знаат да креираат, кои ќе знаат да вреднуваат што е културно, што е вредно и кои ќе знаат да профитираат од нивниот труд. Да се ослободи од тромата и преголема администрација. Инаку, се плашам дека само со буџетска интервенција ќе фрламе пари во вреќа без дно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, господине министре, господине министре за земјоделство, јас ќе бидам краток. Филмот кој беше проектиран не го гледав, меѓутоа, имам толку фантазија за да можам да ги имам сликите на запуштеноста, на нашата немар кон објектите на историјата , кон нашите културни вредности.

Информацијата на г-динот министер која ни беше доставена ја сфаќам како еден преглед на сите работи кои се случуваат во културата и што е потребно да се направи. Оваа презентација која беше преку филмот презентирана пред парламентарците може да се искористи само на еден начин. Ние како парламентарци можеме да помогнеме со тоа, кога се донесува Буџетот на Република Македонија сите ние да се заложиме за културата, а не како сега да зборуваме како треба културата да ја помагаме или како треба таа да изгледа или што треба да направиме. Министерот точно знае и ова е една рамка и една идеа што треба да се направи. Ние како пратеници треба да бидеме тие кои преку практичниот дел, преку Буџетот кој го донесуваме да овозможиме културата да добие толку средства доволно што министерот својата

замисла, својата програма за својот мандат да ја истера и кога ќе заврши мандатот да каже , дека тоа и тоа што го планирав и тоа што го видовме на тој филм, сега е филмот тој. Само на тој начин тоа е еден од начините на кој можеме да помогнеме на културата,при донесувајќи Буџетот за културата да биде поголем, да се овозможи културните дејци во Македонија да живеат пристојно, да се занимаваат со тоа што им е основна дејност, да имаат доволно средства со кои ќе може да творат. Од друга страна, државата и Министерството да имаат толку пари, да финансираат се што треба да се заштити и да го сочуваме како културно наследство, и трето да стимулираме наши вредности со кои толку се гордееме кога одиме надвор и кои се единствени нешта што можеме на светот барем сега да ги презентираме во светот. Уште еднаш потенцирам,сите ние да се заложиме Буџетот за Министерството за култура да биде поголем, додека буџетите на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана да ги доведеме во рамки кои се потребни за оваа држава, а да го фаворизираме Министерството за култура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, навистина е за поздравување еден ваков потез од министерот за култура, каде што на еден многу практичен, на еден би рекол многу визуелен начин презентира една состојба во културата која одамна е позната кај нас и со кој проблем одамна се соочуваме, не поради тоа што сме можеби земја во развој или во транзиција или сиромашна земја, туку мислам поради фактот што со години наназад, па

дури и во претходниот систем имавме еден многу неодговорен, пред се би рекол недоговорен однос спрема богатствата кои ги имаше нашата земја и кои ги има и сметам дека еден ваков начин на аргументирано презентирање навистина треба да наиде на еден поздрав меѓу нас пратеници, односно да предизвика оперативни мерки кои ќе бидат битни за надминување на оваа состојба. Не би сакал да зборувам што значи културата за еден народ, што значи археолошкото богатство, црковно, богатство од сите видови, наоѓалишта кои се во земјата - тоа е практично историја, богатство на еден народ, битот на нашата нација. Јас би 'рекол дека кај нас постои и сеуште, за жал, однос спрема одредениископини, руини кои беа ископувани во кругот да кажеме на Гевгелија и пошироко, каде што одредени министерства, посебно Министерството за одбрана вршеше некакви ископини, оштети голем број на руини, но за жал, од тоа немавме никаков извештај, би рекол ниту никакви одговорности кои треба да се преземат после тој акт. Постојат и други антички ископини каде што исто така се градат нови градби, каде што Министерството за урбанизам не реагирало, не дава никакви одговори на притужби од таков карактер, дури некаде дава и дозвола за градење и сметам дека таквите неодговорни однесувања на одделни министерства во Владата треба навистина да се презентираат јавно.

Сметам дека многу од Вас мислам дека проблемот е во парите. Точно е дека проблемот со парите е присутен во културата, па не само во културата туку и во сите вонстопански дејности, во спортот, образованието и тн., па и во здравството, меѓутоа, сметам дека богатството е во организацијата, богатството е во рационализацијата, би рекол во паметот. Јас сум убеден дека министерот, покрај овој потез што го направи ќе направи и други организациони потези во самото

министерство, една рационализација на вработените, нивно правилно распоредување на вршењето на нивните должности, со други зборови, праќање на екипи на луѓе кои можат да ги заштитат тие споменици, кои можат одговорно да ги одржуваат и сметам дека проблемот на парите не би требало да се стави на прво место, затоа што кај нас навистина постои секогаш одговорот и тоа е најлесен начин да се симне одговорноста од нас сите, па и општеството - нема пари. Сметам дека со една добра организација, со добар распоред на силите парите доаѓаат на трето место како средство кое треба да се употреби правилно и рационално тк корисно.

Исто така би требало понатаму за било какви зафати кои ги врши било кое министерство на било кои локалитети, кои се заштитени ако историски локалитети, добро да се размисли дали треба да се интервенира на тоа место да се гради, да се копа и за тоа треба сигурно да се поднесат одредени извештаи кои треба добро да се проценат, дали навистина тоа што е извршено е извршено добро.

Сметам дека оваа информација, би рекол аргументирана, треба да се поддржи и мислам дека министерот и тоа министерство и понатаму ќе преземат чекори за заштита на сите овие историски богатства кои ги има нашата држава, се разбира со една добро осмислена програма каде што парите би биле секако потребни, но да не бидат на прво место и секогаш изгорот да биде - нема пари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, јас не знам после оваа информација која е презентирана пред нас, која морам да кажам

вашето и добро е подготвена и филмот кој го гледавме, пратеникот има две можности: Или да излезе на говорница да рече, алармантно, лошо и амин или да продискутира за тоа што го чита односно што го гледа. Немојте да ме сфатите погрешно и да ме коментирате погрешно, однапред тоа го велам, но во една статија од еден романски весник еднаш читав, синот на Чаушеску - тоа беше минатата година - изјавуваше вака: "Тоа што татко ми го градел со години Вие господа сега не можете ни да го варосувате". Што е тоа? Тоа значи дека толку културни домови ние видовме во секој град, во сите градови во Република Македонија, но останале нешто згѓ молерисување, нешто за малтерисување и тоа многу добро, веројатно некој добар професионалец камерман и добро ни го прикажа тоа. Точно е тоа.

Како ќе заклучиме ние после сето ова? Кој е виновен? Мислам дека ако иницијативата на министерот и Министерството и луѓето околу него да го драматизираат, односно да ги драматизираат состојбите во културата, почнувајќи од објектите , тогаш навистина морам да признаам дека се отворени до крај за да признаат и сами дека највиновни се токму луѓето во културата, односно луѓето кои се нај одговорни во таа дејност. Затоа, што ако имаме директори на такви домови, ако имаме одговорни луѓе на тие институции, ако не знаеле да кажат - повелете, луѓе, развивајте, развивајте мултикултура, развивајте нешто што е реално, нешто што постои, што постоело со векови и го има во Македонија, тука се објектите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Зошто и кога се назапоставени?
Овие пет - шест години најверојатно, затоа што тие луѓе најверојатно уште мислат и не можат уште да се трансформираат и уште бараат да се игра, да се пее, да се слика социјалистички. Или под некоја директива. И, нормално е дека тука веќе умира таа креативност, инвенција кај тие луѓе и имаме вакви состојби.

Чудно е, но има една вистина. Токму тие кои немале пристап во тие културни домови, односно во тие институции имале најмалку пристап, кај нив е најголема желбата да направат нешто. А тогаш кога имаше идеализам, имаше и аматеризам. Сега не. Значи, не оди. И, мора да се најде начин за да се стимулираат односно да им се даде барем простор,

Верувајте дека има и вакви состојби: Да речеме јас земам овакви примери, една "Ибе Паликуќа" КУД може да ги фасцинира во Турција, може да фасцинира надвор итн, а тука во Македонија не- може никого да фасцинира со нивниот настап, иако сите тие проби и подготовки што ги прават ги прават во услови во кои навистина не можеш ниту 15 минути да останеш да ги гледаш како играат. Дури За немаат ни гардеробата и немаат место каде за стават нивната носија. А јас гледав колку имаме културни домови!

Имаме уште една појава, еден шунд, но да не навлегуваме во тоа зошто.

Во овој случај зборувам и за културната дејност кај албанците. Иако г-динот Мурати и другите доста спомнаа, зошто имаме состојби што не можат да се контролираат, мислам во тоа што е квалитет, што е креатор на квалитет. Затоа што во институциите, во Министерството за култура нема департман, нема луѓе кои можат професионално да помагаат за да се развиваат такви вредности.

И, што е најжално многу сме затворени. Затоа можеби взаемно вака не сакаме или тие луѓе кои работата во културата не се отвораат еден спрема друг. Едно време дури секогаш се мислеше дека токму каде се развива културната дејност таму лежинешто. Таму може да лежи национализам, па нека работат секој за себе , нека бидат затворени и да речеме никогаш, односно симболично, "реда-ради" како што се вели се претставува нешто што е од друга националност, култура, тие што навистина еве живеат заедно во едно исто подрачје.

Имаме и пример. "Скопско лето". Имаме "Скопско лето" и не може ниту еден сегмент да се претстави од културата на населението во Скопје кое е какво, какво што е, мултинационално.

Мислам дека треба да завршиме со тоа дека мора да се направи, мора малку да се ослободиме, односно да се ослободат луѓето кои работат и професионално се занимаваат со тоа што е културата, културна дејност од сите области. Јас секогаш поаѓам со една моја претпоставка дека тие луѓе се најотворени и најнеискомплексирани и можат да направат нешто што еве и зближува и може да претставува, да го претставува тоа што е највредно на тие граѓани кои живеат во ова поднебје.

Благодарам,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Сигурно дека многумина не сме изненадени од она што беше прикажано во филмот, затоа што ние одиме на манифестации во тие

институции, гледаме, следиме, тоа што го бележат медиумите и печатот, меѓутоа тука на филмот ни беше прикажан само физичкиот изглед, руината, а останува сега прашањето, поважното, што веројатно министерот во една наредна фаза ќе го елаборира за да добиеме не ние комплетна претстава, туку да се преземат комплетни мерки во она што е душата на таа култура.

Многу поедноставно е да се изврши една изолација или реконструкци^а на некој санитарен чвор, да извинете најчесто тие беа прикажувани. Не е тоа толку болно и страшно што може денеска да се поправи и направи,' Болно е објектите што претставуваат историско и единствено наследство, како таму брзо да се интервенира вклучувајќи ја дури и селекцијата на она, можеби следен зафат на министерот ќе биде во соработка со Заводот за заштита на споменициите на културата преинвентарисување на се она што значат објекти од посебен интерес, државен интерес.

Кога реков душата, суштината, мислам на една покомплексна работа, дали ние воопшто создаваме култ кон културата. Сега ќе уфрлам, како ќе се чувствуваме ако и министерот за образование ни даде една ваква слика, пресек на состојбите во објектите на образованието и физичката култура, кои, земено како вредност иториска не држи. Меѓутоа, како објекти, од она што значи алиментација од буџетот и што значи во кои објекти се изведува воспитно образовниот процес, јас сега ги упоредувам овие две нешта.

Култот кон културата се создава во образованието. Ако ние сме подготвени да ги поврземе овие работи, да ја плетеме мрежата, тогаш - ќе дојдеме до тоа што овие денови сите не преокупира, целата македонска јавност како најефикасно да се спротивставиме на најголемите зла на денешнината, на дрогата, никотинот, алкохолот,

сидата и тн. Сето тоа претставува една целина. Ако во образованието градиме култ дека е покорисно и подобро нашите млади да се занимаваат, да играат, да пеат , да свират, ако не се талентирани за тоа да посетуваат такви институции, такви приредби, ако спортуваат сигурно дека помалку ќе бидат изложени и предизвикани од овие пороци.

Според тоа, повторно се враќаме на она дали културата ја негуваме и кој придонесот на најповиканите?

Тука имавме еден филм кој што за жал, во главните улоги се културните дејци но не како дејци , туку старешините на овие културни установи, вклучувајќи го ресорното министерство, со исклучок само и единствено сегашниот министер и неговиот замени, затоа што најголемиот дел од сите други субјекти се во таа сфера, во таа дејност, практично тие се во главните улоги и презентираа еден филм на натикултура, што е загрижувачко. Таков еден филм имавме денеска.

Меѓутоа, добро е еднаш да се соочиме со тоа што е тоа антикултура, а антикултура е антицивилизациско однесување. Тоа е основа на сето она што го видовме. Тие силни институции од што најсилен впечаток остави дискусијата на почитуваниот граѓанин на Охрид Благоја Силјановски со право , ако Охрид е лулката на нашата култура, ако е и пребогат за многу поголеми држави со такви едни споменици со полн респект ги прифаќам неговите забелешки и она што значи однос кон сето тоа.

Ако во еден Охрид, јас размислувам се случуваат такви нешта каде што одиме сите ние барем еднаш годишно а најкомпетентните два-три пати месечно, ако сите странски делегации ги водиме да го видат Охрид, што да очекуваме другите градови од државата. Најобјективно, најкоректно.

Ако таму ни е, за среќа сконцентрирано најголемото богатство на оваа држава, на овој народ кој живее тука, тогаш точно од таму треба да се појде и мислам дека во сето ова што го видовме заклучокот на сите нас ќе биде дека најмалку во прашање биле парите. Најмалку во прашањето било дали во буџетот се издвојуваат доволно средства, вклучувајќи ги и локалните буџети. И јас сум потполно согласен дека затаила совеста на сите нас, на^повеќе на оние, што е најболно, кои живеат од тоа во тие институции. Ако вие не го одржувате тоа, ако не го негувате не го надградувате,, домаќински не се однесувате кон тоа, значи ги сечете столбовите, ги сечете корените што треба да ви даваат и храна и живот и животни импулси за едно идно надградување.

Според тоа, мислам дека потезот е прекрасен, меѓутоа ќе мора и министерот и Министерството да се соочи со проблемот присутен во сите општества во период на транзиција, после периодот едни други еуфорични однесувања.

Каква култура ни треба, какви дејности, критериуми за финансирањето и објективно колку оваа држава и каква култура треба да негува, објективно толку може да поднесе.

Мислам дека премногу имаме инфлација на квази-култура квази-дејности, вклучувајќи го оној што можеби не е во овој ресор, но тука се некаде. Мораме да селектираме што е културно наследство, непроценливо, каде нема компромиси и нема тактизирања, а што е она што сега понатаму треба да го развиваме, негуваме, афирмираме за да ја афирмираме оваа држава.

Да не заборавиме дека културата и спортот претставуваат сепак најевтини но најубедливи начини за презентација на една самостојна и независна држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас по малку се грижам за вас кои морате да слушате бидејќи е веќе доцна а веројатно сме сите заморени. Но, чувствувам потреба и јас нешто да кажам.

Имено, со Информацијата, а како што кажа потпретседателот на Собранието со анализата и со самиот филм ни се поставува прашањето, што е моја задача сега, како парламентарец, односно единка во законодавново тело . Во таа сфера сакав со неколку реченици да водам монолог и со министерот.

Ако добро разбрав од двата мошне битни документирани материјали што се презентирани, министерот има две цели:

Едната се состои во тоа да каже објективно каква е моментално состојбата во културата, особено во некои негови сегменти и тоа многу успешно го прикажа. Не му требаат повеќе никакви аргументи тоа да ни го докаже. Ако тоа за мене треба да значи дека од сега треба да се ангажирам што е можно повеќе обвие битни пунктови на нашата култура да добијат поддршка од општеството и преку одобрување на акти од страна на овој дом, јас за тоа сесрдно ќе се залагам.

Но, сакам да кажам и сакам да погодам би бил среќен да сум во право дека министерот сака со овие материјали, сака средување на состојбата во самата културна сфера и битните негови области, и за тоа сака да ја осигура нашата поддршка. Ако му е цел тој аспект во неговото барање, мислам дека треба ние да го оствариме.

Во што би било тоа средување,

Многумина кажаа, јас ќе се обидам по можност во две - три реченици да го концентрирам :

VI/7

Прво , мислам дека е потребна не од општеството, туку пред се од културната сфера да се направи една добра селекција. Селекција на она што го сметаме како врвна културна вредност и институцијана и историолошки и она што е во тек на создавање. За таа селекција на министерот Унковски многу му верувам од следна причина, прво, затоа што и самиот е врвен креативец, врвен творец во таа област. Мораме да бидеме убедени и разбрани во добра намера, сите, дека ние како општество, како квантите и квалитет сме во состојба во врвната култура навистина да поддржиме само врвни вредности што имаат долготрајна вредност.

Би рекол дека тоа важи и за институциите, бидејќи и самиот филм покажува дека во тие сегменти во таа селекција е одено малку со широка рака, што само по себе кажува дека се симнало од рамките на културна вредност со долгорочна перспектива. Таа е нужна, нужна да се направи не заради нас, не заради општеството во целина, какво - такво, туку пред се заради културата и заради доменот на вредноста во таа сфера.

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Второ, рационализација е повеќе од потребна за самата култура. Врвните вредности на врв да се поттикнуваат и наградуваат, а сите наши фалења во културата по можност што повеќе културата од нив да се ослободува. Мислам дека тоа не е никаква новина, никакво откритие. Општо познато е дека во сферата на културата имаме една маса, една толпа движечки групи кои што дефакто не создаваат, туку на културата само и сметаат.

Трето, мислам дека самото вреднување на културните вредности мора да биде задача на самата култура. Општеството што помалку треба да се стави во позиција за да оно биде арбитар, на пример Собранието или Владата арбитар за културните вредности. Тие критериуми во самата сфера на културата да се изострат до тој степен за да ние со малку аргументи таа вредност и сами ја почуствуваме со самите културни потреби, со самите културни доживувања што таа вредност од културата ги создава. Мислам дека доколку врвните културни вредности, само висока културна вредност може да живее долго. Не може да се прокламира и да се одржи како висока културна вредност нешто што таква вредност нема, нешто што не го доживуваат луѓето како таква култура. Затоа велам дека треба да се ослободи општеството од таа должност да оно биде арбитар за културните вредности туку тоа треба да го прави самата култура.

Најпосле и околу една тема што неколкумина од моите колеги се задржаа да кажам и ја неколку реченици.

Наиме, битно е за нас албанците тоа да биде уште малку покасно и сега и натаму. Положбата на човекот пред се зависи и од неговата културна состојба. Неговата положба не може да се одреди само со политички и економски димензии. Таа мора да се одреди и со

културните димензии. Но, бидејќи таа културна димензија е потребна на секој наш човек, е потреба на цело општество мислам дека треба да се воспостави еден вид, условно велам сега рамнотежа во поттикнување на културните вредности во сите средини за да имаме едно поголемо богатство на мултикултура во земјата. Мислам дека сето тоа создава еден амбиент кој што, како што рекоа многумина од вас создава еден не само порелаксиран, туку еден амбиент кој повеќе доживувања дава. Еве само еден пример. Откако веќе печатот пишува дека во Филхармонијата една од примавиолинитре е музичар од албанската националност веќе има поголем интерес за самата таа институција и за вредностите што таа ги создава и пошироко. Кога би имале успех односно кога би имале сила да поттикнеме и во другите институции присуство на културни вредности од таков домен и од таков квалитет верувам дека и на поширок план::ќе се влијае и во јакнење на културните потреби и во создавање на една атмосфера поблагопријатна за сите нас.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, денес бевме сведоци и гледавме еден филм, а и самата информација е една инспиративна провокација околу состојбата во културата. Знаеме дека културата е комплексна материја и не е даден цел опфат, но она што направи министерот, овој отворен пристап да се согледаат состојбите околу објектите во кој се твори и во кој живее културата, со целиот ризик министерот да биде отворен на многу прашања мислам дека е една реалност. Овој филм требаше да се прикаже сигурно на почетокот на годината кога се носеше буџетот.

Сигурно нема да се сложиме многу дискутанти тука, едни ќе дадат свое видување, други свое видување дали се малку или многу средства за културата. Други пратеници отидоа во крајност дали се правата на

албанците до таму...Мислам дека денес требаше да посветиме внимание токму на она што го кажуваше филмот. Филмот беше многу јасен и прецизен. Дали некој пратеник кажа со својата фантазија ќе ја дотер сликата, мислам дека ова потсеќа на хорор филмови. Се согласуваме дека сите дискутанти се задржаа на три моменти.

Првиот момент се финансиите. Имавме различно видување, различни размислувања. Сега дали треба балет и филхармонија на Мариов или не знам каде е една работа. Но дали она што постои треба да заживее друга работа. Она што посебно ги боли сите пратеници е односот и факторот човек. Сите сме на иста фреквенција дека затаил факторот човек. Многуте директори, посебно во домовите на културата сигурно преспале овие шест години и сигурно нема никаква креативност кај нив. Не е само обезбедување на платата. Она што треба да се каже е тоа да оваа централизација што е направена на највисоко ниво треба да се размисли и да се дојде до растоварување на самото министерство. Да му овозможиме на Министерството креативност, да финансира проект, а не сега министерот да биде министер за градежништво и урбанизам бидејќи руинирани се скоро 80% од објектите. Сега ние треба да помогнеме како пратеници. Затоа треба да размислиме да се зголеми стапката или не. Тоа е што во моментот го бара министерот од нас, а не сега да укажуваме ние како треба да се преструктуира. Свесен е министерот дека треба да се направи рационализација. Сигурно дека има вишок на луѓе. Свесен е што треба да се направи, но ние треба да му дадеме виза на овој проект. Министерот бара помош. Помошта ние како пратеници ќе ја дадеме со давањето на согласност за зголемување на стапката во Буџетот. Кажа и самиот министер дека многу културни работници немаат земено плата. Немаат огрев, немаат..., сега да не поврзуваме, ќе се јават и другите министерства. Сигурно ќе, се јави и образованието  но ова е еден реален пристап и на овој проект треба да му дадеме една виза да видиме што ќе направи министерот. Да не

анализираме што направија неговите претходници дава министри. Дали има хипотека или нема да го оставиме за друга анализа. Во овој момент се поставува прашањето дали драматизира, или не драматизира. Не, министерот алармира. Министерот има проект, има визија и знае што да направи. Сигурно е човек на правото место. Сега ние како Парламент треба да дадеме виза. Не треба тука демагогија. Треба средства, треба пари. Ако не одговори министерот на ова ќе си сноси одговорност. Најбитната работа е Министфрртвото за култура да финансира проект, а не кадри во културата. И дали на Мс1кедонија и требаат тенкови, дали на Македонија им треба МВР и уште повеќе работи и тенкови и авиони, мислам дека на Македонија повеќе ќе и треба култура.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги дами и господа навистина се осеќам радосен што имам чест да дискутирам по оваа тема, теме која ја поздравувам, која беше доста разработена во филмот, разработена во овие дискусии од сите парламентарци,а мислам и на адекватен начин третирано од Комисијата за култура која, навистина,приложи заклучоци кои се на право место .Исто така, оваа состојба колку да е негативна мора да ја гледаме и позитивна, морам да кажам карикирано во однос на некои поранешни состојби кои беа како појава во едноумието, каде што се случуваа дури погруборозни дејствија, како на пример во градот на клавирите - Битола,каде во одредени културни зданија свои претстави држеле глумици од европски ранг, како на пример Сара Бернар, кои се на , гледано од сегашно рамниште, кои се глумици на сегашно рамниште глумици од Мишел Фајтер,или Џури Фостер, со одредени политички одлуки таквите зданија се избришани за век. Значи од оваа моментална состојба можам да кажам дека е далеку попозитивна и попродуктивна и се надевам дека такви грешки во културата овој Парламент, оваа Влада н овој министер за култура нема

да си дозволат. Би бил радосен да по девет месеци гледаме повторно филм и да ги согледаме резултатите од оваа задача која ја добива министерот и Министерството со своите одговорни соработници преку предлог - заклучоците по основа на оваа информација. Инаку самиот филм кој беше прожектиран ни укажува дека во Министерството, Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина ќе треба да се трансформира во Министерство за урбанизам, градежништво и зашггита на човекова и културна околина. Мислам. дека решавањето на тие проблеми што ги видовме во филмот најадекватно и посеопфатно ќе бидат решени во ова Министерство.

Се надевам дека дел од обврските ќе му бидат намалени на постојното министерство и ќе добие во квалитет за сите останати задолженија, кои ги има. истото.

Моменталната состојба како што ја согледувам е следна. Не би рекол да е ова Министерство за култура, туку по согледувањата и едукатите кои ги гледаме е Министерство на фестивали, Театарски игри, илинденски денови, Министерство за Охридско лето, Струшки вечери на поезија и разни модерни фестови. Мислам дека ова во овој момент претставува криза на моралот, криза на идејата и најповеќе на работните навики на работниците во културата. Мислам дека време е и момент да познатите боеми на културата излезат со своите прави идеи.

Решение по мое гледајќи и познавајќи ги вкупните состојби единствено е само во работа, повторувам работа, работа и работа во културата. И од таа работа следствено следуваат резултати. Ако нема резултати, а за кои резултати ќе донесеме одредени заклучоци, одредена политичка поддршка тогаш нормално следуваат промени.

Значи, повторувам. Ако треба политичка поддршка мислам дека министерот за култура ќе ја добие. Со овој потез со усвојување на заклучоците работата се префрла на министерот и навистина чекаме резултати од него. Ако можевме во овој Парламент, во овој втор состав на Парламентот во овие веќе две изминати години да разгледуваме две информации за жетвата, две информации за откупот ан тутунот, две информации за пласманот на раноградинарските култури, мислам дека ќе треба барем еднаш годишно да разгледуваме и информација за културата. Мислам дека граѓаните на Република Македонија, членовите на овој состав на Парламентот и претставниците на Владата ќе ни го овозможат тоа. Вака чекам да со подобри резултати со нова информација по девет месеци Министерството за култура ќе излезе пред Собранието. Македонскиот културен ембрион е начнат. Да видиме што ќе прогледаме.

На крајот од мојата дискусија предлагам како седми заклучок како дополнување на заклучоците кои се предложени од Комисијата за култура дадеме и временско ограничување да во рок од 9 месеци Министерството за култура изготви нова информација со показатели дали оваа состојба е променета позитивно или негативно.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри,почитувани пратеници, круга пред година и пред 5 до 6 месеци, на првата седница на Комисијата ја побаравме оваа информација имавме за цел на некој начин да го упатиме овој Парламент да проговори за тие проблеми кои што на некој начин отсликуваат една кошмарна слика на сето она низ кое поминуваме, заминуваме, среќаваме некаде, меѓутоа, забележуваме и за миг го забораваме. Она што Министерството за култура ни го приготви е сигурно анализа, сигурно една рендгенска снимка за она што ние го доживувавме како кошмарен сон, меѓутоа и за нешто кое што во миг не потсетуваше на генерации и генерации пред нас кои го стварале, во еден

момент н на генерации кои го стварале и истовремено го расипувале истото нешто, меѓутоа на некој начин и не обврзуваше да во еден момент да се случи некој стоп кадар и да тргнеме кон некоја линија која што ќе проговори со некои поинакви реченици, инакви постапки кон нашето културно наследство. Од таа причина јас сум многу задоволен што ете и една ваква дискусија се случи денес без разлика што во овој момент ги имавме можеби во една уметничка слика, филмската сторија која што ја направија двајца талентирани режисери од нашата македонска театарска јавност, која што низ својот документарен филм исто така прикаже некои уметнички вредности и иако такви ние го поминавме тој час како миг и толку инспиративно не наметна да разговараме за оваа тема. Меѓутоа, тука беше и една анализа која што ги отвори сите паралели, сите компарации и по хоризонтала и по вертикала, споредби кои што ни се случувале овие последни години, меѓутоа и она што ни се случувало во овие години station наназад.

VIII/1.- РД-ВБ

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ**: (продолжение)

Оттаму се соочуваме со фактот дека ете и денес говориме на оваа тема имаме некаде 80 милиони каде што сигурно таков пример нема во ниедно друго министерство. Зошто кога секогаш секаде има добар збор за културата, кога сите ние даваме придонес ниеден тука иако тука расправавме за еден закон и за неколку закони кои ги помина би требало да помогнат, во сферата на даночната политика да ја олеснат оваа ситуација која што е, секогаш поминувале тие закони, никогаш немале политички опструкции од било која страна. Каде тоа затајува на кои патишта наидува на отпор. Едноставно одговороо немам до денес и мислам дека покрај овие заклучоци кои што се нудат може треба да се додаде дека ние ќе се соочиме сигурно со некаков ребаланс. Неприфатливо е после едни вакви дискусии ние го прифатиме тој ребаланс, како некаква селективна стапка во областа на културата и која што само ќе го потврди она што денес го имаме како слика. Ние денес отвораме една нова страница во овој Парламент и ќе говориме со факти за она што ни се случува и што не тишти и туре не ќе сакаме да говориме дека и ние така бедло сме поминале како што некои генерации пред нас поминаа преку она што некои генерации го направиле на овие простори. Сакам да кажам дека овие закони кои што ќе доаѓаат тие сигурно треба да бидат ослободени од било каква политичка боја. Ние кога говориме и за мултикултурата, јас го сфаќам дека тоа не мора исклучиво да се среќава во еднонационални институции. Напротив, каде што почитуваниот г-дин Рамадани даде примерок со филхармонијата, јас ќе спомнам и една претстава каде што денеска ќе не претставува во Европа на авторот Горан Стефановски "Баканали" има од три театри во Македонија. Тоа се Македонската, Албанската и Турската драма. Таа претстава е верификувана и одбрана меѓу десетте најдобри на еден фестивал кој што <Se вика Престолнина на културата во Европа, еден

месец во Копенхаген во Данска. Така што можеби и сликата во овој момент не е целосна од она што го прочитавме и видовме. Има многу светли точки. Тие светли точки сите вие понекаде ги регистриравте. Таа светла точка и самиот министер кој се зафати со оваа работа и кој што сеопфатно го донесе ова денес во вид на материјал и кој што оттука ниедна генерација, ниеден парламент поинаку не ќе може да разговара и кој не ќе може да премине преку тоа без да го има при себе овој филм и оваа анализа за некои понатамошни одлуки или закони кои ќе ги донесува овдека. Оттука сакам да ви се заблагодарам на сите вас, бидејќи секогаш комисијата наидува на поддршка. Од самото осамостојување како комисија до самото донесување на закони, овдека парламентот наидувал на одобрување на секој потез од некакви средства кои од буџетот се одземаат дури од некои сфери кои што тешко беше замисливо во други времиња. Сите имаат слух за таа работа. Меѓутоа, исто тоа е напомена во некои горчливи теми и тука можеби треба да донесеме некои политички одлуки кои што во ниеден момент не треба да сметаат на културата како нешто што е изнад политиката на овие простори. Всушност и како она во филмот каде се испреплетуваат од сите тие живеења и го покажуваат богатството на овој период и го претставуваат богатството на сите кои доаѓаат тука и го доживуваа како нешто автентично и како нешто кое само на овие простори можело така да живее. Таа е таа поента за која говорам. И мислам дека проблемите ќе се јавуваат во културата мора да бидат ослободени од политиката и од политиканството. Ете во таа смисла мислам дека е еден добар чекор напред што ние после донесувањето на законот за авторско право која што не донесува во таа Европа, меѓутоа не тера и да се споредуваме со таа Европа. Кога ќе ја кажеме оваа темна слика и кога ќе ги видиме буџетите на тие развиени земји во културна Европа ние сме сепак на маргините и сепак она што го имаме како достоинство кое не брани пред

светот е над таа моќ која што ние ја кажуваме дека некои будејќи направиле ова што го направиле. Меѓу- тоа, не може така веднаш паушални оценки да се даваат и кривицата да ја фрлиме на луѓето таму каде што работат. Има и тоа, меѓутоа не е така едноставно да се сведе на некои луѓе кои што на некој начин доживеа тој живот од денес за утре. Тоа е сепак политика која што треба или да се подигне на нивото на држава за тие институции за кои треба да се подигне или за овој закон за кој што сега ќе говориме, за локалната самоуправа и сето тоа во интерес да се подобри она што сите нас не прави горди и, не прави среќни кои останавме и кој го живееме овој живот во оваа ваква Македонија каква што е.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, јас бидејќи еднаш дискутирав, со проекцијата на филмот ќе се обидам да бидам краток и со оглед на изминатото време да избегнам една опасност да паднам во некои патетични води, зборувајќи во детали. Јас прво сакам да се заблагодарам за вниманието што овој Парламент го потсети на материјалот, особено што првпат се прифаќа видео снимката како материјал за Собрание, а исто така би сакал да се заблагодарам на Комисијата за култура која што навистина ни даде еден добар поттик да ја довршиме работата што беше во едни глобални идеи замислена, на некој начин и претходно, а ние завршивме, развивме итн.

Зошто се определив да прикажам објектив, а не луѓе. Затоа што прво сакав да избегнам да зборувам за разни понижувачки, катастрофални ситуации во однос на личните доходи и состојбите итн.,

особено што сум свесен дека во моментот тоа не може да се промени. А второ, мислам дека еден драматичен документ навистина е потребен не само заради нас што првпат ги гледаме некои од овие објекти туку заради целата јавност која што мислам дека треба да види малку што е тоа што станува и евентуално треба да се стекне и да се активира додека не се урнале објектите и додека не се збришале фреските.

Јас тука би сакал да кажам да ги објавам некои свои цели во наредниот период. Навистина, не сум сосема сигурен колку ќе трае мојата работа овдека како министер. Министерството за култура и јас самиот би сакале да ги направиме следниве работи во наредниот период. Прво да донесеме еден општ закон за култура каде ќе се дефинираат односите и благодарејќи на тој закон ќе се направи една радикална реорганизација и рационализација. Второ, би сакал да направам една конкретна кадровска обнова, особено на раководните кадри во културата. Трето, мислам дека треба да направиме сопственичка трансформација на дел од културните објекти, институции итн. И четврто, една исто така темелна реформа на самото Министерство аз култура. Мислам дека овие неколку работи што ги наведувам тука не се едноставни и лесни за правење, ниту се пријатни, ниту за мене ниту за другите, меѓутоа, од друга страна се неопходни, ако сакаме нашата култура да ја разбудиме од една кома во која што се наоѓа, губејќи ги своите квази сигурни позиции во социјализмот и наоѓајќи се во еден простор каде нема да најде доволно јасни координати како треба да се однесува и што треба да прави. Вас сакав да ве замолам, јас не можам да барам задачи на ова собрание, евентуално да замолам во неколку работи да помогнете, а тоа е прво да ги донесете овие заклучоци што се предложени од Комисијата за култура. Второ, да ве замолам да ги понудите сите наши напори да се избориме за еден кредит од меѓународни размери кои што ќе помогне да се направат овие услови ,за работа кои што ги гледавме тука и трето, не така последно по важност,

меѓутоа исто така важно да се промени местото. на културата во буџетот на Република Македонија, односно учеството на културата во општествениот производ од сегашната состојба во текот на еден период од неколку години да дојде до еден процент кој што ќе биде адекватен на ангажманот и енергиите кои што ги имаа во тој правец. Говорам за еден процент од 1,5% значи практично кој ќе ни овозможи во тек на неколку години да дојдеме до еден завиден статус. Тоа е суштината на ова што сакав да кажам. Уште неколку само кратки одговори на некои спомнати детали овдека. За жал дури ни Емин Дураку нема услови за работа, сега му бараме и мислам дека сме на пат да му најдеме простор. Меѓутоа, такви услови нема ни Кочо Рацин ни едно друго друштво и во самодејностите не финансираме скоро никаде ништо, затоа што ни во дејностите не финансираме каде што треба квалитетно. Кенга Ехо и некои други фестивали ги финансираме ,дали добиел средства зависи од тоа како стојат генералните состојби, а се разбира мислам дека е битно во рамките на Министерството да има уште сигурно два сектора кои што ни недостасуваат едниот е за алтернатива и за сето она што опфаќа алтернативата, а дали вториот е него крстиме мултикултура или поинаку, меѓутоа, сигурно дека мешањето на културите е битна димензија на овој простор и сигурно треба да се најде начин како тоа треба да се артикулира во рамките на Министерството. Јас не знам дали се овие за дадени 9 месеци, како што ги спомна еден пратеник овде многу или малку, затоа што тоа е релативно, зависно како ќе се развиваат работите, во секој случај мислам дека е значајно што денеска одвоивте време да го видите материјалот и да ја погледате оваа информација, ние работно ја викавме анализа зашто сметаме дека навистина содржи елементи на анализа, а се надевам дека оваа поддршка што ја добивме од повеќе страни на салата, од повеќе

пратенички групи само покажува дека културата е нешто што е битно на луѓето кои живеат на овој простор, независно како се партиски и политички и национално определени или дефинирани. Во. таа смсила би сакал да ви се заблагодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот содржан во извештајот на Комис јата за култура го ставам на гласаше.

Кој е за, молам. да крене рака? (64)

Дали има некој против? (не)

Процедурално г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Во својата дискусија истакнав и побарав како седми заклучок во рамките од заклучоците од Комисијата за култура дадено е временско ограничување од 9 месеци за изготвување на нова информација по основ на преземените мерки, цели и задачи кои ги искажа сега министерот за култура, да видиме кои резултати ќе се постигнат за време од тие 9 месеци. Овој заклучок службите го припремаат, но ако не се нарушува процедурата за донесување, и нормално со предлагачот на претходните заклучоци ако се согласува тој да е составен дел на тие заклучоци, би требало и овој заклучок да е составен дел на вкупните заклучоци кои се донесоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие секако знаете по Деловникот обврска е во писмена форма да се дистрибуира предлогот до пратеникот.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен. Ве молам во секое време од Владата можеме да побараме да достави информација.

VIII/7.-

Тоа не е никаков проблем.

Одиме на последната точка од дневниот ред – Предлог на закон за локални избори.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењата на Собранието на општина Гевгелија Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, пред нас имаме еден мошне значаен закон, заради тоа што ги тангира интересите на граѓаните, политичките партии, политичките субјекти. Предлог - законот за локалните избори во исто време е прв закон од изборната сфера по донесувањето на Уставот на Република Македонија. Законот за локалните избори исто така е индикатор за степенот на демократијата, бидејќи укажува на степенот на еднаквите шанси на рамноправноста во изборната трка и на тој начин на демократската подлога на политичките институции кои што ги конституира самиот изборен процес.

Од тие причини, на овој закон му е посветено посебно внимание во неговото изготвување. Во рамките на процедурата за изготвување на законот, беа консултирани политичките партии од парлаиентарната опозиција од вонпарламентарната опозиција . Со поголемите политички партии се водеше дијалог повеќе од два месеца. Предлог - законот за донесување на закон за локални избори, тоа значи првата фаза на овој закон, или првата верзија што ја разгледуваше Собранието беше доставена до сите политички партии на Република Македонија, со барање тие да достават мислење, сугестии и забелешки.

VIII/8.-

Во исто време овој закон беше доставен и до националниот демократски институт, па ја добивме неговата експертиза непосредно пред разгледувањето на првата верзија пред Собранието. Од две поголеми политички партии од ВМРО-ДПМНЕ и од Демократската партија добивме писмени прилози по повод првата верзија на Законот за локални избори кои што беа од повеќе страници од 11 до 15 страници. Од националниот демократски институт исто така добивме стручна експертиза па на таа основа ги земавме сите тие материјали во внимание и беа респектирани до голема мерка предлозите, забелешките, сугестиите. Имаме чувство дека најголемиот дел од стручните забелешки на институтот односно на националниот демократски институт се вградени во овој закон. Голем дел исто така од материјалите од поголемите политички партии на вонпарламентарната опозиција исто така се земени предвид и голем дел се институционализирани во решенијата на овој закон. Во овие последни два дена воден е официјален круг на завршни разговори заради дополнително усогласување на ставовите на вонпарламентарната и парламентарната опозиција на разговори за усогласување на ставовите по овој закон. Тоа посебно денеска се одржани две трибини трибината во организација на националниот демократски институт во Домот на армијата на Република Македонија каде што беа поканети партиите, а беа присутни по мое мислење најмалку претставници на 10 такви партии и во Министерството за правда каде што беа присутни претставници на пет политички партии, при што тука на прво место беа присутни претставниците на Либералната партија, на ВМРО-ДПМНЕ, на Демократската партија на граѓанско - либералната партија и на МААК. Се расправаше по нивните сугестии, а посебно по предлог - текстот кои што означуваше еден вид предлог - амандмани на Законот за локалните избори.

VIII/9.-

Сакам да го известам овој дом дека пред да се пристапи работно и конкретно по одредени амандмани, за кои изнесувавме аргументи сите учесници се обидувавме да ги оцениме најрационалните решенија беше поставено од трите политички партии од парламентарната опозиција и вонпарламентарната опозиција да се разговара со општи прашања во врска со Законот за изборите што инаку во нивниот предлог беа дефинирани на неприфатлив начин за министерот за правда, како минимални услови за одржување на регуларни избори, бидејќи доколку беа под тој наслов прифатени тоа ќе значеше дека токму овие 6 точки се тие минимални услови што значи неделејќи го мислењето дека тие 6 точки се навистина објективно тие минимални услови и решивме да ги разгледаме како општи прашања во врска со Законот за изборот. По изјаснувањето на ставот на министерот и на партиите по тие прашања влеговме во расправа по амандманите.

Сакам да укажам дека и општите прашања и амандманите некаде триесетина, така да кажам предлози и сугестии што беа дадени по подолго разгледување констатиравме дека еден добар дел од нив комплетно на ист начин се преклопува со владините амандмани, што значи дека беа прифатливи и тие, бидејќи се преклопуваат и со претходните владини амандмани.

IX/1 ДВ/ПН

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Се прифатија некаде 12 до 13 амандмани што не беа содржани во владините амандмани и за кои сметавме дека се рационални предлози, стои зад нив аргументација и го подобруваат текстот, било прецизирањето на одредбите на текстот, било од технички карактер.

За одредени прашања направивме компромис. На пример компромисот се состои во избирачките тела, во таа смисла што прво ја прифативме генералната идеја дека изборните комисии и избирачките тела во делот на членството треба рационално корисно и легитимно да бидат составени од членови и од партиите на позицијата и од оние партии од опозицијата кои што се поголеми а во законот го дефиниравме критериумот за тоа што се големи опозициони партии, укажувајќи дека тоа се тие кои освоиле 5% на последните избори. Тие сите заедно предлагаат, во изборната комисија двајца членови, а вкупниот број на членовите на изборната комисија е 4 пулс претседател кој што е судија и заменик кој исто така е судија, што значи 4 членови 4 заменици се така распоредени, два се од партиите на опозициајта, а двајца се од партиите на позицијата.

Во рамките на избирачкиот одбор застанавме на бројката еден претседател и двајца членови при што рековме еден член е од партиите на опозицијата а еден член од партиите на позицијата. Изборот го врши Републичката или Државната изборна комисија, што води сметка за искуството на кандидатите, за угледот во средината и се подразбира, ја имаат поддршката на партиите со самото тоа што се предлози на самите партии.

IX/2

Таму каде што останавме секој на своите предлози и на своите аргументи, изнесовме бројни аргументи и едните и другите за сопствените предлози, јас за предлозите на Владата на РМ, претставниците на опозиционите партии за своите предлози. Тоа се следните предлози кои што не беа усвоени:

Прво, предлогот на избор на градоначалник да биде во вториот круг да одат само двајца кандидати, не беше усвоен тој предлог и останав на предлогот на Владата во вториот круг да одат кандидатите кои освоиле 10% гласови од избирачите што гласале. Овој предлог беше варирави подоцна од страна на овие опозициони партии во таа смисла што имаше еден дополнителен член кој што низ други формулации го постигнуваше истиот ефект. Имено, кандидатите за градоначалник да можат да се откажат меѓу првиот и вториот круг, што фактички повторно ќе се сведеше на предлогот двајца да одат во вториот круг. Причините што ги изнесов се владини причини да се претпочитува предлогот од 10% се следни:

Прво, тој модел на проодност меѓу првиот и вториот круг, во случајот на избор на градоначалник постои во други земји, постои, се разбира, и моделот првите двајца, што значи едниот и други модел се во компаративно право, што значи може да се земе и едниот како стандард и другиот како стандард.

Втор аргумент што Владата смета дека е значаен е тој дека кандидирањето за градоначалник има и лични мотиви или значење за самата личност и на таа основа кандидатите за градоначалник, без оглед што може да постапат консеквентно како членови на партии, ние сепак сметаме по идеја, а таа идеја е демократска и позната во политикологијата дека тие постапуваат и како кандидати кои сакаат

персонално да конкурираат, кои што имаат и личен мотив, бидејќи изборите во нивната основна матрица е односот на граѓаните кон кандидатот што се такмичи да биде избран.

Трето, самите граѓани што ги имаат за кандидати за градоначалници во првиот круг поголем број што ќе постигнат доверба на еден значителен процент, ќе добијат така да речам доверба на најмалку 10% и повеќе, самите граѓани не можат да бидат дефинирани и редуцирани, на крајот на краиштата, како да се членови на политичките партии. На тој начин политичките партии откога ќе ги повлечат другите граѓани, да ги стават во положба да мора да гласаат за еден кандидат на група на политички партии.

Граѓаните иако може да бидат членови на политичките партии, тие може да бидат и симпатизери на политичките партии, приврзеници, но со доволна доза на мотиви, критериуми и вредности во пристапувањето во изборите, веројатно мора да имаат можност да покажат дали во дадената политичка технологија околу изборот на градоначалникот докрај се солидасризираат со партијата, или сакаат да покажат избор на автономност. Што значи, сметаме дека на граѓанинот треба да му се остави опција да ја послуша политичката партија, но и да не ја послуша односно да се определи, по своето наоѓање за вредностите на кандидатот.

Сметаме дека ова е исто така подобро решение бидејќи го стимулира изборниот процес и како однос и како систем од арсеналот на демократијата, на граѓанската демократија, а не од арсеналот на партиократијата, или каде што поимот на граѓанската демократија не наоѓа никакви други можности освен надвор од матрицата на партиите и на партиската демократија. Ова поготово сметаме дека е подобро

решение заради фактот што политичките партии имаат можност фактички, да ги повикаат гласачите да гласаат за еден кандидат, да соопштат јавно, јасно, со сите аргументи дека на листата има, навистина, повеќе кандидати, но тие ги повикуваат своите членови, ги повикуваат своите приврзеници од граѓанското тело или од избирачкото тело да гласаат за тој кандидат, заради причините што тие ќе ги соопштат, што значи дека навистина може да функционира матрицата на 2 кандидати доколку сите партии се солидаризираат и направат коалиција за 1 кандидат. Тогаш, на другата страна преостанува вториот кандидат. Бидејќи постои таа фактичка можност нема причини таа политичка опција или тие политички партиски интереси, да станат правен институт и тоа правен институт да важи општо за сите граѓани и за неопределено време. Токму за тоа сметам дека предлогот на Владата има, така да кажам, сила на аргументи и сила во нејзината идеја.

Во однос на вториот амандман, во однос на избирачките легитимации за кои во законот во системскиот дел рековме дека легитимацијата ќе биде еден од документите која во изборите ќе го легитимира изборното право на односниот граѓанин, а во исто време врши и функција на идентификација на тој граѓанин што има изборно право дека е елемент од изборите.

Во преодни и завршни одредби, тука беше спорот, се укажа дека за овие избори и тоа само за локалните не се применува задолжително таа одредба поради проценка која е извршена во Владата дека не е можно да се постигне да се издадат тие избирачки легитимации. Имаше многу аргументи од која природа, така и така натаму, стои фактот дека една состојба или една реалност од 4-5 години во кои дали тоа поради државните симболи или поради се она друго не се успеа да се издадат

нови лични карти и во таа смисла и избирачките легитимации, се проценува дека не е можно да се постигне да се издадат. Ако се постигне во сето тоа, евентуално, можат и да се вклучат, бидејќи тогаш решението од основниот текст има поголема сила од решението од преодниот текст. Меѓутоа, не може да се преземе обврска што би значела, на пример дезавоирање на изборите или пролонгирање на тие избори.

Нешто трето, пошто не се согласивме скоро и да немаше, бидејќи имаше еден предлог да се постави прашањето на составот ан државната изборна комисија, при што беше јасно кажано и еве сега соопштувам дека прашањето на државната изборна комисија во смисла на составот на државната изборна комисија не е предмет на овој закон. Тоа е предмет на законот за избор на пратеници, а составот на Државната изборна комисија се решава со посебна одлука на Собранието, што значи дека тоа е друга процедура. А, аргументите дек таа комисија е внесена во овој закон, практично треба да се разграничи. Во овој закон е внесена само со идентификација кој е тој орган што ги избира изборната комисија и избирачките одбори, но не е внесена во смисла како треба да изгледа тој орган според неговиот состав. Неговиот состав се решава во посебна процедура и од тие причини тоа е беспредметно во овој момент да се операционализира во каква и да е одредба во овој закон. Во друго скоро и да немавме, да речам разлика, бидејќи низа предлози поврзани со избирачките списоци, со нивната ажурност, со нивното заклучување, на 20 дена пред изборите, со неможност да се допишуваат тие освен во исклучителни случаи, доколку со судско решение во вонпарнична постапка некој граѓанин го докаже своето право, беа прифатени.

Дали тоа решение што е прифатено, а е предложено од опозиционите партии е подобро, или е подобро она решение кое овозможуваше извесна флексибилност на избирачките списоци, доколку одреден број на граѓани имаат уверение за државјанство, имаат лични карти после 1991 година, имаат пасоши после 1991 година, не можеме да оцениме во овој момент. Беа изнесени податоци дека процентот на тие граѓани што имаат патни исправи и лични карти после 1991 година е мал во однос на вкупниот процент на граѓаните од РМ како избирачи и дека е подобро да се оди со варијантата комплетно заклучени избирачки списоци на 20 дена со овие исклучоци преку судско решение за да нема шпекулации односно да нема основа за недоверба. Сите други амандмани што беа предложени ги преточивме како владини амандмани, ќе ги добиете и сметаме дека тие навистина помагаат за извесно прецизирање, допојаснување, доусовршување на механизмот, не само на одвивање на изборната активност, туку на контрола, на надзор, на заштита на изборните права. Во таа смисла навистина одевме со ист дух и министерот за правда и претставниците на тие партии да се испланираат механизми кои навистина нема да остават место, или ако воопшто постои тоа место ние не сме го домислиле, не сме го во тој момент истакнале, да не остават место за манипулации и сомнение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг се јавува за збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Со разгледувањето на законот, кој сега ни е на дневен ред полека влегуваме во фазата на сериозна подготовка на законските проекти за претстојните локални

избори, би рекол со голема доза на нервоза и неизвесност, самиот факт што работиме во касните вечерни часови, зборува за тоа, иако Владата имаше на располагање скоро 5 години за да ги предложи овие законски проекти. Дури. тоа беше неколку пати потенцирано од страна на премиерот како важна определба на Владата. Исто така и од страна на пратеничката група на ЛП во неколку наврати беше потенциран фактот дека за одржување на демократски, чесни и фер избори треба навреме донесување на законска регулатива, а не непосредно пред самото одржување на изборите, за да не се стави сомнеж дека законите се кројат така како што одговара тогаш на дневно - политичките интереси за да се освои полесна победа на изборите, како и на потребата за регулирање на законската материја која треба да ги регулира граѓанските права и обврски на граѓаните во РМ.

Сепак, мислам дека е за поздравување фактот што Владата што министерот за правда г-динот Поповски прифати последните два дена конструктивни разговори со претставниците, како на парламентарната така и на најголемите вонпарламентарните опозициони партии, што претставува еден голем напредок за демократските промени во Македонија, имајќи го предвид фактот што во досегашниот период беше невозможно на таков начин да се комуницира со Владата иако е тоа нешто сосем нормално во земјите со стабилна демократија. Јас очекувам дека Владата и за другите суштински законски проекти кои се навистина од големо значење за државата и понатаму ќе има таква ширина и дека ова нема да биде само испад кој го има направено министерот Поповски, туку дека ќе биде сериозен таков пристап на таа линија на целата Влада на РМ.

Факт е дека од предложените 28 амандмани на пратеничката партија на ЛП, значителен дел беа прифатени од страна на министерот за правда, еден дел сами ги повлековме, затоа што во разговорите со претставникот на Владата и со другите партии најдовме компромисни решенија или се согласивме со предлозите за Владата кои нудеа подобар начин на регулирање на таа материја. Меѓутоа, за жал морам да констатирам дека не беа прифатени мал дел на амандмани кои за ЛП како и за останатите опозициони партии се сепак клучни моменти за одржување на демократски, чесни и фер избори, па ќе се обидам акцентот во следните реченици,да го ставам баш на тој дел од тие прашања, се разбира да ги изнесам нашите аргументи и аргументите на останатите партии кои учествуваа во овие разговори.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ: (**продолжение)

Министерот за правда едно од прашањето ги кажа на крајот од своето излагање, тоа е прашањето на изборот на нова државна изборна комисија во која половината од нејзините членови би биле избрани на предлог на најголемите опозициони партии.

Ние се согласуваме со образложението дека изборот на државната изборна комисија не е предмет на регулирање со овој законски проект кој е денес на дневен ред, меѓутоа факт е дека иако е таа формирана со друг законски проект добива надлежности и ингеренции со овој законски проект и тоа прашање го поставуваме како важно за да добиеме да речам такво толкување и да ја видиме добрата волја на Владата за да се направи компромис по тоа прашање.

Се разбира најдобро би било кога во нашата држава би можеле да избереме сосема неутрални изборни органи како што велат експертите од националниот демократски институт од Вашингтон, меѓутоа во овој момент, тоа за нашата држава е утопија затоа што е многу тешко да формирате било каков орган за кој може било кој да потврди дека во него ќе бидат изборни луѓе кои се непристрасни, а од друга страна компетентни.

Додека е таква атмосферата во нашата земја, се разбира најдобро решение би било како со државната изборна комисија така и за изборните комисии во општините и избирачките одбори да бидат оставени на паритетна основа односно 50% од членовите да бидат избра- ни на предлог на партиите во позиција, а 50% на предлог на партиите од опозицијата за да може низ механизмот на меѓусебно контролирање да се стекне неопходниот степен на меѓусебна доверба во одвивањето на самиот изборен процес за да може на крајот на краиштата на тој што победил тие што изгубиле да му честитаат како што тоа се случува во многу држави. Имавме прилика тоа во скоро време да

го видиме дури во руската федерација која е поголема земја од нашата.

Второто од тие барања е во составот на тие комисии и избирачките одбори да бидат избрани на предлог на најголемите опозициони партии .Во врска со ова барање успеавме да направиме компромис со Министерот за правда, меѓутоа не успеавме до крај да се договориме тој го прифати ставот половината да бидат избрани на предлог на опозиционите партии, под најголеми ќе ги третираме тие кои, доколку така прифатиме, на последните парламентарни избори освоиле најмалку 5% од гласачкото тело на РМ, меѓутоа не успеавме да се договориме околу бројот на членовите на изборните комисии. Нашиот предлог е изборните комисии да бројат,претседате, кој би се бирал од редот на судиите на основните судови и шест членови, а од тие шест три да бидат на предлог на позицијата, а три да бидат на предлог на опозицијата. не се работи за којзнае каква математика, во прашање е само една обична логика затоа што во државата постојат повеќе опозициони партии и доколку бројката на кандидатите кои би требало да се изберат од листата на опозицијата би била 2, би се направиле сериозни пореметувања околу тоа која партија ќе даде, а која нема да даде визави најголемата партија од власта која во секоја комбинација би имала гарантирано место во составот на изборната комисија. Сметаме дека тоа не би бил некој посебен проблем за да не би било прифатено од страна на Владата.

Исто така сериозно прашање за кое неуспеавме да постигнеме договор со министерот за правда е, барањето секој граѓанин,државјанин на Република Македонија со право на глас пред одржувањето на изборите да добие избирачка легитимација која ќе претставува единствен валиден документ за идентификација и гласање. Ние сметаме дека аргументите или толкувањето кој во име на Владата го даде министерот за правда дека нема технички можности до денот на одржувањето на изборите односно во разумен рок да се направат тие

избирачки легитимации не држат, поаѓајќи од искуството на другите држави со сличен развој како РМ, како на пример искуството во Романија каде што на парламентарните избори во 1992 година за само од 24 дена се направени 14 милиони гласачки легитимации со помош на еден американски институт, а за неполни шест дена биле дистрибуирани во Република Романија

Поаѓајќи од тоа искуство ние сметаме дека со одредена помош која би ја побарале и веруваме во тоа дека ќе ни биде доделена постои можност за милион и 300 и нешто илјади гласачи во РМ, цел а оваа постапка благовремено да заврши за да може секој граѓанин за следните локални избори да ја поседува таа избирачка легитимација и за да има сигурност во идентификацијата при гласањето. Очекуваме дека можеби до крајот на седницата Владата и ќе го прифати тој предлог.

Исто така, едно од важните прашања беше комплетното и прецизно регулирање на избирачките списоци со потполен увид во нивното ажурирање од страна на политичките партии по финалното заклучување на списоците 20 или 30 дена пред одржувањето на изборите исклучено било какво нивно дополнување. Право да гласаат имаат само оние граѓани кои се наоѓаат на заклучениот избирачки список. Со за- доволство констатирам дека министерот за правда се согласи со овие наши барања и тоа ќе биде вградено во вид на наши амандмани и аман мани на Владата во предложениот законски проект.

Едно од клучните прашања покрај прашањето на изборната легитимација и државната изборна комисија и изборните комисии и избирачките одбори секако е изборот на градоначалник. Имено ние сметаме дека аргументите кои ги дава Владата на РМ со законскиот проект во вториот круг на изборот за градоначалник да влезат сите кандидати кои на првиот круг добиле најмалку 10% од гласовите не држи

односно дека не соодветствува на праксата и стандардите во Европа и во светот иако има држави каде што има и такви случаи, меѓутоа тие се очигледно во малцинство затоа што сметаме дека најдобра и оптимална варијанта е во вториот круг на изборите за градоначалник да се пласираат само двајцата кандидати кои во првиот круг освоиле најмногу гласови, од следните причини. Прво, затоа што е неопходно потребно личноста која ќе биде избрана за градоначалник да биде из- брана со еден солиден процент на гласови за да се стекне со значи,- телен легитимитет пред граѓаните во извршувањето на другите функции и второ, за да може преку* влегувањето на двата кандидати во изборната трка во вториот круг гласачкото тело да се идентификува односно да може да бира помеѓу две опции.

Предлогот што го нуди Владата мислам дека е конструиран свесно иако сум сигурен дека не се убедени дека е тоа добро решение поаѓајќи од дневно политичките калкулантски интереси на владеачката партија за да може да се разводнат гласовите во голем број на општи- ни во Македонија и кандидатот на социјалдемократскиот сојуз полесно да избие на првата позиција во ситуација кога другите опозициони партии не би настапиле здружени на изборите за градоначалник.

За да ги поткрепам моите аргументи ќе ви прочитам еден став од експертизата на националниот демократски институт во која се вели тоа е страна 10, првиот став "стандардната меѓународна практика во мнозинските избори во два круга е за вториот круг да се квалификуваат само оние кандидати кои во првиот круг добиле нај- голем број или втор најголем број гласови.

Друга алтернатива е за вториот круг да се кандидираат сите кандидати кои ќе добијат минимум, но значителен процент на гласови по првиот круг, а вториот круг ќе реши врз основа на плуралитет.

Х/5.-

Јас би му предложил дури на министерот Поповски на нас како пратеници министерството да ни понуди една компаративна анализа за да не увери во аргументите кои ќе ги изнесува за да видиме во колку држави и во кои држави во Европа и во светот се применува ваков модел каков што ни предлага Владата и спротивно во кои држави се применува стандардниот метод што ние го предлагаме. Очигледно е дека и според мислењето на националниот демократски институт, а и според сознанијата до кои дојдоа експертите од нашата партија дека навистина постојат, но дека се многу ретки случаите вакви, какви што ги предлага Владата, дури, всушност како и да не постојат. Затоа што има случаи како на пример во Франција за изборите за пратеници во вториот круг да влегуваат сите кандидати кои освоиле најмалку 12,5% во првиот круг меѓутоа таму се остава можност во вториот круг тој што не сака да ја продолжи изборната трка да се повлече, а нашата Владата ни предлага решение во вториот круг да влезат сите што освоиле најмалку 10%, меѓутоа не овозможува некои од кандидатите да се повлече од изборната трка. Ние би го прифатиле и компромисот да остане 10%, меѓутоа со можност доколку некој не сака да може да се повлече од вториот круг на гласање односно да не се појави неговото име и презиме на гласачкото ливче.

и, последното прашање за кое мислам дека дојдовме до висок степен на разбирање, беше прашањето на прецизно регулирање на рамноправниот пристап до медиумите, заеднички договорено од сите релевантни учесници на изборите и доколку министерот за правда остане на своите стојалишта и доколку тоа помине како амандман, ние како пратеничка група имаме предложено готов таков текст, може и Владата да предложи таков текст доколку е подготвена, сметаме дека е подобро доколку се остави можноста сите медиуми во РМ да ги утврдуваат правилата за маркетиншкото претставуваше на кандидатите

за изборите на градоначалници и градски советници, тоа да го направи Собранието на РМ, тоа да бидат унифицирани правила кои би биле донесени со една одлука овде во парламентот. Доколку има согласности и доколку тој амандман предложи пратеничката група на Либералната партија ќе го пушти текстот во процедура, а истото тоа може да го направи Владата, не би имале ништо против.

Ви благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас само како претседавач сакам да потсетам дека денешнава седница ја држиме во попладневните и вечерни часови заради барањето кое вчера беше упатено до Собраниево од група опозициони пратеници по оваа точка расправата да ја продолжиме по одржувањето на средбата со министерот која уште вчера беше закажана за 14,00 часот. Така да сакам да потсетам нема никаква драматичност ниту некаква вонредна околност за одржувањето на оваа седница. Единствен и едногласен беше заклучокот денеска да продолжиме по оваа точка.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Г-дине потпретседателе, пратеници, мислам дека би било коректно и мислам дека е од взаемен интерес за сите нас да го слушаме и следиме интервјуто на претседателот, г-динот Киро Глигоров, од причина што и најголемиот дел од нашите колеги, претпоставувам и претседателот на Собранието го следи и затоа предлагам да ни се даде и нас таа можност да направиме пауза, да го следиме интервјуто, па да продолжиме после него или евентуално ако има друг предлог да продолжиме утре,ако не да продолжиме после интервјуто, затоа што најголемиот дел го следат, само ние овде сме во салата.

X/7.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, ако се договориме, меѓутоа, јас би молел да останеме во салата, по завршувањето на интервјуто ќе продолжиме со работа.

(Паузата започна во 2030 часот)

(По паузата седницата продолжи во 22 и о5 часот.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван минстре, најпосле после многу перипетии на дневен ред дојде и оваа точка. Законот е од исклучително значење, кој заедно со останатите закони, како и Законот за локалната самоуправа, за територијалната поделба, за избирачки списоци и легитимации, дефакто ќе послужи за заокружување на правната регулатива во интерес на конституирањето на така наречената локална власт.

Морам да напоменам дека анализирајќи го овој Предлог на закон, компаративно со Предлогот за донесување на закон, има голем број на новини прифатени од страна на опозиционите партии и расправите во работните тела на Собранието и од Националниот демократски институт и според нашите согледувања во релативно висок процент задоволува и во исто толкав процент ќе овозможи правилни и фер избори. Тоа се наши согледувања, меѓутоа, дозволете сега да се осврнам кратко на она што го предлага законот за одредени наши размислувања. Ќе се обидам да го изнесам таксативно.

Имено законот предвидува дека овие избори ќе бидат општи, непосредни и слободни, кој и посвојната форма и содржина овозможува такво нешто. Та е наша констатација.

Второ, што е многу битно, утврден е пропорционалниот принцип за членови на совети и мнозински принцип за градоначалници што дефакто

е прифатено од страна на сите политички субјекти во земјата како модел на кој што, барем во досегашните расправи, нема забелешки.

Понатаму, со законот е прецизирано и може да избира и да биде избран за член на функции и кои функции се неспојливи со функцијата член на советот и функцијата градоначалник. Тука имаме наши согледувања, во обемната расправа по работните тела беше дискутабилно дали функциите назначени во членот 5, носителите на тие функции, е спојливо или неспојливо со функцијата градоначалник и член на совет. Тоа посебно се однесуваше на функцијата пратеник на Собранието на РМ. Потполно стојам на становиште дека функциите назначени во став 1 и 2 на членот 5 се неспојливи со функцијата градоначалник и во интерес на поголема демократичност напоменувам дека поднесов амандман со кој амандман дефакто сакам да се промени ставот 4 на членот 5, во кој став по изборот, евентуалниот избор на градоначалник престанува функцијата што ја обавува. Сметам дека во интерес на демократијата е со самиот чин накандидаирање за градоначалник да поднесе оставка на функцијата на која што е соодветното лице, од причина што се воведува категоријата ризик и второ, се оневозможува користење на функцијата во предизборна кампања која во една пасивна смисла може да влијае на изборот од страна на избирачите. Сметам дека е во интерес на деморкатијата ова да помине. Се разбира, тоа е работа на Собранието. Тоа се наши согледувања што се однесува на оваа точка.

Понатаму, законот ги утврдува органите аз спроведување на изборите, кој нив ги именува, како истите се структурираат и кои се нивните надлежности и технологија на нивното функционирање. Ова можеби побуди најголеми расправи, посебно од страна на опозиционите партии, со оглед на тоа дека законот предвидува да има републички изборни комисии и избирачки одбори. Се разбира, со нив раководи Државната изборна комисија. Забелешките беа и во однос на

нумеричката структура и во однос на структуираноста позиција - опозиција. Мислам дека одредени усовршувања односно унапредувања во оваа сфера постоеја, посебно во тоа што бројот можеше да биде поголем и второ што законот не нуди некои посебни критериуми, со оглед на тоа што , барем според најнови- те најави на министерот за правда, дефакто двајца членови од изборни- те комисии ќе бидат од опозицијата, со тоа што веќе дефакто е и евидентирано која е таа опозиција, а сметам дека опозицијата, мимо двете најбројни опозициони партии, има и други опозициони партии и дека тие, согласно овој критериум, не можат да го најдат местото во изборните комисии и избирачките одбори.

Понатаму, законот предвидува начин на предлагање на кандидати за членови на Советот и за градоначалник, назив на листа, нејзина содржина и други пропишани обрасци, рокови за поднесување на истите, рокови за нивно составување и т.н. Можеби една од најболните точки во предлогот за донесување на овој закон беа прекратките рокови, меѓутоа барем според нашите согледувања и материјалот со кој располагам од предлозите на Националниот демократски институт, дефакто, огромен процент од овие рокови се усогласени, со тоа што се пролонгирани во интерес на подобро информирање на граѓаните и потенцијалните гласачи.

Начинот на преставувањето на кандидатите, агитацијата и слично, како и технологијата на спроведувањето на изборите од истакнувањето на листите, преку гласањето, прибирањето и утврдувањето на резултатите од гласање, многу битна категорија, за која што дефакто расправа законот, овој текст е многу подобрен. Поучени од искуството на претходните парламентарни избори, посебна придобивка е што во

законот се предвидува неискористениот број на гласачки ливчиња да се преброи и да се стави во посебен плик, што дефакто оневозможува надвор од периодот за гласање истите да се злоупотребуваат во таа смисла.

Понатаму, законот предвидува начин на разрешување на нерегуларносттие и технологијата на повторни дополнителни предвремени избори, со тоа што на незадоволните политички субјекти им се дава шанса, се разбира во еден разумен временски интервал, да поднесат жалба до државната изборна комисија и ако не се задоволни до Врховниот суд на Република Македонија. И една добра придобивка е што законот предвидува и можност за набљудување, еден мониторинг систем кој овозможува и во таа сфера да се регулираат односите и во извесна смисла да се придонесе во регуларноста и фер изборите. Таксативно ги назначив основните елементи што ги нуди законот. Бев присутен и на расправа- та на тркалезната^маса со Националниот демократски институт. Длабоко сум убеден дека после сите овие консултации, после сите овие состаноци, гледано од моја гледна точка, не би требало ни да станува збор за евентуален бојкот ,со оглед на тоа дека само во одредени, би рекол периферни зони не се успеа да се постигне комплетна согласност.

Во целина го подржувам законот и сметам дека според нашите согледувања 70 до 75% овозможува фер и чесни избори. Во крајна линија идеален закон, посебно закон за локални избори нема не само кај нас туку ниту во една држава во свето, во ниту едно законодавство и сигурно дека овој или оној политички субјект од оние или овие причини ќе биде погоден од овие одделни одредби. Во глобала, уште еднаш повторувам, ќе го поддржам законот за локалните избори.

XI/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

почитуван претседателе, почитувани пратеници, претходниот дискутант заврши со зборовите дека идеален закон за избори не постои или не може да се донесе, но мислам дали е прашањето во една демократска процедура, дали може да се донесе закон кој ќе гарантира фер избори, реални избори, да ја преслика сликата и желбата на избирачите во претставничкиот дом, во' дадениот случај во Советот и градоначалникот. Мислам дека тоа е можно , а пред се со една нормална процедура, и тоа е задача на овој законодавен дом да донесе еден таков закон, пред се во една нормална собраниска процедура, која е надлежност на ова собрание, во консултација со опозиционите парламентарни и вонпраламентарни партии и како што е во дадениот случај со компаративни споредувања со другите законодавства од таа област во Европа и во светот што е направено. Мислам дека тука е направен еден поголем чекор во однос на усогласувањето и желбата на предлагачот, а тоа беше истакнато и од претставникот на најголемата опозициона партија дека имаат желба, разбирање и однос за изградба на ваков закон. Но сметам дека и во тој дел и во самиот настап, каков закон да се донесе, на крајот во политичката борба и во плурализмот една партија ќе победи друга парти- ја ќе изгуби и онаа партија која ќе изгуби, ни законот е добар, ни гласачите се добри, а таа која ќе победи ќе има добар закон. Во наша- ва парламентарна пракса имавме практичен случај со еден изборен закон за избор на пратеници во два состави на овој парламент, потполно изменет изборен закон  една партија со тој закон да добие, законот беше добар, демократски, фер, а кога ги изгуби изборите или осети дека ќе ги изгуби изборите, законот не беше добар,

не беше фер, имаше манипулации.

Сметам дека и во денешниот настап од почетокот и во претходниот дел, во претходните фази до донесувањето на овој закон се тргаше од една таква позиција , што е можеби нормално за опозицијата. Законот се викаше магловит од страна на претставниците, законот е избрзан, не предложен во процедура, согласно одеше во една деловничка процедура, во претходната фаза како предлог аз донесување на закон, каде се утврди потребата од донесување, основите и начелата на тој закон. Во меѓувреме од страна на опозиционите партии, сигурно од свои партиски интерес, почнаа едни построги критики дека ова е закон за градење на гласови, за политички фалсификати и слично. Во тој дел и на денешното воведно излагање, покрај прифаќањето на ваквиот метод и начин , беше истакнато, и денешнава седница е во некоја ненормална атмосфера, вонредна атмосфера, што сметам од страна на претседавачот од претседателот беше укажано на претставникот дека сево ова е во една нормална и процедурална форма. Што е битно? Мислам дека најнапред треба да расчистиме во основните принципи и мислам дека претходниот дискутант многу убаво праша. Законот има 12 глави и од тие 12 глави во претходната фаза и во оваа фаза во собраниските расправи не се истакнаа основните битни принципи и начела на законот за избори на претставници на граѓаните. Битно и основно е во еден изборен закон како што е овој едногласно и еднодушно од сите страни да се прифати принципот, изборниот модел. Тоа е пропорционалниот и мнозинскиот модел Дури во пропорционалниот модел во оваа фаза се оди на тој дел што на сите во една држава ,која партија е на власт мораме да кажеме прави закони во смисла на добивање на изборите . Овозможено им е на сите мали партии да учествуваат на тајни непосредни избори, да добијат минимален број и

да учествуваат во советите за градоначалници во смислана претставување на граѓаните. Исто така на сите националности кои се во помал број и кој беше голем дефект во одредени општини на тој мнозински принцип на избор на одборници, кога се случуваше онаа националност која е хомогенизирана, не е гетоизирана во одредени населби да не добие ниту еден одборник во одредени општини, врз основа на мнозинскиот принцип на одборници. Овој закон тоа го надминува и ова е општо прифатено од сите партии.

Исто така, мнозинскиот принцип за избор на градоначалник, кој не е можно да се избегне, тоа е еден принцип. Во сите други 12 глави, морам да кажам и претходникот и министерот и претставникот на опозицијата не истакнаа ниедна друга забелешка. На денешната седница и во претходните фази и во собраниските расправи меѓу усогласувањето меѓу Владата спорни се фактички се глави или два моменти, што би рекол .Дали се важни во тој дел, сигурно се битни. Тоа е делот, особено основниот дел, за составот на изборните тела и делот за во вториот круг кои ќе одат, дали за изборот на градоначалник , дали ќе одат двајцата кандидати или ќе одат оние кандидати кои добиле 10% односно 10% од избирачкото тело. Јасна е смислата во предлозите на опозицијата во целокупното делување дека опозицијата отворено и јасно бара не неутрални туку државни органи кои ќе ги спроведат изборите, бара мнозинство во изборните комисии. Тоа е и со Предлогот кој се гледа од амандманите, да биде составено од 8 со претседателот. Мислам дека тој дел и со ова компромисно решение е најден еден компромис на паритет. Независноста на државните органи како институции е позната во светот. Но да се бара и да се напаѓа тој закон, а индиректно да се бара мнозинство, што претставува голема опасност од присуство на политички партии не од аспект на спроведување на реални избори. Во

Македонија политичката свест е изградена/во Македонија има посматрачи кои седат, ги посматраат и без нив ништо не може. Тука е делот на обезбедување на мнозинство во бојкотирање, извршување, како изборите се прав , чест но и должност на граѓаните. Сметам дека во тој дел е најден еден компромис што ќе овозможи реални избори, бидејќи гласањето не е како што рече некој, во пребројувањето на гласовите во бројачите,туку е во желбата на граѓаните и да му ја овозможиме таа желба да ја прифатат. Тешко е во овој демократски период на развој да се смета дека има можност за манипулации, секако поединечни и во одредени изборни места, би можело како секаде степен на толерантност, но за фалсификување на изборите. Сметам дека во тој дел тоа е основниот мотив на тој дел кој опозицијата викаше и го оспоруваше овој закон.

Втор битен елемент е елементот - сигурно пак, викаат претставникот на опозицијата од дневно - политички интереси. Отворено и јасно треба да се каже дека секоја партија се бори за политичка власт с се бори во однос на модел кој ќе и одговара. опозицијата, особено и парламентарната, бара модел кој ќе и овозможи целосна слобода во однос на претходни, идни и секакви коалицирања, во однос на нивната положба и нивниот рејтинг во политичкиот живот. Мислам дека министерот тоа добро го објасни. Решението предложено во овој закон е познато, и на претставникот на опозицијата сигурно ќе му го каже. Не држи тој истакна два моменти - министерот ги објасни од социјалошки аспект кои се мотивите аз предлагање на ваков модел за вториот круг на избори, а јас не би ги повторувал. Би сакал да истакнам дека не држи првата забелешка од страна на предлагачите дека не овозможува преставување на поголем број граѓани претставници, не ќе има легитимитет. Ако се прочита добро законот, ќе се види дека и во првиот круг може да биде избран градоначалник со 25 % од граѓани,плус 1

граѓанин, што нуди решение или за 50% од вкупно запишани избирачи, да гласаат повеќе од 50% , тоа е значи 25% , што доста е спорен легитимитетот и дали не ќе го добие граѓанинот во однос на , доколку одат сите кои добиле 10%. Сметам дека тој дел не држи и тој дел е од чиста сметка во бор- бата и калкулациите и пресметките на партиите кои го гледаат својот интерес, што е и нормално, секој се бори од својата позиција,своја- та проценка рејтинг и да постигне успех на изборите.

Мислам дека другото ништо не е спорно во овој закон и со одредени доградувања и амандманите на опозиционата партија, Либералната партија, 28 на број, се сведуваат на 2 клучни амандмани. Другите амандмани се поклопуваат, и морам да кажам дека тука ќе имаме одредени разидувања, при усвојувањето министерот треба да биде, амандманите ена ЗПК, па улетаа сега амандманите на Владата, повеќе амандмани кои ги има Шапуриќ со минимум варијанти или под варијанти, пред се 21 година да не може градоначалник во однос на местото и сл. па сигурно тогаш ќе избереме во амандманската расправа она што е нај- поволно и најреално и треба да внимаваме во тој дел.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**:(продолжение)

Вон овој закон покренати се уште две многу битни прашања што министерот кажа, а би сакал малку да ги коментирам, дека не спаѓаат во надлежност на овој закон. Тоа е надлежноста на Државната изборна комисија составена и изборна од поголем број пратеници од овој состав. Избрана во еден состав кога можевме, знаете имавме една чист. опозиција и позиција во овој парламент. Која ги спроведе овие избори ги избра овие пратеници. Во меѓувреме имаше одредени оставки или нови назнчувања во однос на претседателот.

Не е спорна државната изборна комисија и во однос на нејзините надлежности во однос на назначување на изборните комисии. Но, не сфатливо е, во амандманите мислам и во овој период на развој и во ОВОЈ закон да се предлага дека членови на општинските изборни комисии треба да бидат граѓани што имаат искуство во изборниот систем и да бидат истакнати граѓани. Такви поими мислам дека се идеолошки и не држат. Секој е граѓанин со своите права, индивидуални и ако не е кривично осудуван тој може да биде во сите органи. Тука, тие критериуми во ниту еден степен не можат да бидат прифатени.

Државната изборна комисија, барем според мене и пак мора да ја избере овој парламент. Таа би била избрана во едно усогласување тешко, оти опозициони времиња,кој присуствуваше во Комисијата за избори и именување, со целосно усогласување и доколку опозицијата смета дека одредени личности се пристрасни не ја извршуваат работата треба да побараат нивно разрешување, е надлежност на ова Собрание и да се назначат други.

во однос на паритетот и тоа би било, но би оделе во чист политички волонтаризам во однос на одземање на одредени надлежности што ги има Државната изборна комисија.

XII/2.-

Друго битно прашање што се спомнува и што е многу важно, го коментираше и претставникот од опозицијата и министерот, тоа е најважното прашање во спроведување на изборите, избирачките списоци.

Избирачките списоци мора да бидат ажурирани, мора да бидат право на секој граѓанин да гласа во дадениот момент и во овие околности, со степен на толеранција, бидејќи ние, знаете сите, го донесовме законот за државјанство, имаме признавање на државјанство, но тие мора да бидат од државните органи поддржани односно по службена должност ажурирани. Мораме да кажеме дека имаше одредени пропусти во претходниот изборен систем и сега државните органи мора да ги преземат сите напори да ги ажурираат. Но, се независни во овој степен и нашето законодавство во однос на државјанството, во однос на законите и евиденцијата што ја води и избирачките списоци, пред се и решението, сакам да истакнам, што се нуди е прифатливо за ажурирање и од одредени граѓани сигурно ќе имаме реакции. Знаете, кога не беше овозможено во претходните избори на одредени граѓани да гласаат сите во гради се мававме и опозиционите и партиите што добивме во овој парламент и другите, на тие граѓани на кои не им се овозможи беа наши бирачи. Јасно беше од сите, а тоа никој не може да биде.

Доколку граѓаните во овој закон што ја регулира, не се повикаат на својата должност да ги проверат избирачките списоци што ќе бидат истакнати, ќе имаме и такви случаи и ќе имаме доста проблеми во однос на ускратување, дали е уставно да му го ускратите правото на граѓанинот. Позната е праксата во светот со заклучување. Но, во поажурирани и во подолг период на градење на демократијата, тој проблем треба да го разгледаме со амандманите и на Владата, бидејќи сметам на ниту еден граѓанин не му се ускртува правото. Тој и тој може да дојде. Тука е проблем на избирачките списоци што сметам дека во овој краток период не би можело да се направи. Би направиле поголема

збрка. А, доколку да ги повикаме граѓаните со повици да се побараат во избирачките списоци, навреме да ги ажурираа сигурно ќе имаме и ажурни избирачки списоци што ќе бидат истакнати и ќе имаме демократски избори.

Би завршил, доколку министерот и Владата искажаа посебна волја и компромис за усогласување и одредени амандмани прифатиме, кои барем по најавата ќе бидат прифатени и желбата што се гледа од работните тела на Собранието и од предложените пратеници, кои истакнаа дека се доста сложени бидејќи се повторуваат за исти членови со подваријанти и варијанти можеме да донесеме закон кој ќе обезбеди да победи оној што има подобра програма, што е подобар и кој овозможува на граѓаните подобри услови за живот, бидејќи сметам дека локалните избори, иако е и самото значење локално, ние сме во еден период кога често повторувавме дека не функционираат општините, бидејќи и има и голем број претседатели кои често од оваа говорница повикуваа дека не функционира, не можат граѓаните да ги остваруваат своите елементарни права, права што значат живот, донесовме добар Закон за локална самоуправа или управа која овозможува на граѓаните да ги остваруваат тие права во нивни интерес. Мислам дека изборите би можеле да ги изведеме на еден принцип, на една демократска земја која врз основа на тој принцип ќе овозможи поголема интеграција во Европа.

Друг еден проблем што опозицијата го занемарила и не сака да го каже и покрај консултациите со меѓународните институции, тоа во светот особено во земјите на транзиција, сите сме свесни, многу е битно како ќе се спроведат изборите и во тој дел не е важен ставот, како што беше случајот и во нашето, на политичките партии кои учествуваат. Најважен е ставот на посматрачите. Овој закон  зборува за посматрачите. Сигурно ќе

дојдат посматрачи во Македонија од сите европски земји, институции, владини и невладини и нивниот став , реален, непристрасен , сигурно ќе биде главно мерило за тоа како ќе се изведат изборите во РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, морална и секоја друга обврска е' на секого да се ангажира за реални и фер демократски и слободни избори, особено ако се работи за политички структури, политички субјекти институции на власта, државата и тн.

Впрочем , тоа е уставна определба од Уставот на РМ како обврска за еднакви, општи, непосредни и тајни избори.

Тоа од причина што едноставно изборите се огледало , слика и барометар на демократските процеси на една држава и тука се легитимира дали една држава реално и стварно мисли да гради демократски процеси.

Позитивно е што во законот се предвидува паралелен и пропорционален систем за избор на советници во Советот на единиците на локалната самоуправа и мнозинскиот систем за избор на градоначалник. Со пропорционалниот систем фактички ќе се овозможи, тука беше кажано од г-динот Гештаковски учество и репрезентирање на повеќе партии на помали партии. Фактички ќе се претстават повеќе интереси ќе имаме во оптицај повеќе идеи и фактички тој севкупен мозаик ќе овозможи понормална комуникација и дијалог и фактички ќе импонира дијалог помеѓу политичките субјекти односно политичките партии.

Мое мислење е дека предлогот како таков содржи доволни елементи, механизми и потребни рокови и потребна постапка за демократски, фер, слободни избори до таа мерка што резултатите од изборите да значат реално отсликување на расположението на избирачите односно граѓаните.

Дури по некои определби, според моето длабоко убедување изгледа се претерува со партиската боја, елементи и механизми, така што таквата реалност многу лесно може да доведе до блокада на работата на комисијата или избирачките одбори, односно може да доведе до нивна нефункционалност. На пример, може да се користи членот 9 и членот 10 на предложениот закон кој предвидува дека членовите на комисиите и избирачките одбори ги предлагаат политичките партии. Јас морам и тука уште еднаш да кажам дека тоа е претерување со партиската боја. Во сите демократски држави и држави што имаат поголема и подолга традиција за парламентарен систем се оди на неутралитет. Неутрално се бара некој елемент кој ќе ги врши овие работи.

Според законот се бара постоење на кворум односно Комисијата треба да работи во кворум. Тука се поставува прашање таквата комисија како ќе функционира, особено како што беше кажано пред малку ако членот што е предложен од партија која е губитни, се поставува прашањето како тој ќе се однесува . А, не се исклучува и однесување што може да предизвика блокада во работата на комиси јата. Поводи можат да се најдат колку сакате. Едноставно "тогаш во таквите ситуации кога амбиентот е наелектризиран и сметам дека не е тешко да се најдат поводи, особено кога ќе се работи при утврдувањето на резултатите на изборите.

Мое мислење е, по логично ќе беше општинските собранија да беа тие структури што би предложиле членови и за комисиите и за избирачките одбори, од проста причина што тие сепак имаат легитимитет

од граѓаните односно избирачите.

Второ што е важно кај неспоивоста на функциите член на советот и градоначалник со повеќе функции, такстативно наброени во предлог - законот, односно член на Советот и градоначалник не може да биде лице претседател на државата, претседател на Собранието претседател на Владата, министер, судија на Уставен суд итн. И други структури што се избираат од страна на Владата во Собранието. Дури се оди на тоа член за советот на единици на локална самоуправа и градоначалник не може да биде предложено лице вработено во стручните и управни работи на државната управа и на управата да единиците на локалната самоуправа.

Тука се поставува едно многу важно прашање и логично прашање, каде ќе ги најдеме ние тие професионални структури потребни во единицата на локалната самоуправа, односно нивните органи и сметам дека така како што е предложено многу лесно ќе дојдеме во такви состојби што фактички ќе имаме непрофесионални и несоодветни луѓе во структурите на единицата на локална самоуправа, што ќе биде многу штетно за интересите на граѓаните бидејќи веќе граѓаните не можат соодветно, не ќе бидат во состојба да одлучуваат за нивните интереси во рамките на постојните надлежности на единиците на локалната самоуправа.

Затоа сметам дека тука треба да се прифатат амандманите предложени од ЗПК и од Комисијата за политички систем како матична комисија. Овие комисии исто така сметаат, а за тоа имаат и поднесено амандмани и функцијата пратеник да се изземе од неспоивоста од функциите градоначалник и член на советот на единицата на локалната самоуправа, од причина што во нашиот политички систем како во повеќе модерни политички системи неспоивоста постои помеѓу законодавната

власт и извршната власт, потоа извршната власт и единиците на локалната самоуправа. Според секоја логика не би требало да постои неспоивост помеѓу законодавната власт и единиците на локалната самоуправа, дури и тогаш кога се работи за пренесени надлежности со закон од страна на државните органи.

Аргументот дека пратеник учествува при донесување на законот за пренесување на екстра надлежности на некоја единица на локална самоуправа, а истовремено да е градоначалник тоа е неспоиво, сметам дека не држи и е нелогично во себе од причина што се работи за две позиции што произлегуваат од две функции и тие функции случајно се поврзува со некоја личност која случајно ги обавува тука тие функции. Тоа е тоа што сметам дека е важно.

Членот 17 на предлогот на закон предвидува дека политичките партии и група предлагачи, граѓани можат да предлагаат членови на советот до бројот колку би требало да бори Советот на единицата на локалната самоуправа. Сметам дека ова треба, не знам министерот што ќе каже меѓутоа сметам дека треба да се прифатат корекциите односно амандманот од комисијата за политички систем од следниве аргументи:

Ако во една единица на локалната самоуправа една партија ги добие сите места во Советот, односно група партии или коалиции на партии ги добијат сите места, се поставува прашањето ако некое лице поднесува оставка се именува на друга функција или се разрешува или во случај на смрт, факт што треба да се одржат нови избори,. Затоа предложивме амандман кој предвидува дека политичките партии во нивните кандидатски листи не можат да предложат плус пет кандидати повеќе, од тоа што се предвидува за соодветната единица на локалната самоуправа и можеби ќе се прифати овој амандман.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитуван министре почитувани претставници на Министерството за правда, почитувани пратеници,

Пред нас, во втора фаза после месец дена доаѓа и втора- та фаза на Предлогот на законот што ја регулира материјата на локалните избори со изменет наслов Закон за локални избори. Овој закон Либералната партија го смета за еден од најважните закони во овој период што мора да го донесе овој Парламент, еден од најважните закони на оваа држава.

Оттаму, Либералната партија во изминатиот месец а и пред донесувањето на овој закон во период од два месеци постојано инсистира на политички кон сензус на позицијата и опозицијата, било да е таа вонпарламентарна бидејќи и од самите претставници на СДС беше назначено дека сепак се работи за значајни политички сили во државата, односно значајни политички партии без оглед што не се застапени во Парламентот.

**ЗОРАН ШАПУРИЈЌ**: (Продолжение)

Овој консензус ни беше нужен, а сеуште ни е нужен заради тоа да се зајакне меѓусебната доверба меѓу партиите се со цел да се создадат услови за фер и демократски из^бори. Како што кажа пратеникот Гештаковски закон секоја партија, во овој случај мнозинската гледа да го донесе така како што и одговара на повеќе односно што би обезбедил предуслови за избор на победа. Тоа мислам да се работи за некој закон од тековна проблематика, некој од дневно политички моменти би било во ред според нас, меѓутоа се работи за еден витален закон за кој што сметаме дека треба да важи за повеќе години, а не да биде за дневно - политичка употреба односно за употреба на едните избори. Тврдењето дека ако не чини овој закон за наредните избори ќе го промениме, па ако дојде друго мнозинство пак ќе се промени не држи бидејќи ако сакаме да бидеме стабилна држава треба да имаме стабилни изборни системи.

На денешната расправа во организација на НДА и Националниот демократски институт каде што присуствуваа сите партии беа укажани некои моменти од земји со развиена парламентарна демократија дека постојат земји кои што имаат изборно законодавство повеќе од два века. Мислам дека ние се стремиме кон парламентарна демократија. Парламентарната демократија Пратеничката група на Либералната партија воопшто ја подразбира дека за одредени клучни прашања може и мора да се има консензус. Без тој консензус ќе се створи една недоверба едни повторни сомневања и сите други можни импликации од недоверба а особено недоверба на изборниот закон.

Беше кажано дека не може се да се прифати од опозицијата. Не мора се, туку се работи за некои клучни прашања кои беа искажани и на кои ќе се задржам во понатамошното излагање.

Пред се Либералната партија се мотивираше од овој консензус од страв да не ни се случи една немила ситуација како што ни се случи на изборите 1994 година односно да се случи бојкот на три, четири или пет поголеми партии. Мислам дека и тогашното мнозинство и тогашната позиција, а и сегашното мнозинство не би сакало да дојде до таква немила ситуација односно најголемите политички партии кои се во опозиција да ги бојкотираат локалните избори. Тоа би создало сериозни проблеми од политичка природа и оттаму цело време инсистиравме на тој консензус и сметавме дека може да се постигне.

»На вчерашната седница беше побарано да се одложи расправата на наредниот ден односно да биде последна точка. Беше елаборирано дек; е тоа поради средбата со министерот со трите опозициони партии Либерална партија, ВМРО-ДПМНЕ и Демократска партија на која што после и се приклучија и некои други партии како и заради расправата односно трибина или тркалезна маса на Националниот демократски институт која се одржа денеска во 11,00 часот. Тоа ни беше намера уште еден обид да се изнајдат евентуално консензуси, бидејќи на почетокот на тој разговор со министерот без присуство на овие две партии не сакавме да бидеме но се покажа дека сепак е можно по некои прашања да се постигне и консензус.

Меѓутоа, министерот тоа го прифати и претседателот на Собранието предложи потоа пратеничката група на СДС побара пауза по која координаторот Љупчо Поповски, не извести дека ќе имаат ширина и ќе ја прифатат нашата иницијатива за разговори со министерот која што тој се изрази "дека е многу добра и многу пожелна би била и дека е во интерес на понатамошното усогласување на интересите на позицијата и опозицијата".Ние тоа го прифативме како образложение од координаторот Љупчо Поповски, меѓутоа сакам само од името на Либералната партија и Пратеничката група на Либералната партија да

укажам на еден момент на неговото образложение кога го прифати нашиот предлог.

Ние сметаме дека е добро што министерот го прифати тоа, но исто така тоа го сметаме дека е нормално да прифати средба со опозиција, како парламентарна така и вонпарламентарна. Ние гледаме во сите земји. постојано се вршат договори меѓу позицијата и опозицијата и за парламентарни избори и за денот на одржување на парламентарни избори. Тоа се случува дури и после овие немили настани и покрај тоа што е со посредство на меѓународните организации и институции во Албанија, неколку дена се разговара за новиот закон за локална само-управа. Тоа го прават позицијата која што има 90 и нешто посто во Парламентот, тоа го прави претседателот кој што може да ги распише изборите кога сака. Значи и во такви моменти се вршат тие разговори. Оттаму сметаме дека такви разговори и со министерот и со другите партии се сосема нормални и ние велиме дека е добро што го прифати Пратеничката група на СДС да се расправа денеска а не вчера. Меѓутоа не треба да се смета дека е тоа нешто опструирано, подарено, и некои изјави што беа давани порано па ќе ви дадеме, ќе ви попуштиме. Ние ништо не бараме да ни дадете. Ние нашата вистина ќе ја изнесеме, вие ќе си гласате како што сметате, ние само се обидуваме да избегнеме несакани последици кои што се случија пред две години и евентуално може да се случат, а тоа зависи од одлуката на партиските органи на одредени партии, така да сите тие импликации ги имавме предвид, негативни имајќи предвид дека се вршат секаде тие разговори. Ние дури очекувавме и претседателот на Парламентот, до душа сега сеуште не е донесен закон до овој момент, но со донесувањето на овој закон тој ќе биде овластен да ги распише парламентарните избори од моментот кога ќе биде усвоен односно озаконет, затоа што како што знаеме стапува во сила во рок од 8 дена. Ние очекуваме претседателот на Парламентот

да ја повика опозицијата и претставниците на пратеничките групи да го утврди и точниот термин на локалните избори. И не би било ништо страшно, би било сосема нормално тоа да се одржи.

Сакам да напоменам дека координаторот на Пратеничката група на СДС, Љупчо Поповски во вчерашното свое излагање рече дека Либералната партија се обидува да ги одложи локалните избори дека калкулира, и тн, дека ќе фателе зима не знам што точно да не ги цитирам, меѓутоа сакам да нагласам една работа.

Либералната партија ниту еден момент не помислувала да ги пролонгира или дека за една партија организирана како што е Либералната партија а и за другите партии тоа важи и за СДС и за Демократска партија и за ВМРО-ДПМНЕ јас сметам дека барем тие пет-шест партии што се во државата се толку организирани така да 15 дена порано, подоцна ништо не и носи во смисла на организација, подготовки, кандидирање, евидентирање на кандидати и тн. Сите знаеме дека локалните избори треба да се одржат а тоа 15 дена порано или подоцна воопшто не е битен верувам и за другите партии. Можам да кажам од името на Либералната партија дека воопшто не е битно некој ден порано подоцна бидејќи сме ние организирана и спремна партија да настапиме на изборите. Неминовно е дека изборите мора да се одржат. Ние во секој момент можеме тоа да го направиме, меѓутоа се работеше за добри намери и добри обиди да се постигне усогласување на ставовите помеѓу партиите и затоа на сите состаноци ги повикавме и партиите на позицијата и на опозицијата.

Не демократијата посебно за битни прашања не ја сфаќаме можеби вие ја сфаќате тоа е право на секоја партија, како чисто демократија на два прста на кренати раце итн. така да за еден глас повеќе.

или помалку некој закон биде усвоен а кој е клучен од кој може ќе зависи и изведувањето на други политички односи во државата.

Министерот изрази спремност и направи како што кажав, дојде до таа средба каде што е постигната согласност по одредени прашања. Меѓутоа за жал и покрај тоа што ние понудивме и некои компромисни решенија, а слично тоа беше прифатено и од другите две партии ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија како некој вид отстапка од нашите барања. Тоа не беше постигнато и покрај тоа што одредени прашања беа меѓутоа кој сепак се битни, не две прашања како што ги кажа господинот Гештаковски туку се работи за пет-шест прашања.

Ние баравме законот да иде во три фази. Исто така од тие причини, да се најде што поквалитетно решение. Беше кажано дека ќе оди во две фази бидејќи ќе има време 30 до 40 дена да се држат широки расправи и да се усогласуваат ставови, дека ќе се консултираат разни организации и тн. меѓутоа Владата по донесувањето од страна на овој Парламент на; 24 јули, Владата го утврди Предлогот на законот во последна фаза за на седница ан 19 август. Значи, имаше не 30 до 40 дена, туку некаде околу 20 дена ако се земат годишните одмори празници и тн. Многу малку имаше време да се зборува за усогласување на овие ставови. Доколку порано беа почнати овие разговори, ние вчера бидејќи со исклучок со вчерашното отпочнвуање и денешните разговори денешната расправа во организација на националниот демократски институт немаше некоја поширока расправа. Имаше некои поединечни разговори така да навистина сметаме дека немаше основ да се направи.

Сакам да кажам дека беше напоменато во тие разговори кај министерот дека сеуште нема експертиза на Советот на Европа, но дека се верува дека таа експертиза ќе биде позитивна. Ако не биде позитивна ќе биде повлечен законот. Јас не знам како е можно ние да го усвоиме па да добиеме евентуално лоша експертиза од Советот на

да се нагласи каде и на кои места, бидејќи ако се постапи само чисто бирократски, се постави на едно место во општина граѓаните нема да бидат во можност да ги видат тие списоци да проверат дали се внесени или не.

Второ прашање околу кое не беше постигнато разбирање односно не беше постигнат консензус меѓу позицијата и опозицијата на состанокот кај министерот беше дали да одат во вториот круг двајца кандидати или повеќе кандидати. Беше укажано дека е нормално и дека во најголем дел во земјите со парламентарна демократија се разбира тие кои што го избираат градоначалникот директно на директни избори, а нормално според мнозински систем. нормално е двајца да одат во вториот круг. Исто така тоа е кажано и во мислењето на националниот демократски институт каде што не е само мислење на националниот демократски институт, таму беа ангажирани 12 стручњаци. Секој оној кој што го прочитал тоа мислење можеше да види како е дојдено до тоа мислење. Постои во некој многу ретки земји, а некаде тој систем е напуштен, мислам дека е во Франција каде што можат да одат и повеќе кандидати во вториот круг. Така може да се каже дека не постои некој оправдана причина зошто ова барање на опозицијата е одбиено да одат двајца кандидати, дали се работи за страв од групирање на сили итн, но во секој случај ова е нормално, а и во мислењето на НБА се вели дека евентуално во некои ретки земји можно е да одат повеќе кандидат: во втор круг, меѓутоа да останат значителен процент. За Либералната партија процентот кој што беше предложен 7% а беше ветено на некој состаноци 12,5 и 10 не претставува значителен број и^добро би било кога би ни се укажале тие светски искуства во еден преглед за да видиме како. Тоа е обврска на Министерството и на Владата меѓутоа пратениците и политичките партии како што може да се види од денешните расправи и сите укажуваат дека...

XIV/1.- РД-ВБ

**ЗОРАН ШАПУРИК**: (продолжение)

Во еден дел на правни системи каде во земјата со развиена парламентарна демократија одат двајца кандидати во втор круг, не повеќе. Меѓутоа, не беше прифатено како што кажав, но на самиот состанок како компромисно решение, кое не беше прифатено до другите кандидати, правото на кандидатите за градоначалник да можат да се откажат пред вториот круг. Тоа го сметавме како компромисно визави она првото да одат само двајца во вториот круг. Ние го кажавме дури во случај на болест, на смрт формално правно станува еден кандидат на листа што не логично а ставот од обвинувањето како што еден од пратениците рече.

Трето прашање околу кое дојде до недоразбирање беше избирачките легитимации. Министерот кажа дека избирачките легитимации се предвидени во овој закон, меѓутоа нема да бидат применувани на следните избори. Навистина за нас беше ова чудно и нелогично бидејќи изјави дека можеби 1 јануари и февруари би биле готови, а сега до ноември и декември. Не ми е јасно зошто се работи само за еден период од месец дена. Зошто не може да се ажурира, да се ангажира целокупната државна управа, севкупните владини организации, служби да се направат тие избирачки легитимации. Со тоа би се отстранил еден сомнеж и би се постигнала можност да се евидентира. Тврдењето дека е краток рокот, ние веруваме дека владата за овие две години и одредените министерства направиле некои подготовки. Веруваме дека допрва утре ќе почнат да ги работат тие работи. Инаку ако не се подготвени и за две години нема да бидат готови тие избирачки легитимации. Друго е прашањето што овие избирачки легитимации ни се неопходни. Сите знаете кои беа реагирањата и на меѓународната јавност и на меѓународните посматрачи и во сега повторните избори итн. Имено предвидено е да се гласа со патна исправа издадена, или пак лична карта издадена после 1992 година. Јас прво да кажам, према некои

изјави од луѓето од Министерството за внатрешни работи, бидејќи тоа сеуште е надлежно за издавање на пасоши, беше укажано дека само околу 10 до 12% имаат луѓе патни исправи. 10% луѓе ќе можат да гласат со патни исправи. Дали е тоа во ред само 10% да гласаат а другите да не.

Втора работа да ви кажам, законот за лични карти е донесен. Меѓутоа од технички причини нови лични карти не се издаваат, не е ни можно да добие некој нова лична карта. Не знам зошто. Прашајте ги надлежните зошто. Нашата работа беше да се донесе законот за лични карти. Ние го донесовме, меѓутоа нови лични карти сеуште не се издаваат. Прашање е колкав процент. Така да може 30% од граѓаните ќе можат да гласаат бидејќи имаат син пасош, односно сина лична карта. Што ќе правиме со другите граѓани јас не знам и како ќе гласаат тие. Ним им е целта само одредени луѓе да гласаат или не. Во мислењето на националните демократски институт е кажано дека не е доволно дефинирано постојаното место на живеење. Тоа навистина не е добро дефинирано и господинот Биљали на комисиските расправи беше кажано дека постојаното место на живеење не е дефинирано од повеќе аспекти. Не е дефинирано во кој период од повеќе причини. Не е јасно кој период треба тој да има лична карта. Пет дена пред избори, 15 дена, 30 . Не е јасно кога и како мора да го има.

Втора работа е таа што не може да има постојано место на живеење кој што е кандидат за градоначалник во таа општина кога знаеме дека од 120 општини и кога половина улица ќе ги оддели ваму да бидат или таму. Затоа и тука предложивме едно компромисно решение постојаното место на живеење на членовите на Советот и на градоначалникот да не важи за први наредни локални избори според овој закон, туку тоа да важи од наредните избори ,односно вторите избори од донесување на овој закон, односно ќе биде нелогично како се прави да се спроведат тие избори.

XIV/3.-

Исто така сметаме дека прашањето ан државна изборна комисија не е само прашање на други закони, тоа е прашање на овој изборен закон.

Втора работа како што кажа и пратеникот Гештаковски е избран од овој парламент, односно минатиот, меѓутоа, голем дел од членовите на изборната комисија поднесоа оставки, така да се нарушија некои односи и ние го прифаќаме тврдењето на СДСМ дека тие се непартиски членови, меѓутоа, еве ќе предложиме други непартиски членови, така да, ова мора да се разреши односно ние сме спремни по одредени амандмани како што кажа и Гештаковски варијанти подваријанти се со цел да се расчисти.

Јас би сакал да кажам дека е предвидено во првата и во втората фаза, каде што е сосема нормално пропорционален изборен систем. Меѓутоа во првата фаза беше предвидена методата на изборниот количник. Тогаш беа предвидени три цензуси , па се кажа дека ќе бидат пет бидејќи теоретски е неизводливо во мал број на совети, а ние цело време укажувавме дека е мал број на членови на советите дека треба да се зголеми тој број и дека е невозможно теоретски да се направи тоа. Сега е напуштена метода на изборен количник и е дадена метода на дом. Јас верувам дека на 99% на пратениците воопшто и не им е јасна таа метода и би требало Министерството таа метода да ја објасни. Јас очекував во своето воведно излагање да им појасни на пратениците за што се работи. Имено оваа метода содржи повеќе варијанти и подваријанти. Така да не е јасно што се претставува вака како што е дадено. Јас сакајќи да дадам свој придонес дадов 4-5 варијанти ан оваа метода, а една од тие методи беше да е дадена во вид на амандман да биде посебен прилог, посебно искажано меѓутоа, сите методи на дом кој ги разработил во 8 варијанти, односно подоцна се разработени во повеќе. И како што кажа самиот министер и претставниците тие преку интернет прибавиле информации за тие методи меѓутоа ја сметам дека

треба поголем интерес да се покаже да се расветли таа метода. Ако не им е јасно на пратениците за кои сметам дека се компетентни како ќе им биде на членовите на избирачките комисии и како ќе ја сметаат тоа навистина не ми е јасно. Кој ќе ги научи за овие месец два луѓето тие методи на кој начин ќе го направат навистина не е можно. Понатаму би сакал да кажам дека за нас е чудно гласањето и нејасно како ќе се одвива гласањето од дипломатско конзуларните претставништва. Таа работа е кажано дека ќе ги спроведуваат тие претставништва односно амбасадите. Знаеме дека тие се именувани од Владата и дека се претставници на позицијата и членовите на политички те партии на позицијата. Како можеме да веруваме дека ќе бидат тие објективни. Како ќе можат граѓаните во странство на привремена работа да знаат во која општина живеат од 120-те општини и за кого гласаат и што гласаат. Ќе разберат ли тие во рок од месец дена во која општина се и уште претставниците на тие претставништва ќе знаат да ги разврстат. Значи разврстувањето ќе се врши тука, а како може да се врши опозицијата смета дека може да се пренасочуваат гласови од една општи на во друга онаму каде што е потребно во еден случај, а во втор случај е можно да се вршат и некои други работи, бидејќи не е јасно како ќе се организира тоа броење на тие гласови во тој период како ќе се транспортира . Ќе доаѓаат тие гласови од прекуокеански земји и од други земји и додека дојдат до овде можно е 300 промени при патување на тие таканаречени летачки кутии или шетачки кутии како што ги нарекоа, а беше кажано дека до ден денеска од 1992 година во Пласница една летачка кутија сеуште не е најдена. Така да, ако не се најдени некои кутии после 4 години не знам како ќе биде со другите. Како ќе биде гласањето на други

начини навистина и во други некои ситуации кои немаат живеалиште, ќе биде многу проблематично, бидејќи сето тоа не е разработено а делумно е ставено амандмани, меѓутоа, и во амандманите кои се предлагаат од Владата навистина не е доволно кажано што и како ќе биде, која процедура ќе биде, дали можат да се вршат избори и како ќе гласаат граѓаните, односно дали дијаспората е со намера да гласа за ова или да не гласа.

Неколку работи би кажал околу исклучување на некои категории да гласаат. За нас навистина е несфатливо една голема група и понатаму непрецизно вели дека вработените во државната управа нема да гласаат, немаат да имаат можност да бидат гласани, односно нема да имаат пасивно избирачко право вработените во МВР итн. Зошто една категорија на луѓе да се исклучува кога тие можат ако бидат избрани да се откажат од таа служба што ја вршат, доколку сакаат да бидат членови на советот, а од друга страна имаме во советите знаеме бидејќи знаеме дека сме доста централизирана држава, ќе имаат многу мали ингеренции, многу малку политика ќе има ќе се решаваат комунални проблеми зошто да се пречи на претставниците на АРМ и на МВР да бидат кандидирани,навистина не ми е јасно. Друго е прашањето што е се вработено во државната управа. Тоа би требало да биде и вработени во разни заводи, тоа би требало да важи за наставници, професори, наставници во средни училишта, професори и тие се под надлежности на одредени министерства, така да можеби и 20% гласачко тело би било исклучено од пасивно избирачко право. Навистина овие работи Либералната партија ги изнесува и смета дека, како што рече премиерот дека за некои прашања не бил овластен, но во меѓувреме ќе не информира или ќе ги обави разговорите со Владата а можеби некој дел од тие забелешки ќе ги прифати, бидејќи рече дека за она што тој е овластен си го направил своето, а за она што не е овластен ќе разговара

XIV/6.-

со Владата. На крајот би рекол дека еден дел од мислењата на НБА се прифатени, меѓутоа најповеќе околу роковите, а за меѓусебната усогласеност на роковите и понатаму останува иако е направен обид таа да се надмине останува меѓусебна согласност во смисла еден со друг рок дали е доволно поврзан . Она со забелешката со втор круг односно дека предлогот на законот содржи извесен број празнини и понатаму останува за времето, како и ова што е кажано за место за живеење. Исто така избирачките места не можат да бидат утврдени од изборни комисии. Од каде една изборна комисија ќе биде компетентна и стручна да ги утврди тие избирачки места. Тоа треба да се утврди со закон како што е во сите земји. Јас не знам нека ми посочи некој земја каде што избирачка комисија и тоа општинска, ќе биде толку способна да ги утврдува избирачките места а поготово што нема некој критериум, не се знае колкава е големината на избирачкото место, па е можно како што некој приговара на изминатите избори дека избирачките места за пратеници биле поместувани јас не знам дали е точно и не навлегувам во тоа меѓутоа треба да отстраниме секакво сомневање. Изборната комисија да се состои од повеќе членови кое беше барање на опозицијата, министерот не ја прифати, односно владеачката партија не ја прифати, меѓутоа не по- стојат навистина некои големи причини. Бидејќи со тој зголемен број само се оставаше простор за поголемо учество, поголема доверба и поголема контрола а беше предложено 2,2 50% опозиција минимум, се бараше поголем број со истите тие. Не постои аргументација како што кажа некој од пратениците дека во одредени мали општини нема да можат партиите да кандидираат. Ако не можат да кандидираат стои обврска дека тоа ќе го направи друг за нив, надлежната комисија и нема да има никакви проблеми. Сега дали ќе

бидат пречка дека ќе бидат три партии, па две итн. Тоа е можно да го направат и две партии и три партии и верувам дека со цел демократскиот сојуз ќе може да коалицира и Социјалистичка партија со други партии. И во овој амандман на Владата како што ни е дадено е предвидено партиите да мора да дадат пропорционална листа во целост. Навистина никаде во светот не постои тоа. Јас би го разбрал тоа да може да се стави дека заради сериозноста' на партиите и сериозен пристап кон изборите треба да дадат еден минимум од таа листа една третина, една петина итн. Тоа би било во ред. Меѓутоа, во целост да даваат листа и некој да ги обврзува, навистина ,нема потреба од тоа и нема такво решение. Никаде нема. Тоа е дадено во последен момент со овој амандман на Владата. Досега расправавме и на комисиите и во прва и во втора фаза беше укажувано дека евентуално би можело, мислам дека беше пратеникот Биљали на комисијата во првата да се размислува одредени политички партии да мора да дадат еден минимум од бројот предвиден за членовите на советот. Прво и прво теоретска шанса нема една партија да добие 100% места. Зошто да ги тераме партиите во целост да ги пополнуваат листите. Тоа ние го расправавме во пратеничката група и не можевме да го одгонетнеме, затоа што беа во предвид многу побитни прашања и на овој состанок немаше време да го поставиме.

XV/1 ДВ/ПН

**ВЛАДО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Јас се извинувам, меѓутоа мора да се одговори на многуте мистификации што ги направи г-динот Шапуриќ.

Прво, поимот време, дали ова е набрзина донесено и дали е разговарано само вчера и денес. Законот се работи од март месец. Со ДП се разговара од мај месец. Со ЛП, преку неформални контакти се разговара со експерти кои што припаѓаат на таа партија, се разговара 2 месеци. Писмени сугестии од 11-14 страници, од две големи партии, од ДП и од ВМРО-ДПМНЕ. Со национално - демократскиот институт од април месец. Во почетокот на јули ја добивме нивната експертиза. Од тогаш на 2 трибини пред медиумите се разговара, а вчера и денес се сумираа остатокот од прашањата за кои требаше да поразговараме и да видиме дали е можно да се усогласиме.

Соопштувам уште еднаш, по стоти пат, само две прашања не се усогласени, или двете страни останаа на своите позиции. Значи, со оглед на бројот на членовите и бројот на параграфите или на ставовите во членовите практично законот е со консензус, во смисла на согласност , бидејќи консензусот значи движење на едната страна кон другата и на другата кон првата. Не значи консензус да се усвои само она што само едната страна го поставува и на која инсистира. Тоа би значело приклонување на едната кон другата, создавање на фузија меѓу едната и другата. Дека тие две прашања не се единствено важни, законот е прв индикатор во тоа што, ако се само тие важни тогаш законот би бил доволен со тие два члена. Еве случајно да свртиме за да ви кажам дека се важни скоро сите членови, можеби не сите до еден така важни, но еве, на пример член 50 став 1, вели вака:

"Избирачот што пристапил да гласа должен е на избирачкиот одбор да го соопшти своето име и презиме и да се идентификува". Замислете да стои избирачот дека не е должен да го соопшти своето име и презиме туку да земе таму гласачко ливче и да гласа. Значи секоја одредба е вжен. Сите сме ги усогласиле, не сме се согласиле на две. Мислам дека и јавноста и тука станува сосема извесно дека ако се смета дека би постоел компромис, ако мора да се усогласиме на тие две, тогаш би морало да се констатира дека едната страна е претенциозна, поготово што аргументи имаат и двете страни. Во една демократска процедура се прави обид за усогласување, но ако не е можно се изјаснуваат аргументите, се останува на своите позиции и се оди во процедура. Процедурата е оваа. И се гласа. Имено, секој закон се носи, по расправата, со гласање. Тоа е и начин и судбина на парламентарната демократија.

Она што беше тука кажано и изгубено многу време, околу личните карти е дека граѓаните имале во 10 до 20 проценти такви лични карти и исправи и дека со тоа ќе се гласало. Што станува со 80-90%. Вие правите свесно мистификација, бидејќи се договоривме дека избирачките списоци ќе бидат тие што ќе бидат основа за утврдување на избирачкото право на граѓаните и дека ќе ги заклучиме на 20 дена по ваше инсистирање и по мое усогласување, бидејќи е тоа еден добар предлог, на 20 дена, а после тоа само со судски решенија, по исклучок може да се гласа.

Второто прашање е прашањето на идентификацијата на личноста. Дали лицето што има право на гласање и во избирачките списоци стои со име и презиме, со адресни податоци и со единствен матичен број, има некој документ, да се легитимира дека навистина е тоа лице. Значи, сите граѓани на РМ што ќе се најдат на избирачките списоци кога тие ќе се

заклучат, дозволете, на 20 дена пред тоа, ќе гласаат и тоа е основата. Отпаѓа она што го кажувате.

Исто така од ваша страна од вашиот претседател г-динот Стојан Андов, од разговорот беше предложено лицата на привремена работа на странство да не се опфаќаат во овој закон за гласање, бидејќи станува збор за локални избори и дека е добро да се одреди и нормира правно, тогаш кога станува збор за национални, односно парламентарни избори, бидејќи создаваат огромен број на потешкотии. На пример при сета документациска уредност во едно конзуларно место треба да се гласа на пример на листи за сите 120 општини, теоретски, а можеби реално за 40, 50 и тн. Во таа смисла ваш предлог беше комплетно тоа да се испушти, а вие тука варирате на таа тема како да некој сака нешто да скрие, или со нив особено да манипулира или да шетале меѓу државите и континентите некакви летачки кутии, што е исто така само една реторика.

Донтовиот метод е објаснет добро. Вие во вашиот амандман го објаснувате сосема добро, а ние ви го понудивме да го предложите тој амандман. Тоа значи дека можевме и да го понудевме на друг да го предложи тој амандман, а тоа не значи дека на нас не ни е нејасен начинот на кој начин ќе се пресметуваат резултатите од гласањето. Го избравме од тие 6 или 8 варијанти на гласање оној кој ја дели масата на гласачи добиена по секоја листа со броевите 1,2,3 и 4 до оној број до кој постоеја места во советот на општината и се споредуваат количниците. На пример се избираат 15 места. Тогаш влегуваат оние количници кои се најголеми односно најблиску до бројот 15 и се утврдува кој партии ги поседуваат тие количници до бројот 15. Многу прост и едноставен начин, многу лесен за сметање на другите, меѓутоа, сепак, бидејќи станува збор за еден метод неприменуван се предвидува упатство за примена и второ

едукација или објаснување од страна на изборната комисија, со помош на стручњаци што Министерството за правда ги има ангажирано преку математичкиот институт во Скопје и други институции, да ги посетат општинските комисии и да им појаснат, иако упатството и начинот, дури и текстот во самиот закон е многу едноставен, но едноставен за оној што сака не да го разбере, туку да го признае дека постои како јасно решение и да не се мистифицира тука дека се донесува некој закон кој што никој нема да го разбере, некој метод за кој никој нема да знае како се смета, а после зад сметањето нема да се знае дали некој бил излажан или не бил излажан. Имено, само 2 амандмана не се усогласени од страна на здружената опозиција. Во толку голем закон 2 амандмани ако не се усогласени не е тоа доказ дека е игнорирана опозицијата, колку и да им се важни тие 2 решенија на тие 2 партии. Очигледно се важни за сите и за другите, аргументите се поделени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шапуриќи има реплика.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Бидејќи бев спомнат, само една кратка реплика на министерот.

Прво, јас не реков дека министерот не ја разбира Донтовата метода. Реков дека на повеќе од пратениците не им е јасно (реакции од место)

Второ, јас понудив 5 варијанти, врз база на долгите разговори со вас и вие рековте дека ќе поддржите една од тие варијанти односно 5 мои амандмани во врска со методата како што се понудени. Така да дали

вие ќе ја прифатите, дали нема да прифатите, дали ќе го преформулирате, или некој друг пратеник ќе го предложи мене ми е сосема едно, гледајќи во разговорите со вас околу таа метода, како што спомна и со некои други стручњаци што ја водевме деновиве и ја почнавме вчера, денес не можевме за жал, да ја расправаме таа метода бидејќи беа покренати други прашања.

Исто така сакам да кажам дека не ми беше јасно дали е усогласено тоа за дијаспората. Не ми е јасно дали ние треба тој амандман да го поднесеме или Владата, бидејќи ние за некои работи на состанокот се договоривме што да поднесе Владата, а што опозицијата, односно во Парламентот, пратеничката група на ЛП или одредени пратеници од пратеничката група на ЛП. Тоа беше заклучок од денешниот состав. После тоа, мислам, Владата да поднесе 10 или 11 амандмани, ние се договоривме некои да ги повлечеме односно во процедура да ги повлечеме. Така да сето тоа што беше кажано, беше кажано а не беше никаква намера да се мистрифицира. Не ми беше јасно бидејќи не го видов тој амандман на Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Дополнително ќе го поднесеме.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Ако го поднесете дополнително, тоа е друга работа. Јас досега не го видов, а беа поднесени овде многу амандмани, можно е но сепак сум во право сепак овој амандман е пропуштен а можеби и не беше јасен договорот, кој да го поднесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Го предложи вашиот претседател.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

После заклучокот кога се бараше нашиот претседател го предложи амандманот, меѓутоа, разбравме дека заклучокот беше Владата да го подели, бидејќи вие го прифативте. Инаку, сакав да кажам, ние денес бевме задоволни од средбата со министерот, меѓутоа тој сам ни кажа дека одредени работи како министер не може да ги прифати, бидејќи се веќе старт на Влада и дека е потребна нова седница и дополнителни консултации. Никогаш не сум рекол дека сме игнорирани од министерот. Јас не знам, не сте ме разбрале.

Второ, беше постигната согласност по доста работи. Меѓутоа, дали се 2 или 4 не е битно. Повеќе работи беа. Изборните комисии меѓу опозицијата и министерот, избирачките легитимации, прашањето околу државната изборна комисија, избирачки места, 5-6. Меѓутоа, сакам да кажам дека тие работи беа битни и остануваат битни за опозицијата и сметаме дека не може на кантар да се мери тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека треба да издржиме уште малку да не мислиме дека со донесувањето на законот сме ги прегрмеле сите грижи и дека некои е победник а некој е победен.

За мене како претставник на една мала опозициона партија дискусиите по овој закон се растоварени од она, ако не се победи дека е трагедија или по секоја цена треба да се биде победник.

XV/7

Развојот на демократијата во оваа држава ќе го сметаме како доволен иако демократија никогаш не е доста и не боли глава. Во оној момент кога ќе бидеме спремни да прифатиме и да се соочиме со вистината дека денес е еден на власт, утре ќе биде друг и тоа да биде една нормална комуникација на разумни луѓе и да се подготвуваме за следен натпревар со сето она што значи добра подготовка и добри проценки. Очигледно ние се уште ја немаме достигнато таа фаза во развојот. Ќе се трудиме што побрзо до тоа да дојдеме, и тогаш веројатно ваквите дискусии ќе ни изгледаат не само јалови, туку и смешни и веројатно ќе се срамиме, бидејќи е позната максимата дека најмалку образ и совест имаат најголемите и најбогатите. Затоа пак има и една друга вистина дека и богатите плачат. Таа серија имавме прилика да ја гледаме. Така да се ова нека биде една поука.

Јас ќе се обидам да укажам и покрај ангажирањето на сите особено на Министерството и опозицијата да дојдеме до што порелевантен закон затоа што идеален рековме нема.

Моите први заложби се да усвоиме закон кој ќе се трудиме да го спроведуваме и да не дојдеме во ситуација некој да ни ја оспорува легитимноста и демократичноста на изборите, како тоа што се случува со една соседна земја. Евентуално една таква квалификација и етикета ќе ни нанесе огромна штета, вклучувајќи и скратување на финансиска поддршка од светот, а да не зборувам за она дека ние имаме огромни проблеми и со недефинирано име и статус итн. Според тоа воопшто не ми е време за едно самозадоволство. Добро е што многу забелешки од националниот демократски институт се прифатени, ќе бидат вградени. Верувам дека максимумот никогаш не може да се постигне, затоа што

веројатно овој институт ќе биде најкомпетентниот и најоспособениот и кадровски и авторитативно и локациски чие мислење ќе биде многу важно дури и меродавно во последните констатации за тоа дали изборите биле фер, објективни и слично.

Само уште неколку напомени за оној дел од законот кој ќе остане дискутабилен, каде се можни и други коментари, па дури и решенија. Не би сакал да зборувам понатаму, апсурдно е да се зборува за нови амандмани. Меѓутоа, објективно е дека остануваат многу работи кои ќе ни се покажат со сета своја недефинираност и зависно од нашето однесување во времето на реализација на изборите.

Останува едно од оние поделикатни прашања - локации, објекти, институции каде не може да се вршат предизборни собирања. Потоа има став - ако нема соодветни објекти дека може да се даде одобрение. Сега се прашувам кој ќе даде одобрение, кој се тие објекти, какви се. Да бидеме објективни, ние имаме такви средини каде што за директорот на училиштето или на друга установа, господ е челникот на партијата во тоа место. Во моментот се знае кој е тој, со полн респект спрема она што е конституција на власта и позиција. Исто така и заменикот министер, си потекнува од слична партија.

Има таму еден трет став дека не можат и објекти, опрема и други средства на државни органи да се употребуваат, па вика освен ако е неопходно па затоа ќе даде одобрение одговорниот. Кој е сега тој одговорниот, упатуваме збор на управа. Имаше некои дискусии дека тој

дел не е разграничен. Ќе ве молам да се разграничи и понатаму да се дадат упатства дали тоа ќе бидат директори на тие установи, да не биде, бараме сала, не можеме да ја добиеме, одиме, да извините, во неки простории до гробишта и слично да се држат состаноци. Непријатно е тоа за државата особено секогаш се идентификува дека за тоа е крива власта, е верувам дека не е секогаш така. Ова се работи што мораме да ги расчистиме.

Приодот во медиуми е исто така доста паушално даден. Се сугерира одреден ниво на квалитет помеѓу државните медиуми и оние, да ги речеме, локалните или приватните, што исто така не е дефинирано и ќе остане како едно горливо прашање што ќе мора со една толеранција да се разрешува.

Останува прашањето за гласањето во дијаспората. Ако сме за тоа дека на локални избори нема потреба од такво организирање и такви трошоци, да се договориме, некои ќе го даде тој амандман и ќе речеме дека на локални избори апсурдно е, може да има дури и штетни последици, судбината на една локална самоуправа ја решава некој кој можеби заборавил како му изгледа местото во кое е роден.

Записникот на избирачките одбори добро е да биде формулиран во вид на официјален државен формулар кој ќе биде заверен кај луѓе.

За неиспоивоста на функцијата јас давам полна поддршка на она што значи да нема можност одредени категории на граѓани да бидат градоначалници. Во тој поглед амандманот на г-динот Хасипи ми е прифатлив, да не се врши злоупотреба на позицијата. Ако веќе имавме поучни и добри примери, на наши колеги веднаш да ги спроведат новоизгласаните закони за јавни претпријатија, и ова нека биде еден придонес дека навистина покачуваме со личен пример како се градат

демократските институции и како се почитуваат законите од оние кои ги донесуваат.

Сега она најсуштинското што јас како претставник на една опозициона партија не смеам да го пренабрегнам со полна доверба во трите или двата претставника на опозицијата. Меѓутоа, имам јас полна доверба и сигурно дека е подобро решение од два табори да има партиципација отколку само од еден, условно земено. Меѓутоа, не можам да прифатам од практични причини да се стави процент на 5% и тоа да биде внесено во законот. Може да се случи таа партија на наредни избори да се растури. Тоа место ќе остане упразнето. Не даваме можности тука. Затоа приложувам амандмани каде што викам дека тие места на опозицијата. Сега, како што претставниците на опозицијата седнаа со позицијата да преговараат, ќе седнеме ние опозицијата па ќе се договориме, па таму каде што имаме влијание, имаме интерес во краен случај, имаме кандидати пожелно ќе биде да кандидираме и членови на тие изборни комисии, затоа што можат да ни се случат непријатни работи. Не прифаќам релевантност, затоа што се можни сојузи, раздвојување на сојузите, ги користиме тие позиции да бидеме искрени. Мислам дека ќе имаме една почиста и појасна ситуација што е ова, што е она.

**ТОМИСЛАВ СТОЈНОВСКИ**: (продолжение)

Зошто потценување и релевантност, имаме овде ние неколку опозициони партии кои што не се присутни, но многу моќни, мора да признаеме, по бројот на пратеници и верувам компетентни и со многу шанси до некои изборни единици. Ние, тие опозициони партии ги оставаме без членови во тие изборни комисии и избирачки одбори. Процентот во мнозинскиот принцип или двата кандидата од практични причини повеќе сум заговорник ш зголемен процент и приложувам исто така амандман тоа да биде 12% кога веќе невозможно е да се нема една солидна бројка, исто така од практични причини ако се одлучиме за два кандидата можеме едноставно на оној во позицијата ако некој донесе одлука за бојкот на изборите едноставно да му ја дадеме целата позиција нему да без избори тој биде победник. Вака, ако има два или три таа можност веќе е ускратена, а никој не ги запира, никој не не спречува нас ние да се договориме и гласаме за тој и тој кандидат. И ова од практична примена да елиминираме секакви можности да од сакање нешто многу добро, да направиме дури и одре- дена штета.

Избирачките списоци овде беа дискутирани од многу луѓе и мислам дека тука треба да прејдеме рационално. Избирачките списоци треба да бидат затворени 15 до 20 дена пред изборите и потоа да се пресечат сите можни манипулации еднаш засекогаш, ќе им кажеме на граѓаните дека нивна должност да проверат дали се во тие. списоци, а не да вршат притосок на нас како партии, како партиски канцеларии во тие моменти на самиот ден на избори да сакаат да постигнат некоја друг цел. Штетата е помала ако не излезат на избори поради нивна негрижа неколку мина луѓе отколку да дозволиме цела групација на луѓе да доаѓа и дури да ги исполитизира тие односи како што имавме многу практични случаи.

XVI/2.-

Инаку, законот е закон, меѓутоа, дали ќе имаме фер, непристрасни и демократски избори ќе зависи од нас, ќе зависи колку од тој закон ќе имаме желба да го примениме, нема ли да бараме во него пропусти, да наоѓаме начини за манипулации, да црвениме, јас верувам дека веќе имаме изградена и политичка култура, дека имаме доволно време да им објасниме на луѓето што се тоа и модели и се, добро е што не се расправаме, кој модел е поисправен. Моделот е модел, за сите нас овде и од позиција и од опозиција. Никој не може да има тука, сигурно некој модел му одговара, јас се обидувам да ви кажам искрено да се пресметувам, да се преслушувам, не најдов одговор. Можам само да терам инает. Е, добро е што е комбинација, има и пропорционален и мнозински модел и нека ни е арлија, да ги закажеме изборите и да се подготвуваме.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани колеги,

Иако оваа седница ни одзема доста време и веројатно сме при крајот на овој работен ден, ќе се потрудам да бидам пократок, меѓутоа, тоа што треба да се каже ќе се потрудам да го кажам. Еве конечно добивме и втора верзија на законот за локални избори и овој закон заедно со законот за град Скопје, со законот за избирачките списоци, со законот за избирачката легитимација претставува еден пакет на закони, изворни закони со кој треба да се дефинира покрај законодавната, извршната и судската власт и четвртата власт во нашата држава. токму оттаму гледано ваквиот пакет на изборни закони мора да биде предмет на една добра сериозна расправа со цел да се добие што поквалитетни и подобро подготвен пакет на закони односно да овозможиме и според Уставот член 22 да секој граѓанин го оствари своето избирачко право, тоа значи да биде биран и да бира односно да можеме со овој пакет на закони да воспоставиме една права демократска власт во нашата држава.

XVI/3.-

Најпосле сите земји кои што се во транзиција се обидува- ат, тоа значи нашата земја, да во што пократок временски период запловат во водите на демократијата односно се обидат со помош на донесување на квалитетни закони, закони кои ќе овозможат во случајот фер, правични демократски избори, да се доближат до оној плантум, до оној квалитет на демократски закони кои веќе одамна постојат во земји со голема демократска традиција.

Во овој случај, и во првата фаза, па и во оваа втора фаза се покажа дека овој текст, тоа значи првиот текст и вториот текст што го добивме за законот за локални избори претрпе доста критики, доста дискусии, како од опозиционата партија во парламентот односно во Собранието од Либералната партија така и од вонпарламентарните партии, мислам на поголемите партии, што значи дека неопходно беше тој текст добро Да се анализира, добро, квалитетно да се анализираат докажат неговите квалитети односно слабости. Целта единствена, да со овој закон за локални избори добиеме таков закон кој ќе биде актуелен со својот квалитет, по својата стручност, за подолго време, а не за еднократна употреба, што значи дека без разлика која партија ќе биде во ситуација во позиција односно во позиција да може да верува на тој закон и не само тоа туку и оперативно да се докаже дека може со ваквиот закон да се спроведат фер, правични и демократ- ски избори.

Во случајот ние дадовме како Либерална партија негде околу 30 амандмани кои беа претходно расправани во средбата со г-динот министер Поповски, како претставник на Владата, и сметам дека во таа амандманска расправа веројатно дел од тие ќе бидат и прифатени амандмани кои беа предложени од нашата партија, меѓутоа, претпоставувам дека нема сите да бидат прифатени и што е најбитно како партија ние имавме забелешки на неколку главни пунктови кои

сметаме дека се главни битни овој закон за да помине во пошироката јавност односно да добие во еден поголем квалитет и со други зборови да се овозможат навистина фер, правични и демократски избори.

Првата наша забелешка беше во глобала гледано во текстот во однос на пролонгирање на роковите. Имено, во однос на првиот текст, споредувајќи го првиот и вториот текст може да се констатира дек дел од роковите се пролонгирани освен во членот каде што рокот во денот на распишување на изборите до денот на изборите во првичниот текст беше 65 односно 45 дена, во случајот е пролонгиран на 90 односно 60 дена. Од кои причини тоа не знаеме меѓутоа, веројатно амандмански тоа ќе го објасни министерот кога ќе биде амандманската расправа.

Исто така, како главно и битно прашање беше изборот на градоначалник и ние како партија стоиме зад тоа мислење односно тоа што претходните дискутанти го кажаа од нашата партија дека најправично би било да во вториот круг одат двата кандидати кои ќе добијат најмногу гласови. Зошто? Затоа што при било која друга верзија она што е предложено 10% тоа беше 7%, па потоа 10% цензус на добиени проценти на гласови, сметаме дека гласачкото тело ќе се раскине или со други зборови постои шанса во некои општини биде избран градоначалник кој нема да ужива голем процент на гласови во тоа општина. Имено, поради тој цензус тој веројатно и нема да се оствари во повеќе општини ќе се случи да дел од тие градоначалници бидат избрани со мал процент на гласови. Тоа значи со помала доверба на гласачите, со помал квалитет.

Само да се потсетиме, пред пет години при првите локални и демократски избори само 40% сегашните претседатели на општини успеаа да го остварат цензусот пропишан во тоа време за добивање на гласови за претседатели на општини, што значи другите 60% не успеаа да го добијат тој цензус што секако алудира на сегашниот предлог дека

и тие 10% што се предложени како основен цензус за добиваше гласови за избор на градоначалник тешко ќе бидат реализирани мислам дека предлагачот веројатно поаѓал од некои математики кои најверојатно се дел од таа стратегија и на самата партија на позиција дека во случај кога би биле само два кандидата предложени во вториот круг дека постои опасност опозицијата со некакво здружување да овозможи поголем процент на гласови на кандидатот кој е од опозицијата.

Меѓутоа сметам дека ваквата војазност не би требала да биде главен аргумент за да се крои некој закон кој треба да добие своја долговечност, долглорочност, правичност, па да кажеме демократичност и мислам дека тоа покажаа искуство и другите земји кои имаат слични закони, изборни закони дека предлогот да одат двата кандидата кои имаат најмногу гласови добиено дека е и најреален односно и нај-првичен со оглед на фактот како што реков постои мала можност во одредени општини да се оствари процентот од 10% да се добие за ова место.

Подоцна предлагањето на кандидати за градоначалници не се доволно дадени критериумите како и кои кандидати треба да бидат предложени за градоначалници. Таму стои убаво дека тие треба да бидат деловни луѓе и докажан човек веројатно во неговата деловност и да биде постар од 21 година. Сметам дека овие два критериуми не се доволни, па дури имаше и расправа, јас потполно го поддржувам предлогот дека ограничувањето со староста апсолутно не одговара. Сметам дека овие критериуми треба да бидат проширени и во друг сегмент што не е овде кажани, пример дали тој градоначалник е осудуван за некаков криминал или не или дали е поведена некаква постапка за таквиот кандидат и тн., што значи може да се случи да во некои општини бидат избрани луѓе што имаат и некакви свои криминални

досиеја или се под некаква истрага. Но, мислам дека низ амандманската расправа дека доста од овие наши забелешки во однос на изборот на градоначалник ќе бидат прифатени, меѓутоа пак повторувам дека опстојуваме да во вториот круг одат два кандидати.

Во однос на изборот на членови на советот сигурно дека Донтовата метода има свои квалитети и предлагачот строи стручно зад таа метода иако знаеме дека таа метода е користена уште во времето во САД при изборот на претседателот Рузвелт и сигурно дек а во тоа време врз база на некакви искуства дојдени се до некои критериуми што и веројатно во тоа време одговарале и тие избори во таа држава.

Во образложението кое што е дадено во текстот на законот малку е кажано зошто токму е избрана оваа Донтова метода. Од кои причини дали е таа најдобра меѓу постоечките методи и зошто е подобра. Секако дека во текот на изборите ќе постои и обука како што рече министерот на изборните комисии по однос на примената на таа метода, меѓутоа како што реков многу е побитно да се објасни стручно би рекол па и практично зошто баш таа Донтова метода.

Во однос на споивоста на функцијата на градоначалникот со други функции односно со пратеничката функција сметам дека врз база на искуство на одредени земји во Европа посебно Франција дека таквата споивост и не смета, ние з наеме дека и сегашниот претседател Ширак беше до неодамна градоначалник, знаеме дека и во други земји постои споивост на такви функции и сметаме дека во случајов тоа го има предложено и со амандман дека не би сметало кандидатот за градоначалник да има и функција пратеник во Репуб- личкото собрание.

XVI/7.-

Во однос на изборните комисии и изборните одбори односно државната комисија сметаме дека односно сметам дека државната комисија веројатно не со овој закон, меѓутоа, со некој друг закон кој се однесува на изборот на државната комисија треба да претрпи од- редени измени во смисла да таа се прошири значи освен постоечките три члена кој постојат во состав на државната комисија, тоа значи судија на врховниот суд и два члена дека треба да се прошири и со други членови од партиите за поголема објективност во однос на предлагањето на избирачките комисии односно избирачките одбори. На овој начин ќе се овозможи пообјективно да се предлагаат кандидатите на избирачките одбори односно избирачките комисии и таа објективност да се запази од аспект на пристрасност и бирање на тие членови на тие одбори и комисии да бидат секојпат застапени при тој избор, како што реков, и членовите на поголемите партии односно како членови на таа државна комисија да може да предлагаат свои членови во тие избирачки комисии односно избирачки одбори.

Во однос на финансирањето овде е кажано дека секоја партија треба да отвори своја жиро сметка на која ќе се упатува односно секој спонзор ќе може да уплати одредена сума на пари вклучувајќи ги средствата од Буџетот кои се предвидени за избор на секоја партија. Сметам дкеа пред се во сегашна законска регулатива многу е тешко, пред се, незнам тоа како ќе се реши меѓутоа многу е тешко да се отвори ж-ро сметка во сегашниве услови шартија да отвори жиро сметка или група граѓани кои ќе кандидираат свој кандидат било за член на совет или за градоначалник процедурата на отворање на тие жиро сметка јас не знам дали вие сте имале прилика, меѓутоа таа процедура прво овие сегашни услови и законска регулатива доста долго трае и на- вистина треба да поминат бар во сегашниве услови 2-3 месеци за да се добие таква жиро сметка. Може би со некои други закони или со измени на

сегашното законска регулатива да се овозможи побрзо добивање на тие жиро сметки, меѓутоа стојам и стоиме како партија позади фактот дека треба да има ж-ро сметки тие треба да бидат јавни, меѓутоа доаѓа едно второ прашање од аспект на финансирањето во однос на јавноста на спонзорите кои ќе ги финансираат хартиите односно групата на граѓани кои ќе кандидираат свој кандидат. Имено, навистина постои опасност да тие спонзори бидејќи јавно ќе се декларираат со внесување на тие пари во тие жиро сметки што ќе ги имаат партиите да бидат подложени на одредени реперкусии, пријатни, непријатни итн. што од друга страна ќе се појави една бојазност ќе се појават такви спонзори за партии кои се со помала моќ.

XVII/1.-ЛП/ОМ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ**: (Продолже ние)

Сметам дека во оваа фаза би било корисно и при таквото внесување на пари да се гарантира исто така и јавност на тие спонзори, меѓутоа,да се гарантира дека тие спонзори нема да претрпат било какви реперкусии било од аспект на контроли од аспект на некакви проверки или пак во бирањето на тие контроли да се вклучат претставници на партиите, каде и на кое место кој спонзор ќе се контролира. Сметам дека ова е многу битно прашање бидејќи многу од партиите кои се вон парламентарни посебно немаат таква финансиска голема можност и веројатно ќе имаат проблем со тие спонзори , така што и овој факт треба да се земе предвид , да се внесе законски или пак да се овозможи тие спонзори да немаат некакви реперкусии во текот на изборите и после изборите.

Во однос на финансиските средства кои се даваат од буџетот смаеме дека средствата кои се предвидени за авансирање се минимални и би требало да изнесуваат барем 50% во почетокот аз секоја партија односно за група граѓани која ќе кандидира свои кандидати. Ова е многу битно, бидејќи тие средства не се така големи, максималната висина е 60 илјади денари, така што износот од 50%, 30 илјади денари, секако ќе значи во стартот за секоја партија, па и за група граѓани, голема финансиска помош за реализирање на кампањата која ја имаат предвидено односно за печатење на рекламен материјал, преставување на своите кандидати и т.н.

Избирачките списоци треба да бидат јасно дефинирани, да бидат јасно прецизирани и тие треба да бидат најмалку 30-тина дена јавано прикажани пред граѓаните аз да може секој граѓанин да го идентификува

своето име и презиме и дали воопшто се наоѓа на тој список односно да интервенира дали некој од неговите сограѓани, или соседи и т.н. во меѓувреме починал се отселил и т.н. Значи, треба да се дефинираат јасно тие избирачки списоци и навистина е несфатливо зошто во секој избирачки одбор, во секоја избирачка кутија постојат резервни ливчиња за некои кандидати кои нема да се идентификуваат до крајот односно до последниот ден пред изборите. Навистина тоа е нејасно. Дали на тој начин се овозможува некој да се докажува пред или за време на самиот избор дека не е на списокот, еве јас сум тој што е испуштен , па треба да гласам овде. Сметам дека тоа е непотребно, бидејќи тие избирачки списоци треба да бидат јасно и гласно дефинирани, веројатно тој закон што е за избирачки списоци во тоа ќе успее претпоставувам да го дефинира. Меѓутоа, не би требало да се дозволи со такви резервни ливчиња кои се наменети за некакви избирачи кои треба да се докажуваат дополнително да постојат како резервен број на ливчиња во секоја избирачка кутија.

Во однос на избирачката легитимација навистина е несфатливо држава од 2 милиони народ односно со милион и триста педесет илјади избирачи да не може во период од два месеци да подготви избирачки легитимации. За мене тоа е несфатливо. Добро спомнаа дискутантите дека кога една Романија со 25 милиони народ успеа за два до три месеци да направи избирачки легитимации, јас не можам да сфатам зошто кај нас не може за милион триста педесет илјади избирачки гласови односно избирачи да не може да се подготват тие избирачки легитимации. Сметам дека има доволно време, има услови тие да се отпечатат и секој граѓанин да добие своја избирачка легитимација да го оствари своето избирачко право.

Кампањата е исто така еден битен елемент во изборите и многу е битно сите партии и сите кандидати кои се предложени од партии , па и од групата граѓани, рамноправно да добијат простор во сите медиуми и сите би рекол постоечки радио-телевизиски медиуми во државата односно да добијат право да се презентираат со свои програми, со свои мислења и се разбира рамноправно временски да учествуваат во однос на добивањето време за кампања односно за докажување на својата програма. Тоа значи дека секако е потребно да се направи некаков закон за таа кампања кој јасно ќе го дефинира време траењето на преставувањето ан тие кандидати и рамноправното учество во кои медиуми, под кои услови и се разбира под еднакви финансиски услови кои ќе овозможат и кандидати кои немаат средства да можат да учествуваат.

Сметам дека има и други забелешки, меѓутоа,не би должел. Само сакам да кажам и да повторам дека целта на овој закон е да добиеме еден фер, правичен и демократски закон, да овозможиме демократски избори. Закон кој ќе биде подолгорочен кој ќе овозможи без разлика која парија е , дали во позиција или опозиција, да овозможи правични, фер и демократски избори. Мислам дека во таа амндманска расправа ќе добиеме можности повеќе и подетално да ги образложиме нашите забелешки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Се надевам дека нема да Ви досадам како што обично се случува со говорите кои ги држиме тука, затоа што некои работи кои ни беа како дилема во однос на кандидатските листи и финансирањето ги расчистив, така што останува само едно укажување кое го упатувам до

Министерството за правда односно до Владата за некои реални проблеми кои настануваат односно мислам дека ќе настанат при заклучувањето на избирачките списоци. Имено немам ништо против тоа одредено време пред изборите да се заклучат изборните списоци, но под еден услов да се ажурира постапката за добивање на државјанството, кое сите знаеме од информациите сепак во нашата држава преставува сериозен проблем за многу граѓани кои очекуваат да го разрешат ова прашање.

Второ прашање односно укажување кое исто така го упатувам до Владата и Министерството за внатрешни работи, а се разбира и до Министерството за правда е проблемот со кој се соочува одреден број граѓани кои стануваат полнолетни, а кои треба да го решат прашањето на внесување во книгата на државјанство.

Сметам дека овие прашања се сериозни за да се добие целосен легитимитет на избирачките списоци, од причина што од информациите што ги имаме внесувањето во книгата на државјаните, особено на децата кои се деца на родители кои имаат добиено решение, кои се државјани на РМ по прием е многу сложена, постапката е многу бирократизирана и долго време трае. Со тоа мислам дека на сите тие граѓани кои стануваат полнолетни ќе им биде ускратено правото да може да гласаат.

Понатаму, сметам дека одредена забелешка односно корекција може да се направи во поглед на износот за финансирање на кандидатите аз градоначалници во однос на тие што ќе добијат. Односно сметам дека износот од 60 илјади денари е апсолутно премногу низок за да се оствари било каква сериозна кампања. Сметам дека во овој поглед би било добро да се направи некоја измена. Не знам дали е размислувано во оваа насока, дали е предложен некој амандман, но евентуално после некој коментар и би можел со одредена реакција да ускочам и јас.

Инаку, што се однесува до разните забелешки во однос на тоа утврдувањето на резултатите какво ќе биде односно методите и сите тие работи, сметам дека за сите нас како политички партии тоа се споредни работи со кои мислам дека поважно е да се занимава администрацијата, а за нас мислам дека е најважно да собереме што повев" гласови, а утврдувањето на резултатите сметам дека ќе биде многу лесно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Крстевски, а потоа Станковски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван господин министре, би сакал да се вклучам малку во расправата по овој закон, поаѓајќи од значењето кое тој го има за вкупните демократски состојби во РМ посебно за периодот кој претстои врз база на пројавената иницијатива за закажување на локалните избори.

Би сакал на почетокот искрено да ја искоментирам целокупната оваа расправа. И самиот тој факт што толку длабоко навлеговме во ноќта мене некако целата оваа работа искрено да Ви кажам ми личи како состојбите во фудбалот на Македонија, по некоја логика исти се и актерите, дури денес колку што можев да забележам во зградата на Собранието и управниот одбор на ФК "Вардар" одржа седница и брзо ја потврди својата принципиелност претседателот на Собранието во однос на она вчера што беше дел од (реакции од некои пратеници во салата) политичкиот циркус заради кои ние вечерва мораме да седиме подолго.

Би сакал исто така да го искоментирам она што не ми беше јасно зошто во весниците актуелниот министер за правда дава контроверзни изјави околу подлогата на законот, иницијативите кои околу него

постоеле како и декларираната соработка со политичките партии. Чувме и деманти дека е работи за еден ист концепт кој Владата го имала од почетокот, чувме за оценка дека се прифатени 80% од забелешките на опозицијата дури дека се користени експерти по некои тајни канали од политичките партии. Се разбира дека имавме една основна дилема кога ја читавме првата верзија на законот, а тоа е зошто тој законски текст обилуваше со доста спорни да кажам од уставно правен аспект формулации, беше на одреден начин многу технички несреден, како што е впрочем и овој сегашен текст и сега кога ја даде изјавата министерот дека всушност прифатил многу забелешки и со тоа потврдува некаква теза дека две забелешки што останале надвор од разговорот со опозицијата всушност преставува висок степен на консензус, всушност се работи за еден демагошки пристап во кој она што по логиката на неговата струка мораше да го прифати, го прифати, а она што остана во доменот на основниот проблем што изборното законодавство треба да го регулира остана неразјаснето односно од страна на министерот недоволно аргументирано, за да докаже дека со понудениот закон всушност во РМ се гарантираат фер и демократски избори, избори по теркот на развиени европски држави и избори кои во својата основа можат да инкорпорираат висок степен на контрола и злоупотреба од страна на оние кои ги спроведуваат изборите.

Оттука, за мене двете прашања што се истакнуваат не се никаква формалност туку се главната суштина и оној вчера спомнат политички опортунитет се изразува само во спремноста аргументирано да се каже зошто едното решение не е прифатено односно второто решение е прифатено .Индикативно е и не е веројатно ни случајно што една висока институција како што е Правниот факултет,елитна како што некој сака да

ја нарече, не се вклучи во расправата по овој закон. Причините во овој момент не ги знаеме, дали е индолентноста на професорскиот кадар или пак можеби се работи аз нешто друго. Во секој случај, ние сме денес да речам во тој научно стручен аспект како пратеници помалку информирани и веројатно ќе следат, како што беше и по прашањето на граѓанската иницијатива за собирање на потписи, отпосле доста образложенија, амандмани, гледања на светската пракса и т.: дека е прашањето на консензус важно прашање и дека политичките партии во Република Македонија е нужно да се приближат со своите политички гледања по некои клучни прашања, како што е изборот на моделот, избирачките списоци , начинот на контролата, учеството на посматрачи и т.н зборуваат и искуствата на другите држави кои исто така донесуваат закон или го уредуваат ова прашање, се прават за да дојде до тоа политичко приближување. Само да потсетам, реков дека Словенија на 23 јуни нејзиниот Уставен суд, донесе одлука за референдум за испитување на согледување по кој изборен модел да се изврши измената на изборниот закон во Словенија. И таму има парламент, и таму има некое мнозинство кое може условно да речам да наметне волја, меѓутоа е избран еден демократски начин како тоа да се направи. Во соседна Грција се спремаат предвремени избори и ако се информираме на начин како што се информираме од весниците, ќе видиме дека политичките партии дури и потпишаа протокот за некои основни прашања кои се врзани за настапот, кампањата, улогата на медиумите и слично. Значи, не се работи за нешто што е наша измислица дека формално процедурално, како овде често пати се сака да се каже , немало потреба од иницијативите , средбите и се она друго што оди со потреба да се подобри законот, туку останува едно чувство дека дел од одредбите се прилагодени за некакви други состојби кои евентуално може да настанат во чинот на изборите односно со гласањето.

XVII/8.-

Она што да речам на текстот на законот може да се стави како забелешка, а кое пратеничката група на Либералната партија го систематизираше во повеќе од 27-28 амандмани, е всушност последен обид, вклучувајќи ги и овие два клучни моменти каде што битно се разликуваме во поимањето ан демократијата, изборните модели и начинот на контрола на изборната процедура е последен обид да кажам пред да се донесе некоја политичка одлука за учество или не учество на парламентарните избори. да не се залажуваме дека со исти очи и на ист начин и  меѓународниот фактор и внатрешните состојби во РМ не гледаат кога за битни прашања не можеме да најдеме заеднички јазик. Во секој случај, одговорноста е на целокупниот парламент и на политичките фактори кои тука делуваат. Меѓутоа, политичката одговорност сигурно е поширока ако се земе предвид дека во дел од одредбите, вака како што може да се усвојат или ќе се усвојат можни се спорови од уставно правен карактер.

Бидејќи ние ќе одиме и на амандманска расправа, верувам дека дел од апсурдите кои законот сега ги содржи, како што е на прим ограничувањето на 21 година за избор.

XVIII/1 СС/ЛБ

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (продолжение)

Ограничувањето на 21 година за избор и тн. јас само посочувам примери што укажуваат на тоа дека несериозно се работело при конципирањето на законот. Тоа што сега некој ја согледал својата грешка , тоа е добро. Меѓутоа судот поаѓа од тоа. Па, се до прашањето околу правото односно мешањето на поимите на неспоивост и неизбирливост на функциите, укажува на тоа дека законот прави продир во уставните права на дел од граѓаните на РМ , ускратувајќи им го или правото на кандидирање односно избор или правото на гласање.

Тука, од еден друг аспект битни се аргументите кои по прашањето на правото на пратениците да се кандидираат за градоначалници може да се аргументира во функција на прифаќање на таквиот амандман. Имено, последната конференција за локалната самоуправа и повелбата укажува на иницијативата дека националните парламенти треба да водат грижа секогаш кога доаѓаат во предвид иницијативите што значат унапредување на локалната самоуправа.

Ова, за една мала држава како што е РМ според бројот на жители , битна одредница која ништо не го нарушува, не ја из- дигнува потребата од подвојување на функцијата пратеник и функцијата градоначалник. Често е овде спомнувам овде примерот на Жак Ширак, неговото градоначалствување на Париз и како сенатор, особено повеќе што ние, и тоа е основната логика што треба да се прифати не се бега од аргументите, ние се определивме за локална самоуправа а не за локална управа. За да извлечеме заклучок дека неспојивоста произлегува од ингеренциите што државната управа, како пренесени ингеренции ги има во локалната управа.

Мислам дека ова е едно битно прашање, а да кажам има своја тежина и го нарушува принципот на избори е една дневно политичка активност на пример кај законот за јавни претпријатија. Ако г-динот

Гештаковски мораше да се повлече затоа што во тој закон беше видена неспоивост со функцијата директор на јавно претпријатие. Ако овде ставиме стриктна одредба што ќе важи и во осумте дена по донесувањето на законот односно до изборите прашање е овде на бројот на претседатели на општини кои седат овде . Овој закон нема преодна одредба во тој поглед. Значи, се работи за политички интерес да се задржат колку - толку колку што држи владеачката партија и тука не е до крај консеквентно во два закони еден позади друг не е до крај консеквентно изведен принципот на неспоивост односно избирливост на функциите.

Исто така членот 5 е еклатантен пример како номотехнички овој закон не кореспондира ниту со уставните термини, ниту пак може стриктно на база на овој закон да се види, така да кажам диференцијацијата помеѓу правото да се кандидира некој на локалните избори. Што подразбира законодавецот, предлагачот на законот под овие работници на стручни и управни работи. Тоа е терминологија од еден друг политички систем што го градевме и тоа се апсурди овде содржани.

(од место дофрлување - Доста)

Нема доста зошто доста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, ве молам немојте од место.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Со оглед на оваа провокација јас би ве замолил до кога ќе трае седницата?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжете г-дине Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Вие не знаете ни до кога ќе трае седницата, добро претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кога ќе станете вие ќе ме научите, нема проблем.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Вашата дрскост веќе други димензии добива. Во делот за распишување и одржување избори, се надевам дека основната слабост што овде е воочена дека не се дадени роковите во кои се распишува дека ќе се прифати од амандманските предлози и една битна аномалија што овде не е уредена, сигурно силум прилике ќе се отстрани, бидејќи е тоа многу важно од повеќе аспекти што понатаму законот ги уредува во прашањето и на кампањата и на подготовките што политичките партии треба да ги направат за изборите.

Би сакал нешто да кажам и во врска со органите за спроведување на избори.

Мислам дека основна аномалија на овој дел необезбедување на двостепеност. По мое длабоко убедување и по искуствата што во многу земји се применуваат не може да се примени овој модел на изборни комисии без да се утврди улогата и значењето на централната односно државната односно Републичката изборна комисија, како што ние ги имаме двата назива за ист орган.

Од повеќе причини тоа, бидејќи овде постои еден апсурд кој се огледа во тоа Републичката комисија да го избира составот на изборната комисија, предвидува учество на партиите, но во случај ако немало претставници од партиите, претседателот до изборната комисија ќе предложи кандидати. Апсурд кој е неодржлив бидејќи е логично дека утврдениот број на изборната комисија ќе биде избран во моментот кога изборната државна комисија тоа ќе го потврди во полн состав.

Она што по мене дава висок степен на гаранција дека изборната активност во локалните избори ќе биде под силен. мониторинг условно кажано од аспект на улогата на независност на судството е принципот да

всушност не бидат вклучени апелационите судови, тоа да биде врховниот суд. Во многу држави, согласно уставните ингеренции е право на уставните судови на тие држави.

Мислам дека правиме голема грешка во тој поглед што степенот на поплаките и тн. не ги упатуваме на Врховниот суд како највисока инстанца во изборната активност.

Исто така нужно е заради стекнување на меѓусебна доверба, учеството на претставниците на политичките партии да биде обезбедено во сите фази на постапката околу работата на избирачките комисии и изборните одбори. Тоа со членот 11 не се овозможува.

Зошто е важна улогата на Државната изборна комисија? Прво, заради обезбедување на таа двостепеност, бидејќи при евентуални пропусти на изборната комисија не е можно во второстепена постапка повторно да се жалите на истата инстанца. Тоа е едно.

Второ, нема логика органот кој ги бира своите комисии да ја нема улогста на утврдување на конечниот резултат на изборите. Тоа е препуштено на секоја изборна комисија и тоа на одреден начин ствара двојни стандарди по прашањето на утврдување на изборите.

Мислам дека таа работа е многу важна и не знам дека на оваков начин некое друго законодавство се уредува прашањето на утврдување на резултати.

Реков дека дел од пропустите на овој закон се неусогласеноста со уставот, употреба на термини што се правно релевантни, меѓутоа не се уставна терминологија. Многу е дискутабилно и од уставно- правен аспект прашањето на право на група избирачи да можат да пред- ложат листа на кандидати за членови на советот, односно кандидатска листа за градоначалник. Мислам дека овде е применето до некоја скала, всушност не е еднакво избирачко право. Треба да се прифати една цифра, еден лимит на број на граѓани што ќе ја потпишат таа листа  без разлика

колкаво е гласачкото тело на изборната единица. Мислам дека ова е клучно прашање од уставно правен карактер што треба да се уреди. Ако остане вака тоа е еден елемент на нееднаквост на избирачкото право на граѓаните.

Членот 18 всушност е прашањето на изборниот модел. И тука треба предлагачот на законот да каже отворено зошто имаме разлика или двојни стандарди во една иста материја што го уредува изборот. Едно на степен на избор на претседател на држава, каде што е предвидено во вториот круг да одат двајца кандидати и овде каде што се бара некој процент и се образложува со тоа што за мене , би сакал дополнително во парламентарнава расправа да го чуеме околу некаков притисок на политичките партии, да се откаже кандидатот, некое демократско право секој што добил неколку гласа и тн. бидејќи во истиот предлог има со ставот 2 , таму се демантира тој принцип. Кога за кандидат кој не освоил повеќе од 10%, кандидатот со најмалку проценти под 10 оди. Значи, не е валиден критериум, критериумот е неодржлив и, ако навистина сакаме да го потврдиме членот 2, тој патем речено мнозински принцип спомнува а не мнозински модел, треба токму тоа прашаше да го потврдиме и со некоја пракса каде е ова потврдено, кога се знае што е мнозински модел и како тој се исполнува.

Кај изборната кампања навистина е направен обид на нов начин, веројатно на база на иницијативата и забелешките што ги дава демократскиот институт да се воведат новини во оваа битна одредница за рамноправноста, правото и пристапот на партиите кон медиумите и кон сето она што значи арсенал за докажување на своите програмски определби или поддршка на својот кандидат.

Меѓутоа, основното прашање останува како ќе се контролира и како ќе се запази тоа единствено еднакво право на партиите водењето на кампањата.

Знаете од кој аспект е ова сомнително, од аспект што оваа држава имала висок степен на даноци, такси, царини, акцизи. Една држава која на тој план има големо потфрлување, може да ги вадиме сите причини, економски, социјални симптоматично е кога во овој дел сака да постигне еден висок степен на контрола на политички партии, посебно од аспект на спонзорството на кандидатите партиите и тн. и тн.

Прашањето како тоа ќе се обезбеди од страна на оние кои не се во власта, да ги контролираат фондовите, трошоците и тн. на политичките партии што ги рrганизираат изборите, бидејќи знаеме дека во позицијата во која се наоѓаат можат да влијаат на одреден број инвестиции, зделки и тн. заради свои политички и партиски цели. Тоа е едно многу важно прашаше по кое, овој дел од законот не дава до крај гаранции. Посебно е интересен членот 29 кој го разгледува прашањето за истражување на јавното мислење и тн. Сведоци сме дека во Македонија освен некои почетни обиди на институција на научен и друг карактер дека немаме лоцирано институти меѓународно признати или низ научната верификација, универзитетската пракса и тн. кој во подолг период вршат истражувања на јавното мислење и тие ги потврдуваат согласно методологијата, принципите и тн. кои за тие истражувања важат. Сведоци сме дека во време на избори се фабрикуваат вакви извештаи и дека е нужно да се изврши некаква заштита. Меѓутоа, прашањето се поставува од аспект на тоа кое е пак право на законодавецот да кажам да ги верифицира научните и не знам кои други титулина аналитичарите и тн. и тн.

Мислам дека ова само по себе не оди со стварноста.

Во делот на канзнената политика, ако ги видиме казните ќе видиме дека сите имаат скоро ист цензус, со најмалку. 100 илјади денари. Во членот 32 е употребен еден, по мене, строго е забрането тоа, не знам

како законодавно се третира тој номотехнички , дали е тоа издржано така да се каже, што значи "строгозабрането"• Во другите закони го немаме овој термин освен по прашањето над пушењето во просториитре.

Меѓутоа, во основа е овде напуштен еден принцип за различен степен на дело се дадат различни казни. Не може казната да биде иста, не е исто. Со примерите што се давани во кои прелепувањето или не знам што друго се подведува под прашањето на нарушувањето на правото на другиот кандидат од партијата да истакне . И овде има многу прашања врзани со нашата неорганизираност на комунално ниво. Како што е прашањето на места за изборните пропагандни материјали и тн.

XIX/1 нн/н;

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**: (Продолжение)

Едноставно таа култура на некое рекламирање кај нас воопшто не е заживеана, само со одредбите на овој закон се гарантира рамноправност. Тоа веројатно ќе биде еден дополнителен притисок што општините во зависност кој владее со Собранието ќе го прават само за да п фаворизираат своите кандидати.

На крајот би кажал само некои работи кои се генерално врзан за членот 50.

Несфатливо и неоправдано да постои член кој нема да важи со донесувањето на овој закон. Тоа правен нонсенс тоа е членот 50 и тука се крие целокупната недоверба која се гради према СДС и намерите кои ги има со овој член. Навистина несфатливо е во ера на компјутеризација и во ова што денеска сепак имавме чест и со истапувањето на претседателот на Републиката да го констатираме за одот на македонската држава во овие пет години да за основното и темелно право, избирачкото право не можеме да обезбедиме избирачки легитимации. Навистина нема оправдување кое може да ја потврди неажурноста или нешто друго што ќе биде фактор да членот 50 не важи за овие наредни избори Мислам никој нема да ви верува, може ќе се трудите во изборите да не1 двојно гласање, да умрени не гласаат и така натаму ама нема шанси некој да ви поверува кога за пет години не сме направиле ништо на планот на средувањето на избирачките списоци и на евиденцијата, компјутеризацијата се она што може да го направи.

Мислам дека тоа многу зборува дека некој репрограмни процеси за тоа, и хипотека носеше и ова Собрание и наоѓаше начин како тоа да го оправда. Секогаш беше дека за дел од овие забелешки ќе се обезбеди повисоко право, повисока процедура на наредните избор! Мислам дека ова веќе со една свесна намера е направено и преиспитајте си ја таа работа. Не е нешто што не може да се совлада а многу се доби.

Верувајте многу се добива а особено во условите во кој Македонија во наредниот период треба да делува.

Околу начинот на утврдувањето ан резултатите стана збор, не би сакал да се осврнувам, но има и некои други забелешки меѓутоа психозата под која работиме и терминот кој е избран ова да се прави, дополнително ги нервира и тие што слушаат и тие што гледаат а да знаете и тие што зборуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Чадиковски, бара реплика.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Господине претседателе, од оваа говорница се изговори една голема лаж, тоа дека Управниот одбор на Вардар држел некој состанок во Собранието. Тоа не е точно ниеден човек не е влезен во зградата на Собранието. Бидејќи работам со деца кога не ја зборуваат вистината велам дека лажат а цинизмот и паранојата кога ќе станат хронични не можам многу да помогнам, а плус тоа би сакал да кажам бидејќи колегата Крстевски ни се понуди да евентуално пријателски ни помогне околу таа работа еве сега званично кажувам не сакам да ни помогне бидејќи се служи со невистини.

**БОРИС СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре со соработниците, бидејќи многу колеги пратеници, многу забележаа јас ќе се задржам конкретно на некои технички детали технички работи кои задираат во сферата на локалните избори.

Прво, би се задржал околу изборот на градоначалник. Јас добро се сеќавам дека уште при првите никулци на размислување каква локална самоуправа треба да имаме со господинот министер разговаравме дека тоа треба да биде градски совет со градоначалник и се сеќавам добро

тој градоначалник треба да биде јака личност и јак како под- дршка од аспект на граѓани кои ќе го подржат. Затоа инсистирам на тоа и го поддржувам тој предлог и тој амандман што ќе биде даден и на оној начин на избор кој го предлага Либералната партија да во изборот на вториот круг влезат двајца кандидати. Со тоа ја намалуваме можноста да градоначалникот биде избран од мала група или мал број на граѓани, а по начинот кој ние го предлагаме, начинот на Либерална партија моделот кој го предлагаме градоначалникот ќе има една голема маса на бирачи кои ќе стојат зад него и со тоа тој ќе биде јак како личност и градоначалник во смисла на извршување на своите задачи. Вака, по моделот кој ни се предлага, а имајќи ги во предвид и ингеренциите кои ги има во Законот за локалната самоуправа градоначалникот ќе има некој минорни можности да остварува она за што се залагаат граѓаните. Имајќи во вид дека државната управа и Владата ја игра улогата на се што не може да се реши на локално ниво може да ни биде јасно дека фактички ќе имаме држава во која управува Владата, а не локалната самоуправа.

Второ, околу избирачките списоци многу беше кажано, а јас од технички аспект ќе кажам. Јавна е таа држава која нема информативен систем, а јас знам дека таа држава има средства ажурно да ги води списоците и сите промени кои настануваат не ви ги набројувам не се регистрираат и ажурираат во најкраток рок. Мислам дека на сите ни е јасно и знаеме во други држави, не многу развиени на пример во една Грчка се работи за недели кога се договараат и одржуваат избори. Тоа значи еден висок степен на организираност од аспект на информатика. Затоа мислам дека можеме да упатиме опасна критика до институциите, точно да не лоцирам кој е задолжен за тоа во државната управа дека ажурноста и после 5 години од осамостојувањето фактички немаме никаква ажурност. Сега носиме некои мерки да ставаме списоци под

брави, па потоа промените ќе ги ажурираме и тн и тн. Бирачките списоци автоматски се еден главен сегмент во влезот за изработка на легитимациите. Ако имаме ажурни списоци да кажеме неделно, или на четири дена тогаш изработка на бирачки легитимации мислам дека не претставува никаков проблем да се изработат. Јас одговорно можам да кажам, многу погодуваат за колку време можат да се направат, јас мислам доколку имаме ажурна евиденција на избирачките списоци тоа се да е средено чисто практично се сведува на една обична обработка која би требало да ги отпечати легитимациите. Според тоа изговорот дека тоа не може можеби до некаде држи, меѓутоа критиката на тие што се задолжени тоа да го работат е апсолутна.

На крајот бидејќи сум еден од претседтелите на собранијата, околу тоа дали треба градоначалник да биде и парламентарец. Мислам дека е тоа прашање доста за дискусија. Ние имаме овде градоначалници кои се многу активни и имаме бизнисмени луѓе кои воопшто не се активни имаме професори кои се активни, а имаме други кои не се активни.

Мислам дека прашањето за градоначалник пратеник не би требало воопшто да се поставува. Треба да си поставиме прашање дали градоначалник пратеник не би требало воопшто да се поставува. Треба да си поставиме прашање дали сме ние за професионални пратеници. И тука треба да размислуваме во иднина дали ние во Парламентот треба да воведеме систем на професионални пратеници и тука да бидеме одговорни како работници и да се однесуваме професионално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Коцевски, процедурално.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри соработници, веќе е еден часот по полноќ бидејќи се работи за многу значаен закон а веќе сме сите на границата на издржливоста, а има

можеби 100 амандмани кои треба да се разгледаат во име на пратеничката група на Либералната партија предлагам да продолжиме денес во 11,00 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес.

(пратеникот Стојан Андов од место реагира - обичај е овде кога некоја од пратеничките групи...)

Кога ќе добиете збор господине Андов, тогаш, повелете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Коцевски, во име на Пратеничката група бараше пауза до 11,00 часот и ве молам дали вие ќе воведете сега нов ред да се одвива барањето за пауза на пратеничките групи. Тоа е барањето ништо друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие господине Андов, вчера не бевте тука. Ние се договоривме завчера се договоривме да работиме прецизно речено за вчера и се договоривме по барање на Пратеничката група на Либералната партија да се одложи почетокот на седницата до моментот кога ќе се усогласат пратеничката група на Либералната партија и министерот за правда. Токму тоа беше причината да се одложи.

Новото бараше јас не знам како да го разберам освен како опструкција на работата на Собранието. Самиземавте обврска да го донесеме законот денес односно за вчера. И тоа беше причината за средбата што ја имавте вчера со министерот во 14,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам треба да сфатите дека Либералната партија од почеток се залагаше за што подобро подготвување на изборното законодавство. Господинот Петковски многу убаво се сеќава, а има и некои други овде

што се сеќаваат дека во преговорите за составување на Владата на 20 декември 1994 година, кога е избрана, прв услов на Либералната партија беше да се подготви, прв приоритет да има изборното законодавство. Но, да не одиме толку назад. Зарем вие навистина гледате некоја разлика меѓу тоа законот да се донесе во три саатот ноќта и во 12,00 или 13,00 часот утре на пладне. Нема никаква разлика само ќе им овозможите на луѓето да се искажат да дадат придонес бидејќи се работи за извонредно важен закон. Ништо друго.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Навистина по деловникот имаме право да бараме пауза. И мор да го почитувате тоа наше право да не го кршиме деловникот. Ние го кршиме неколку пати, цело време рековме дека Собранието по Уставот работи со кворум па не работеше реагираше, реагираше Крстевски, реагираа другите не се броевме...

Само да кажам дека во врска со овие настани не сме навистина ние виновни што не влегоа некои претставници овде бидејќи имавме милион пати случаи, сите знаеме да доаѓаат и одредени функционери и други партиски и други лица кога се одржуваат седници, па никому ништо не беше. И не беше наша вина затоа што вчера не се одржа тој состанок со министерот. Ние сакавме два пати се јавувавме, чекаа луѓето, доаѓаа за да се одржи таа расправа да не биде денеска, вчера ќе ја завршивме. Ние не сме виновни што не можеа да влезат тие луѓе. Денеска средбата кај министерот траеше два до три часа најмногу. Тоа ќе се завшреше и вчера. И не е виновна Либералната партија што не беа пуштени тие лица а во исто време многу други лица доаѓаат функционери од спортски сојузи од разни партии и никој ништо не прашува. И немаме против тоа што доаѓаат, туку само сакаме да укажеме.

(Господинот Зоре Темелковски се уфрлува од место)

Ве молам не дофрлајте. Не сме ние виновни што седиме четири дена. Што да правиме сега. Ќе седиме и пет ако не се даде пауза да се одмориме, а имаме право по деловникот пауза да добиеме, ја бара Пратеничката група. И кога бара ПДП, СП и сите други партии се добива пауза, Либерална партија ако побара пауза не може. Бараше два пати пауза за еден ден ние бараме за седум-осум часа не можеме да добиеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам никогаш досега не сум го непочитувал барањето на пратеничка група за пауза. Било која пратеничка група. Вие три дена само паузирата ве молам. Тие се причините.

(Господинот Зоран Шапуриќ реагира од место - 12 часа работиме претседателе.)

Јас прашав дали се јавува некој за дискусија во општиот претрес? (Нема)

Го заклучувам општиот претрес и поминуваме на претресот по амандманите.

(Пратеничката група на Либералната партија ја напушта седницата).

Процедурално бара збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колеги, министри, јас мислам дека е ова за јавноста голема срамота од Либералната партија што не гњави 4 дена овде, што седиме сите без разлика од која партија кој како припаѓаме овде. Мислам дека не е во ред некој да дојде во еден часот овде и сега да ствара некои работи. Мислам дека би требало да продолжиме и да го донесеме овој закон како што треба.

(Аплауз)

XIX/8

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, каква е состојбата со кворум.

(Во салата се присутни 61 пратеник.)

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија достави амандмани на член ; 3 став 2, и за бришење на став 3 на член 5, член 5 став 3, член 12 за менуваше на последниот став, член 16, член 17 став 1, член 20 за додаваше нов став по ставот 1 и член 22 за додавање нов став по ставот 4 и член 30 став 1 и 2, член 39 за додаваше два нови става по став 2, член 45 за менување на став 2, член 47 став 3 точка 3, член 50 став 1 и член 80,член 53 став 1 и за додаваше нов став по став 2, член 55 став 4 и 5, член 61 за додавање нов став по ставот 2,член 62 став 1, член 71 за додавање нов став по ставот 2, член 75 за менување на алинеја 2, член 77 став 1 и на членовите 7 9 и 80 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани и на член 73, член 74, член 75, член 76, член 77 и член 78.

ХХ/1.- РД-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2 став 3, член 5 став 1, член 7 став 1 член 8 став 2 и за додавање нов став по ставот 2 за додавање нов член 81-а, член 10 став 1, член 12 за додавање нов став по ставот 6, член 15 за менување на став 3, член 17 став 2 член 29 став 1 член 31 став 1 член 32 став 1, член 43 за додавање нов став по ставот 4, член 46 за додавање нов став по ставот 3, член 49 став 1, член 50 за бришење на став 2 и 5, член 54'став 4 и на член 61 за додавање нов став по став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 5 став 1 и на член 23 за додавање нов став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1,2 и 3, член 5 став 1, член 10 став 1 и за додавање нов став член 18 став 1, член 31 став 3 за бришење на členовите 33 и 34, член 39 став 1, член 55 став 2 и 3 и на член 68 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазаров и Мирко Пецов поднесоа амандман на член 46 став 3 и на член 65 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубомир Поповски поднесе амандман на член 8 став 1 и истиот го повлече.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 5 став 1, член 9 за бришење на став 4, член 18 став 1, член 21 член 31 став 3, член 39 став 1 и 2, член 50 став 4, член 51 за бришење на став 3 на

глава VII за бришење на точка 2 и член 65 член 67 за додавање нова точка 5 за бришење на член 68 и член 74 став 1 алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 17 став 1, амандман со иста содржина поднесе и Владата и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 3 за бришење на ставот 3 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 3 за менување на став 3, поради што не постои основ за претрес по овој амандман.

Пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски , Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Симон Наумовски, Петар Талимциоски, Санде Давчев поднесоа амандмани на член 2 став 3, на член 3 за замена на ставовите 2 и 3 со нов став 2, член 5 став 1 и за бришење на став 3, член 7 став 1, член 8 став 2 за додавање нов став 3 , член 9 став 1 и за бришење на ставот 4 член 10 став 1, член 12 став 1 точка 5 за менување на ставот 6 и за додавање нов став 7 , член 15 за менување на став 3, член 17 став 2, член 18 став 2, член 26 за бришење на став 2, член 29 за бришење на ставот 1, член 30 став 1, член 31 став 1, член 32 став 1, за бришење на членот 33, член 38 за бришење на став 3,член 43 за додавање нов став 5 и 7 по ставот 4, член 46 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 47 ставот 3 за додавање нова точка 2, член 49 став 1, член 51 став 5 за додавање нов став 6 за менување на членот 58, член 61 за додавање нов став 3 по

ставот 2, член 69 став 3, член- 71 за додавање нов став 5 по ставот 4 и за бришење на пауза 81, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 5 за бришење на став 3, член 5 за менување на став 4, член 13, член 18 став 1, член 22 став 4, член 31 став 3, член 47 став 2, член 52 став 2, член 56 за додавање нов став 4 по став 3 и на член 66 став 1 точка 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубомир Поповски поднесе амандмани на член 3 став 2 и 3 и член 7 став 3 член 10 став 2, член 12 став 1 точка 5, член 18 став 1, член 20 став 2, член 24 став 2, член 47 став 3 точка 3, член 55 став 2 и 3, член 60 став 1 и член 61 став 2, член 65 став 1 и член 69 став 1 на член 8 став 1 на член 10 за додавање нов став по ставот 2 на член 15 за додавање нов став 4 по ставот 3 и на член 43 за додавање нов став по ставот 4 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Хасипи поднесе амандман на член 5 за менување на став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски, Зоран Шапуриќ поднесоа амандмани на член 17 став 1, член 20 за бришење на став 2, член 39 за бришење на став 3, член 55 став 4, член 55 став 5, член 21 став 1, член 24 став 2, член 39 став 1, член 39 став 2 и за бришење на член 65 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски и Зоран Шапуриќ поднесоа амандман на член 31 за додавање нов став 5 по ставот 4 и на членот 51 за додавање нов став 5 по ставот 4 и на ставовите 5 и 6 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 9 став 1, на член 10 став 1, член 3 став 2 и на член 58 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

XX/4-.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 55 за бришење на ставовите 2,3,4 и 5 и за додавање на три нови ставови по став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 поднесен . од пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Симон Наумовски, Петар Талимџиоски и Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

ЗПК поднесе амандмани на став 3 на овој член бидејќи Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 3 за бришење на став 3 кој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Нема да водиме претрес по делот на амандманот што се однесува на став 3.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

XX/5.--

Кој е за, молам да крене рака? (четворица пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен до ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за замена на ставовите 2 и 3 со нов став 2 поднесен од пратениците Стојан Андов Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија ПОПОВСКЈ Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Симон Наумовски; Петар Талимџиоски и Санде Давче

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова е опфатен во владин амандман и не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за замена на ставовите 2 и 3 со нов став 2,

Отворам претрес по амандманот на членовите 3 став 2 и 3 , член 7 став 3, членот 10 став 2, член 12 став 1 точка 5, член 18 став 1, член 20 став 2, член 24 став 2, член 47 став 3, точка 3, член 55 став 2 и 3 и член 60 став 1, 61 став 2, 65 став 1 и член 69 став 1, поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа/

XX/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од Комисијата за политички систем.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 поднесен од Комисијата за политички систем.

XX/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 и за бришење на став 3 поднесен од пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ Владимир Соколовски, Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановск Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Симон Наумовски, Петар Талимџиоски и Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 за бришење на став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на 4 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Има владин амандман не се прифаќа овој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (двајца пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за менување на член 4 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 4 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Иако имам лична наклоност сепак имам информација дека би бил проблематично од правно гледна точка не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Хасипи има збор.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Јас имам разбирање дека трпението ни е при крај меѓутоа ќе се воздржиме уште малце имено ако добро се проанализира членот ќе се види дека во него има две категории едната е исклучено со правото да

XX/9.-

се биде избраин што важи за припадници на вооружени сили и вооружениот дел од Министерството за внатрешни работи и нивни службеници и друга категорија е категоријата неспоивост на функцијата. Со тоа што оваа категорија има две можни варијанти мојот амандман е токму во прилог на ова неспоивост на функција. Едната варијанта е како што стои во овој член со денот на верификацијата на мандатот на член на Совет и на градоначалник на носителите на функцијата, функцијата им престанува. Другата варијанта што по мое разбирање на демократијата е подемократична варијанта е тоа што од денот на истакнувањето на кандидационата листа кандидатот што се кандидирал поднесува оставка на својата функција. Ако се анализира добро амандманот ќе се види дека тој дел на амандманот важи само за одредена категорија на носители на функции кои што се таксативно назначени во став 1 од член 5. Сигурно дека во пракса тоа не би било спроводливо за претседател на Република, претседател на Собрание итн. да не ги набројувам туку ќе важи за оној дел каде што се пратеници и работници од стручни и управни органи во единиците на во органите на државната управа. Се сведува дефакто теоретски важи за сите функции, меѓутоа во пракса ќе се однесува само за пратеници и овие кои што се вработени во органите на државна управа, со тоа што со поднесување на оставка се презема еден ризик дали ќе се биде избран, второ не се влегува во предизборна кампања од позиција на функција која што пасивно ќе влијае дефакто во пракса на гласањето односно на избирачкото тело. Те према тоа сметам дека амандманот држи, сметам дека доколку биде поддржан од пратениците ќе има широк одек меѓу членството, посебно во ситуации кога би требало да имаме заложби да не се акумулираат одредени функции. Те према тоа без обѕир дека министерот рече дека има наклоност тоа да го преточиме и во пракса.

Благодарам на вниманието.

XX/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Заморени сме и да не должам многу во членот 65 став 2 каде кажува пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието и е уредено со Уставот и во членот 62 кај што кажува дека пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување наметнувањето на таква одредба е директно кршење на Уставот на Република Македонија. Од тие причини сметаме дека нема уставна подлога да имаме такво решение во законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Г-дин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Се разбира дека пратеникот таа можност може да ја искори и на седница на Собранието. Те према тоа оставката може и званично да ја поднесе на седницата на Собранието. Само ќе ви кажам еден практичен пример дека има и финансиска добивка од тоа, ќе ми дозволи претседателот само две реченици, воколку уставно земено пратениците се кандидираат за градоначалници, и воколку условно земено го добијат градоначалничкото место

**ЌЕНАН ХАСИПИ:** (Продолжение)

Бидете сигурни дека ќе бидеме во ситуација да го прифатат градоначалничкото место па да влеземе во нови парламентарни избори за нови пратеници, кок ќе ни први нови додатни финансиски трошоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член за менување на став 4 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1, поднесен од пратениците Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Петар Талимџиоски, Симон Наумоски и Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Има Владин амандман, не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

XXI/2

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 поднесен од пратеникот Љубомир Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе?

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 и за додавање нов став 3 поднесен од пратениците:

Стојан Андов, Аце Коцевски, Љупчо Мешков, Владимир Станковски, Димитрија Поповски, Зоран Шапуриќ, Владимир Соколовски, Кире Видимче, Звонко Каров, Николина Трајановска, Илија Каров, Тодосија Паунов, Славчо Чапов, Слободан Даневски, Петар Талимциоски, Симон Наумоски и Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-дин Поповски

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 2 и за додавање на нов став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

